СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 15 февруари 1992 година

Скопје, февруари 1992 година

# ДИСКУТАНТИ НА ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 33-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.02.1992 ГОДИНА

1. АНДОВ СТОЈАН - 166
2. АЛИУ ЕШРЕВ - 31
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО -53
4. АЛИУ ХАМИТ - 93
5. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 110
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 63
7. ГЛИГОРОВ КИРО - 140
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 13
9. ДАВЧЕВ САНДЕ - 74
10. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 97
11. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 27
12. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 138
13. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 57
14. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 98,103
15. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 116,121
16. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 29
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 45
19. МИНОВ ПАНЧЕ - 135
20. НАУМОВ СЛАВЕ - 50
21. НАСЕВ ПАНЧЕ - 135
22. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 128
23. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 125
24. ПЕТРОВ ТОДОР - 4
25. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 71
26. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 79,81
27. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 93
28. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 75
29. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 107
30. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 17
31. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 33,105

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 15 февруари 1992 година

Седницата продолжи со работа во 10,30 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господинот Џеладин Мурати.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници јас незнам што можам да кажам повеќе од вчерашната елаборација за проблемот на меѓународната активност на Македонија од мошне експлицитното експозе на министерот за односи со странство и уште поексплицитното изнесување на материјалот од кои се прави мошне пластична анализа на сите активности кои се превземени во овој период на дејствување на планот на меѓународното признавање на Република Македонија. Сепак одлучив нешто да кажам јас.

Понудениот материјал за меѓународната активност на Република Македонија претставува една солидна синтеза на ангажманот во овој правец на сите субјекти на Републиката и истиот има и форма и содр-жина, реално на објективните услови во кои се џаоѓаме во историските координати и демензионираното време полно со неизвесности, плими и осеки. Нашата цел е меѓународната политика н Македонија да се инструментализира, да биде коегзистентна, таа да се доизградува и унапредува во смисла на демократска комуникација на народите, луѓето и граѓаните.

Меѓународната активност на Македонија ја гледам во една перспектива, таа ја опсервирам како демократска политика кон миролјубиво однесување со соседите на надворешен план и рамноправна политика со единствени политички стандарди без лимити на права. Меѓународната активност на Македонија ја гледам, исто така, пред се, во балканот, еден отворен, демократски балкан, кој сака да се европизира и интегрира во Европската заедница, во обединета Европа, во Европа без граници. Во оваа насока меѓународната активност треба да се води екстерно Македонија и другите и интерно Македонија внатре. Внатрешната демократија детерминира билатерални и мулте-латерални односи. Впрочем, внатрешната демократизација на односите априори овозможува отворање нови хоризонти спрема сите граѓани на Македонија и посебно сакам да истакнам спрема националностите кои живеат во неа. Мене ме радува фактот што министерот за односи со странство во експозето констатира дека во Македонија правата на националностите се решени релативно задоволувачки. Значи, средно-школска оценке тројка. Ова дава надеж дека овие права треба да се разгледуваат, прошируваат и соодветно елаборираат на повисок степен, односно до степен на одличност. Имаме можности, сили, тој степен да го постигнеме. И само тогаш ќе можеме да бидеме послободни. Тогаш и само тогаш Македонија ќе биде политички компетентна држава во која нема да има колизија на правата и политчката.

Лојалноста на националностите спрема државата зависи од правилната внатрешна и надворешна водена политика. Значи и државата да биде лојална спрема правата на националносѓите. Тука се стекнува и кредибилитетот на државата надвор во светот.

Со ова сакам да истакнам дека водењето на активката надворешна политика е детерминирана од степенот на демократизацијата во односите внатре во Македонија. Тука треба јасно да се прави разлика меѓу емоциите и патриотизмот.

Да се разграничи јасно што е партиска политика и што е државна политика. Македонија мора да ги афирмира демократските вредности и демократските принципи, конкретни фактички спрема националностите. Тоа значи таа да биде фактор на рамноправност, на мирот, на дијалогот, но сето тоа не оди по автоматизам, туку треба желба, интерес, доверба и непосредна ангажираност на сите субјекти таа да се остварува.

Мора да се вложат максимални заеднички напори во остварувањето на внатрешната и надворешната политика, да се партиципира и инвестира политички капитал. Во Македонија треба да постои историска храброст, без нацинални фрустрации, да се пристапи кон активна и рамноправна политика во интегрирањето на националностите во сите сфери и сегменти на општествениот и политичкиот живот.

Во овој контекст, како константа на сите неизвесности е праведноста. Впрочем не е тешко да бидеш добар, тешко е да бидеш праведен. Процесот на политичката еманципација на Албанците и на градењето на самостојноста и сувереноста на Македонија се две суштински работи. Рамноправноста и интеграцијата на Албанците и другите националности во институциите на системот, каде се води меѓународната политика, во дипломатско-конзуларните претставништва, културни и стопански центри, во Министерството за односи со странство, е нужност. Сега ги нема, работата е оправдана. Ако нема такви кадри, мора да ги создаваме, да ги подготвиме, да имаме и амбасадори и конзули, и министри, заменици на министри, тоа што е потребно и на

ова Министерство кое е задолжено да води политика. Отварањето на Македонија кон светот е нужно и толку тоа  да го партиципираат рамноправни Албанците, толку нема сомневање во исправноста на меѓународ-ната политика. Мора тука да се победи и македонсиот егоцентризам и инкорпорацијата на Албанците. Со таквите задачи ќе значи за нив нов квалитет дека не се политички елемент во сопствената држава. И да заклучам природна предност е што Македонија мултинационална заедница и заради тоа меѓународната политика треба да ги има сите обележја на многунационалност, зашто само така може да се претстави Македонија во односите со другите, тоа е природно и современо богатство и второ, постојат широки можности за демократизација на меѓународната политика и за офанзивен настап на Републиката за оваа насока под услов оваа политика плурално да се води, традиционално застапени и албанци и турци и други, со сите нејзини сегменти, со сите нејзини активности, само тогаш сметам и меѓуна-родната активност на Македонија за признавање и осамостојување ќе има свој кредибилитет, ќе има свој успех и ефективност во нејзиното водење.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Републичкиот парламент на својата седница од 19 декември минатата година,ја донесе Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија за суверена и независна држава. Огромна е одговорноста на овој парламент, во поглед на вкупната активност на сите органи во Републиката и надлежни институции во поглед на меѓународно признавање на Република Македонија. Меѓутоа, иако се евидентни позитивностите постигнати од активноста на политичките

претставници и функционери од Републиката, сепак заслужува соод-ветна критика прашањето што иако во оваа декларација за меѓународно признавање на Република Македонија, како суверена и независна држава, Република Македонија го прифати нацртот на документот на Конференцијата за Југославија во Хаг, пратениците официјално до ден денес превод од овој текст на Нацрт-документот воопшто не добија, освен од средствата за јавно информирање.

Можеби критиката се однесува на тоа што Парламентот перма-ментно не беше запознаван, мислејќи на сите пратеници во овој Парламент, за текот на преговорите и резултатите од нив на Конференцијата во Хаг, за Југославија, под покровителство на Европската заедница. Седно кој што мисли за Југославија, дефинитивно сметам дека треба истата да се отпише, без жалење, горчина и заемно обвинување, иако изминатите 70 години се дел од историјата, исполнети со разновидни искуства и разни содржини што не можат да се поништат. Пријателствата и соработката на сите субјекти, стопански и нестопански, ќе продолжат и понатаму, колку да е голема горчината и јадот, што оддделни политички гарнитури ќе сакаат тие граници да ги продлабочуваат, за да го одржат сопственото постоење, бидејќи не успеале во сопствените идеи и филозофии за создавање на големи држави, каде што би господареле неограничено и апсолутистички. Заедничката држава ни се сруши и го бпслужи својот век. Овие народи кои живееа на овие некогашни југословенски простори повторно ќе се сретнат кога ќе почнат да гледат, не само пред себе туку и околу себе. Таа средба на сите ќе ни биде попри-јатна колку што побрзо ќе се заборави оваа идила Југославија. Од неа и онака не би имало корист,ако се земе предвид дека никој не ќе може

да ја одбегне судбината на Европа бидејќи и историски и географски и геостратешки сме дел од таа Европа. Ако пак пропадне тоа, Европа ќе ја подели судбината со нас самите, зашто повторно ќе бидеме ако ништо друго, барем авангардни во почетокот на нова Светска војна.

Распаѓањето на Југославија, несомнено е значаен светски настан. Треба да се очекува дека значително, со големо внимание ќе анализираат, лабораториски ќе не испитуваат за сите причини и последици и можеби ќе побарат за спас на Југославија, за да на крајот дека во распаѓањето на оваа Југославија, сепак имало нешто посзитивно а тоа е самобитноста, сувереноста, самостојноста и независноста на секоја од бившите југословенски републики, како суверени,самостојни и независни држави и како единствени и рамноправни, рамноправни наследници на СФРЈ која веќе дефинитивно не постои.

Цивилизациските стандарди за постоење на една држава, не ги задоволија ниту кралот Александар ниту Маршалот Тито. Република Македонија во последните неколку месеци, а со голем интензитет деновиве, го доживува најголемиот грабеж и понижување во својата историја, која го врши ЈНА, за жал сега само српска армија, под команда на актуелното српско раководство од досегашната братска Србија. Конечно паднаа сите маски, заблуди и демагогии за довчерашната идила СФРЈ.

Македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија увидоа дека СФРЈ 45 години од своето постоење, беше само замена за големосрпската теза, сите срби во една држава и гарант за непокренување на македонското прашање, за непокренување на прашањето, за неправдите сторени врз македонскиот народ, со поделбата на етничките територии

во Бугарија, Грција, Србија и Албакија, со посредување на голе-мите сили и на европските земји, кои таа историска неправда треба да ја отстранат со меѓународното признавање на Републиката. Иако актуелното политичко српско раководство ги блокира економските текови со Македонија, го оневозможува транзитниот транспорт на македонските камиони преку нејзината територија, ги шиканира македонските граѓани во сопствените средства за јавно информирање, ги раководи воените операции за најбезобзирниот грабеж на воена, медицинска и друга опрема и техника од Република Македонија и го уништува имотот на Армијата, Македонија со ништо не ги навреди правата на србите во Македонија, гарантирајќи им ги на сите граѓанските права и националните чувства.

Затоа .можеби и радува фактот што конечно после 45 години треба да заврши српската воена окупација на Македонија.

Постоењето на Југославија како гарант за непокренувањето .^а .македонското прашање е веќе минато свршено време и македонецот конечно е исправен пред својата судбина и иднина, соочен со предизвиците од минатото со сето време на своето постоење. Претстои период кога треба да се надминат делбите и поделбите, отуѓувањата и однародувањата, селидбите и раселувањата, кои сите заедно треба да станат фактор на обединувањето, далечините да станат мостови на зближувањето.

ТОДОР ПЕТРОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Речисти сите балкански војни, сите војни на овие балкански простори се воделе за Македонија и околу Македонија. Затоа, далтонистички звучат сите оние државни раководства и меѓународни фактори кои мислат дека Македонија треба повторно да се подели, да се заобиколи, да се уништи, да и се промени името и т.н., ако не сакаат Балканот повторно како буре со барут да го запали светот и Европа. Македонија затоа мора да стане фактор на стабилноста на Балканот и симбол на обединувањето на Европа ако сакаат сите вечен мир, соработка и пријателство на овие балкански простори. А, Македонија го надрасна сето тоа слепило и лудило, подаде рака на мир, соработка, пријателство и ненапаѓање со сите на Балканот за да покаже дека јаболкото на раздорот ќе ги обедини сите, а искривувањата на историјата треба навистина да станат дел од оваа балканска историја.

Македонската нација е горда што живее на овие балкански простори и што дел од својата етничка територија го конституира во суверена, самостојна и независна Република Македонија.

Затоа, меѓународното признавање на Македонија е прашање на времето колку и да е тоа болно и погубно за одделни дневнополитички потреби на одредени политички гарнитури. Оние, во соседството, кои својата историја, култура и постоење ги граделе врз историјата, културата и постоењето на други, односно на Македонија, на македонската историја и култура и постоење, тешко дека ќе се откажат од сопствените предрасуди за признавање на Македонија, бидејќи ќе треба да се откажат од својата, од она што го прикажуваа како своја историја, култура и самобитност. Ние таков комплекс веќе немаме. Меѓутоа и за сите соседни земји важи правилото што

побрзо да се откажат од своите фрустрации и меѓународно да ја признаат Републиката.

Во врска со ситуацијата во Грција, би сакал да го кажам следното, ако истата го отвори националното прашање и прашањето на меѓунационалните односи кај себеси и ги признае Македонците, ќе треба да ги признае и другите националности што живеат во Грција - Турци, Власи, Албанци и фактички треба да признае дека Грците како етност во Грција живеат само во и околу Атина. Тогаш не ќе биде потребно Македонија да го менува своето име...

СТОЈАН АНДОВ:

Можеби е најдобро овде, во нашите дебати да се занимаваме повеќе со себе отколку со другите, ако може. Инаку, ќе даваме докази за сопствените фрустрации.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Не, ние ги кажуваме сопствените согледувања и вистини.

Тогаш не ќе биде потребно Македонија да го менува своето име, што крајно безобразно Грција го наметнува во Европската заедница во врска со меѓународното признавање на Македонија туку ќе се постави прашањето дали Грција не ќе треба да го промени своето име.

СТОЈАН АНДОВ:

Силни услуги можеме да им направиме на грчките шовинисти со такви изјави овде, во овој Парламент.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Грчката политика вчера, си ги лечеше своите национал-шовинистички фрустрации на митингот во Солун. И, ако во нешто се

во право, тоа е во констатацијата дека Солун навистина е центар на Македонија, а за фалсификувањето на историјата треба да се запрашаат и преиспитаат. Што порано, тоа помалку болно.

Ако впрочем европските критериуми за признавање на нови држави Европа ги примени врз Грција, тогаш прашање е дали Грција треба да се признае како држава. Затоа е сосема правилно барањето на италијанскиот парламентарец Фламинио Пиколини за преиспитување на членството на Грција во Европската заедница и КЕБС во која воопшто не се почитуваат граѓанските, малцинските и човековите права.

И, она што е најважно, Македонија ниту имала, ниту има територијални претензии спрема соседните земји, Грција, Албанија, Бугарија и Србија, затоа што територијални претензии може да има само некој према тугото а не према своето.

Најголем проблем за раздружувањето на СФРЈ моментално претставува прашањето за правното наследство и делбениот биланс на државниот имот на федерацијата.

Факт е дека со повлекувањето на претставниците од сојузните органи ед Република Словенија, Република Македонија, Република Црна Гора и Република Босна и Херцеговина, во сојузните органи останаа само претставниците на Република Србија и Република Црна Гора и српските кадри од Босна и Хергцеговина, кои вршат злоупотреба на името, имотот и правата на досегашната СФРЈ во меѓународнит односи и право за претставување вамо на интересите на Република Србијг пред се заради тоа што и.седиштатата на сите сојузни органи и институг се наоѓаа во Белград, а вработените лица се претежно државјани на Република Србија.

Македонија, со ништо не придонесе за оваа војна која сега се води во Југославија. Затоа, мора да се постави прашањето за воените репарации и обештетувања која таа армија и Србија, ги присвојуваа од оваа Југославија. Ќе мора да ги платат ако не доброволно, тогаш со посредство на меѓународна арбитража.

Исто така, Македонија мора да стави јасно до знаење дек. продолжувањето на Конференцијата за Југославија го гледа само како Конференција на шест рамноправни суверени самостојни и независни држави со право да извршат распределба на делебениот биланс и правнотс наследство на Југославија. Македонија не признава ниту пак дозволува Србија да стане правен налседник на довчерашнага СФРЈ, бидејќи ниту тааа СФРЈ.била составена само сед Република Србија, ниту тоа право неј зе и следи.

Од тие причини предлагам Собранието да ја задолжи Вла дата веднаш еднострано и безусловно да донесе поединечни одлуки за признавање на сите останати пет републики во бивша Југослави- ја, Република Босна и Херцеговина, Република Словенија, Србија, Црна Гора, Република Хрватска за суверени, самостојни и независни држави и меѓународно правни субјекти и за тоа да ги извести нивните влади и собранија.Сметам дека ваквиот потег на Владата на Република Македонија ќе влијае морално врз оние сили и во Црна Гора кои на претстојниот референдум треба да се изјаснат за суверена, самостојна и независна Република Црна Гора.

– До владите и сорбанијата на "Република Босна и Херцеговина, Република Словенија, Република Србија, Република Црна Гора и Република Хрватска да досггави барање за признавање на Републик; Македонија како суверена, самостојна и независна држава и меѓународно-правен субјект;

– да достави протоколи за воспоставување дипломатски односи и барања за поведување постапка за склучување билатерални спогодби и договори за мир, соработка, пријателство и ненапаѓање и за регулирање на меѓусебните односи во сите области од заеднички интереси со Република Босна и Херцеговина, Република Словенија, Република Србија, Република Црна Гора и Република Хрватска и за тоа да ги извести нивните влади и собранија;

—да ги извести владите на земјите членки на ООН, ЕЗ, КЕБС и сите останати меѓународни асоцијации во кои членувала СФРЈ да прогласат мораториум и го блокираат целиот имот и права на бивша СФРЈ до постигнувањето договор за правното наследство на имотот, архивата и правата на бившата СФРЈ со посредство на меѓународна арбитража и да констатираат дека СФРЈ како меѓународно-правен .Субјект повеќе не постои и дека со тоа згаснува автоматски нејзиното членство во сите досегашни меѓународни асоцијации коешто го преземаат републиките на бившата СФРЈ како суверени, самостојни и независни држави и рамноправни и единствени правни наследници на бивша СФРЈ;

На затворената седница на овој Парламент имавме предлог сега веќе на министерот во оставка, премиерот во некогашната Сојузна влада, со одлука на Владата да побара од меѓународните асоцијации и влади на членките на ОН да го блокираат имотот на Федерацијата заради грабежот што го врши Република Србија и Црна Гора. Меѓутоа, таква одлука не уследи и затоа сметам дека Влада-та и овој Парламент треба тоа што поскоро да го направи.

—да достави барање за признавање на Република , Македонија, протоколи за воспоставување дипломатски односи и барање односно предлози за поведување постапка за склучување билатерални спогодби и доровори за мир, соработка, пријателство и ненапаѓање и за регулирање на меѓусебните односи во сите области од заеднички интерес со соседните земји Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција и Република Србија, независно како н дали ќе постапи по нив;

- да се обрати до сите меѓународни и други мултилатерални асоцијации во кои членувала бивша СФРЈ од нејзиното конституирање и до нив да достави барање за прием и членство на Република Македонија;

- да ги извести ООН, ЕЗ, КЕБС и сите останати меѓународни асоцијации да констатираат дека СФРЈ како меѓународно-правен субјект повеќе не постои и дека со тоа веднаш и автоматски згаснува нејзиното членство во нив, коешто го преземаат републиките на бившата СФРЈ како суверени, самостојни и независни држави и рамноправни и единствени правни наследници на бивша СФРЈ;

- да достави барање за признава'ње наРепублика Македонија како суверена, самостојна и независна држава и меѓународно-правен субјект до владите на сите земји членки на ООН, ЕЗ и КЕБС и редовно да ги заггознава европските и светски институции за дискриминаторската политика што ја води соседна Грција на македонско-грчката граница.

Во рамките на меѓународното признавање на Републиката предлагам исто така веднаш Парламентот да ја задолжи Владата безусловно и еднострано да донесе поединечни одлуки за признавање на сите бивши советски републики како суверени и самостојни независни држави и меѓународно-правни субјекти и за тоа да ги извести нивните влади и парламенти.

—до владите и парламентите на сите бивши советски републики да достави барања за признавање на Република Македонија за суверена, самостојна и независна држава и меѓународно-правен субјект;

- да достави протоколи за воспоставување дипломатски односи и барања за поведување постапка за склучување билатерални спогодби и договори за регулирање на меѓусебните односи во сите област од заеднички интерес со сите бивши советски републики и за тоа да ги извести нивните влади.

И на крајот, сакам да додадам за однесувашето на одделни субјекти во Републиката по однос на референдумското прашаше што беше поставено на референдумот од 8 септември.

Навистина, Република Македонија, во вториот дел од прашањето устави односно даде можност - "со право да стапи во сојуз на суверените држави на Југославија". Меѓутоа, тоа не претставува никаква обврска, туку само право. А, она "суверените" е членувано што значи однесувањето и одлуката на овој Парламент беа дека Република Македонија може да стапи во сојуз на суверените држави на Југославија во која ќе членуваат сите шест досегашни републики. Со оглед на тоа што одделни републики веќе меѓународно се признати од повеќе фактори, сметам дека тоа прашање од референдумот конечно е исцрпено.

Благодарам на вниманието.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Владимир Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Точката по која дискутираме е дефинирана како меѓуна-родна активност на Република Македонија. Ова го нагласувам заради тоа што и јас самиот не бев на чисто во сите досегашни дискусии што требаше да биде акцентот. Дали процесот на признавањето или една нормална функција на една држава во комуникација со другите.

Ова второто ми изгледа поприродно и затоа ќе се задр-жам на оценката така како што од официјалните македонски институ-ции беше воспоставена основа за расправа. Мислам дека тоа воедно и како стил подобро може да ја потенцира сувереноста на природен

начин на Република Македонија кога зборуваме за наши нормални фукkции државнички, а другите ќе ја оценуваат во контекст на тоа колку сме зрели како држава и заради самиот процес на признавањето.

Ако тргнеме од резултатите на самиот процес, тогаш навистина не гледам причини за негативни оценки на меѓународните активности на Република Македонија. Ние, фактички, имаме и од тој аспект обезбедено таква позиција што е прашање на време еден природен и праведен завршеток на тој процес. Но, и самиот да не западнам да зборувам само за процесот на признавањето, сакам да дадам свој став околу извештајот на министерот за односи со странство.

Сметам дека во тој извештај, во материјалот што беше доставен посебно, може да се согледа дека Република Македонија навистина за релативно краток период имаше богата дипломатска активност и по бројот на остварени контакти и по содржината која што може да се насети или е јасно промовирана во текстовите, а исто така објективно може даземеме дека и нивото на кое што тие контакти се остварени со партнерите - домаќини на таквите посети, исто така задоволува, согласно моменталната позиција на Република Македонија.

Понатаму, некои од потезите што ги направи Република Македонија, претставувани од нејзините врвни политичари, навистина издвоено од процесот на меѓународното признаваше мора да се оценат како висок дострел на македонската дипломатија и тоа се меѓународно респектирани потези. Тука, секако ја имам предвид посетата на претседателот на Републиката на САД и Канада. Сето тоа придонесе за афирмација во светските простори на Република Македонија.

Ќе изнесам сега некои размислувања и ставови, пред се тоа се партиски ставови на ВМРО-Демократска партија, во контекст на процесот на меѓународното признавање.

Како Партија дадовме поддршка, но имаме и критичка дистанца во овој процес и оценување на тоа како македонската политика ги одвиваше своите активности, Особено дадовме поддршка во првата фаза кога сметавме дека мора разумот да победи, да не испровоцираме ситуација и да ги повториме грешките на другите во Југославија. Потоа, имавме еден критички осврт на редоследот на активностите и на времето, временскиот распоред, но во ситуација кога до крај не ги знаеме сите фактори што биле во игра во тоа време, прашањето на една временска дистанца и анализа за квалитетно да се оцени тој период.

Ова го потенцирам со желба да покажам дека и ВМРО-Демократска партија имаше свој дел во водење на оваа меѓународна активност и во самиот процес на признавање на Република Македонија. При тоа максимално се залагавме да задржиме своја независна политичка позиција во градењето на таквите ставови.

Факт е дека Македонија е веќе суверена и независна. Прашањето за формалното заокружување е можеби прашање на денови, како што имаме информации. Но, она на што сакам да предупредам во името на ВМРО Демократска партија, тоа е што по заеднички изминатиот пат, до тој крстопат што го симболизира тој статус на Македонија. Се надевам дека потоа нема да дојде до трагично недоразбирање на Македонците. Тоа е. она на што сакам да обрнам внимание.

Ние, како Партија се залагаме тој меѓународно стекнат и признат субјективитет да остане како трајна определба. Ние сме против било каква политичка и територијална асоцијација, освен

согледување на економски интереси и асоцијација од економски тип, слично на моделот на Европската заедница.

Исто така сметаме дека е доста суптилно прашањето на односите на политичките субјекти во Македонија, на политичките партии во однос на официјалната македонска политика во процесот што следува, а во кој што е можно непредвидливо да излезат ситуации на криза. Тоа значи да не се врши притисок да се менува стилот на македонската надворешна политика, заради тоа што веќе кога Европа и тој редослед на потези и таа форма на комуникација успеа да ја прифати и да ги убедиме дека е тоа нашиот приод кон тој процес, би ја довеле во ситуација да биде збунета и да се јавуваат додатни компликации доколку сега менуваме нешто во тој начин на комуникација. Особено би ги збуниле, пред се пријателите кои се залагаат и помагаат во тој процес на признавање. Заради тоа сметам дека конечно на ова прашање треба да се оствари, за прв пат, ако не за друго до сега што пропуштивме, едно национално единство и да покажеме државно достоинство и да ги охрабриме тие процеси на сите оние што сметаат дека Република Македонија може да оствари независност во права смисла, независна позиција што нема да ги оптоварува односите ниту со соседите во овој регион ниту пошироко во европски и светски размери.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (продолжение)

На крајот да кажам, она што можеби донесува фрустрации, можеби грубо тоа го кажав, но оние дилеми околу предимство, околу авторизација дека за ова прашање навистина не треба да бидеме оптоварени бидејќи заслугата за овој процес е заслуга на сите македонци подеднакво и пошироко и на оние граѓани од немакедонско потекло кои што се лојални на република Македонија. Да оставиме на историјата таа добро ке ги расчлени и ке ги издефинира заслугите и на поединците и на политичките партии, но тоа никогаш нема да значи дека некој од нив ке биде исклучен од тој процес. Едноставно ние сме дел од тој процес.

Јас би апелирал во понатамошниот дел, исто така на оваа говорница еден афирмативен став да преовладува кој што ке оди во прилог на остварување на тој единствен прилог на сите политички партии, на остварување на тоа национално единство.

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:

За мене Република Македонија веќе е самостојна и независна држава и меѓународно признаена. Тао е фактичката сосотјба. А тоа што владите на некои држави актите за признавање на Македонија сеуште јавно не ги обнародиле не е вониакква врска со ажурноста или не ажурноста на промоторите на нашата надворешна политика. Треба да имаме целосно разбирање за обидите што тие влади ги имаат спрема своите традиционални пријатели, или политичкоекономски партнери кои се обидуваат по секоја цена да се попречи обнародувањето на евентуално заедничкиот акт за признавање на Република Македонија од Европската заедница, зошто шамарот што им се удира и на овој начин може да биде претежок и да ги симне дури и од политичката сцена.

не помало влијание на з абавувашетс на процесот на признавањето на Република Македонија има и проектот за редефинирањето на стратешките цели и интересите на големите држави, а пред се на САД по распраѓањето на Советскиот Сојузи Југославија и по промени кои уследија во сите источно-европски земји.

Меѓутоа, што се однесува до нас, тој процес може да се смета за завршен. Тоа не значи дека активностите на надворешен план не треба да продолжат да се интензивираат уште повеќе  и да се збогатат со нови содржини што ги бара новата меѓународна позиција на Репбулика Македонија. Притоа, не треба да заборавиме дека тие активности посебно треба да бидат насочени, пред се, кон соседите и сите балкански држави каде потребите од нив се најголеми и каде што, со оглед на недоразбирањата од минатото не очекуваат и најсложени проблеми.

Радосен сум  и се гордеам што сум современик на генерациите што ја имаат таа среќа во нивно време да се исполнат вековните идеали на македонскиот народ и соништата на илјадници патриоти што ги дадоа своите животи за овие идеали.

Дури со меѓународното признавање на Република Македонија, со обезбедувањето на вековитоста на Македпонската држава нивните жртви престануваат да бидат залудни.

Денес може и треба да му се радуваме на тоа заедничко дело, Зошто се исправени барем дел од вековните исотриски неправди спрема македонскиот народ. Меѓутоа таа радост е поматена од повеќе причини. Можеби најмногу и пред се затоа што уште од прввиот ден на самостојната македонска држава, на нејзините граѓани не можеме дда им понудиме економски услови за достоинствен живот и задоволу-вање макар и на нивните минимални егзистенционални потреби.

Долгогодишната неификасност  на политичкиот, а пред се на економскиот систем  кои што го напуштивме, наглото рушење  и распад на сите негови институции, разните влијание однадвор и блокади, нашата и туѓите инфалции и друго, си го направија своето. Оттука и се наметнува потребата за мобилизација на сите сили и потенцијали и нивното целосно пренасочување кон економските проблеми запирањето на разорните процеси во стопанството и создавањето на предуслови за пресвртница за нов економски и сеопшт подем. За тоа се поставува прашањето каде е во овој момент смислата и потребата од нападот врз нашата надворешна и внатрешна политика зошто првата се темели на втората и зошто одат заедно.Во ваквите услови тие напади само на прв поглед се чинат  нејасни и депласирани, независно од тоа од која страна доаѓаат, зошто внатрешната и надворешната политика на Република Македонија деновиве добива целосна афирмација и потврда со највисоки оценки во сите стручни и политички кругови во Европа и во светот.

Никогаш повеќе и никогаш по афирмативно не се зборувало за Македонија на сите светски меридијани. Затоа несвесно придонесуваат катадневно и сите оние што ја превпознаваат цврстината и благотворноста на таа политика и плодовите што резултираат од неа. Меѓутоа, заслугите за тоа  за сигурно треба да им припаѓаат на сите граѓани на Репбулика Македонија.

Колку се во таа смисла антиисотирски, депласирани, па дури и невкусни повиците на лидерите кои што се претставуваат како единствени легитимни претставници на дел од граѓајните што и припаѓаат на албанската анродност за непризнавањето на Македонија, ке покаже времето. Нема пример  во историјата граѓанин што живее во една држава, што јаде леб од девет кори во неа, што се развива

културно и кационално, практично со подеднакви чекори со сите граѓани на таа држава да биде насочен на спротивен и спореден колосек од неа. Колку добро му носат тие што го водат по ваквите трампатици ке се покаже насокоро. Не можно е во услови на парламентарна демократија и повеќепартиски систем основните постулати, а уште повеќе практичната реализација на поедините елементи на внатрешната и надворешанта политика, независно од тоа што се утврдени од повеќепартискиот парламент, некогаш и едногласно да не се преиспитуваат и да не се прикупуваат. Таквиот пристап дури е и потребен и иманентен на времето, меѓутоа само ако е продуктивен, добронамерен и тн.

Во некои критики искажани во јавноста и од оваа говорница има голема доза на добронамерност и искрена желба за поуспешен резултат, во смисла на тоа дека секогаш треба да се направи и да се постигне повеќе. Меѓутоа, во некои настапи како воопшто да не се зборува за тоа дали сме постигнале повеќе или помалку, дали сме направиле погрешни чекори или грешки во чекорите, туку, всушност се напаѓаат основите на нашата внатрешна и надворешна политика и нејзините крајни промотори Малевски и Глигоров. Се зборува за крадење на идеи и определби, за туѓи пред се српски влијанија, иако во Македонија може да се зборува само за српски и бугарски влијанија, меѓутоа последните не се споменуваат.

Се тргнува од уверувањето дека најголемите достигнувања на еден народ, како што се будењето на националната свест,национално ослободителните движења, културните постигнувањеа, стекнувањето на државноста и друго се дело на една група на луѓе, на една партија или уште повеќе на поединци.

Жална ке беше Македонија ако овие достигања, определби и заложби за прв пат биле промовирани во 1990 година кога се формираа некои партии кои јавно претендираа на авторството на тие идеи

и определби. Ниту е определбата за самостојна Македонија со стариот термин, автономна Македонија, стара само две години, ниту се основите на политиката што ја избори самостојна и независна Македонија од вчера. Тие се постари од сите нас па и од напаѓаниот Глигоров, постари се дури од Гоце и од Даме и постоење и пред Берлинскиот конгрес односно Договор каде што се санкционирани со неговиот член 23. Меѓутоа, тие што ја нарамија пушката за остварувањето на тие идеали уште од самиот почеток пред рамно сто години занаеја дека нејзиното остварување може да биде дело само на целиот македонски народ и припадниците на националностите кои живеат во него и затоа се бореа до крај. За самобитност и изворност, за општо народно востание и останаа доследни на самобитноста на движењето на неговата изворност и чистина. Се бореа против сите проправителства и ставаше под капата на политиката на еден или на друг балкански двор, согореа во тие орпределби, разјадувани од внатре и од надвор и из гинаа со неостварениост идеал. Од тој период, од 100 години навака во Македонија било тешко да се биде и Турчин, и Албанец и Ром, и Влав, итн., меѓутоа секако најтешко било да се биде Македонец. Сите што ке ја прифатеја политиката на еден двор, останатите што не беа со нив ги наредуваа под капата на друг двор. И така врховизните во Македонија се хранеа со децении еден со друг, како да помеѓу нив не постоеше македонизмот, и македонската определба. Како цело време да ја слушавме песната со грчки мелос која и денес се слуша, нема Македонија, нема Македонци.

Основоположниците на денешната надворешна политика на Македонија се Гоце и Даме, Ѓорче и Јане и сите нивни истомисленици и современици, и нивните знамиња и само нив македонскот народ ги вее и денес. Тие ни покажаа која политика може да има како рожба самостојна македонска држава. Следејќи ја неа ги оствариме нивните идеали. Сега сме повторно на крстопат. Ке продолжи ли Макеоднија како

самостојна држава по сопствениот пат, ке ја одбраниме ли од неуморните и нападни изми зошто со оживувањето на спомените и барањето на споменици на некои од перјаниците на тие изми што се појавија во последно време, кои што во три наврати се  обидоа да ја рушат убијат Чопова, сестрата на Гоце Делчев. Го убија син и Тодор Чопов, и се обидоа да го убијат единственото преостанато живо Чедо, Туше Чопов. Покажуваат во кои води може да ја турнеме самостојната македонска држава. Во името на тие што ги удрија темелите на самостојната македонска држава и на политиката што може да и обезбеди вековитост и прогрес, таа политика ке ја брнаиме со сите демократски средства.

ЉУБОСАВ .ИВАНОВ:

Пред неколку месеци на оваа иста говорница кога расправавме за една слична тема јас реков дека овој Парламент оформи води и ке води една висока дипломатија, висока политика и тогаш реков дека таа политика ние ја оформивме, ја направивме сите ние тука што учествуваме како пратеници, како партии. Приота имавме различни ставови, различни приоди, различни разнмислувања, имавме сите по некоја своја вистина, меѓутоа низ еден демократски дијалог, низ една широка расправа ние доаѓавме до правата вистина, до правите резултати и до правата политика кој ашто ја нодевме, која што ја оформивме и која даде значајни рез ултати. Јас тоа го кажав и денес останувам при таа оцена. Никој не ја оспори таа моја оцена. Многумина од вас се согласија и ја пддржаа и се осеќам пријатно што сум учесник во оформувањето на една таква политика и како човек и како припадник на социјалистичката партија и како партија, затоа што ние практично во нашата промоција, воопшто во светот немавме друга сила освен политиката што ја водевме како снага, како значаен фактор за ефектите кои што притоа се  постигнаа. Денес останувам

при таа оцена затоа што и на внатрешен и на надворешеп план ние со таа политика ги избегнавме многуте замки кои  стоеја пред нас. Јасно е, и денеска сме сведоци дека ја избегнавме граѓанската војна на Југосалвија и колкку болно одекнаа оние жиовоти што ги дадоа нашите граѓани од Македонија. Колку ке беше тоа потрагично ако таа војна се водеше на наше подрачје. Колку ке имавме ние изгубени животи, колку ке имавме бездомници, колку ке имавме разрушени градови, индустрија, целокупното наше материјално богатство итн. Може ли да не се тоа цени,. Може ли,  да се оценат ефектите од една таква политика. Ние со една таква политика постепено но сигурно оформувавме едно општество, слободно, демокатско општество во кое внесувавме се повеке демократија, се повеќе со разните акти, посебно со уставот и разрешувавме правата и слободите на граѓаните. Тие никогаш не се доволни. Сигурно треба тие и понатаму да се развиваат. Го внесовме на голема врата плурализмот, настојувавме, пазарната економија и натаму да се развива и шири. Така речиси први во Југосалвија направиме зуначаен продор во преструктуирањето на сопственоста. Тоа што направивме еден застој мислам дека нема да се одразни така негативно во понатамошното наше работење.

На надворешен план ние успеавме на светот да му прикажеме дека не сме ние некое афричко племе кој излегува од џунглата и дека сака да прави држава, дека сме ние  стара држава која постои преку 45 години, држава која преку 45 години има своја Влада, свој Парламент, држава која за тоа време има изградено свој образовен систем, свој универзитет. Држава која има  суверена  култура, уметност, книжевност, развиена една огромна материјална база и создадени кадри  кои може сепак таа држава да ја водат и да водат една политика која што е на рамниште и на ниво на највисоките политики во светот.

Ние водевме  една политика во исклучително тешки услови кога немаме своја дипооматија во светот, кога светот нема свои дипломати тука. Во услови кога нема ни телефонски ниту телекес врски отежнати сообраќајни врски, многу отежнати контакти итн. Ние за една година направивме  толку многу за промоција, на оваа држава и овој народ колку што ненаправивме за последините 30 години.  Тие што патуваат по светот што имаат контакти, што следат светска штампа, средства за информирање итн., можат многу во тоа да се уверат. Затоа ние треба да се гордееме со едни такви постигнувања и со една таква политика.

Често пати ние во своите размислувања и во своите однесувања сме нерационални.

ЉУБССАВ ИВАНОВ: (Продолжение)

Понекогаш понесени од емоциите и страстите ние си даваме такво значење нереално како да се работи дека сме ние една силна политичка снага, голема држава со огромна економска моќ,со една воена сила и во нашето однесување како да сме огорчени и како да го осудуваме светот што се однесува така спрема нас. Како да треба да му се наметнеме на тој свет, како тој свет сега да е голем должник спрема нас и еве не е виновен светот што така се однесува спрема нас, туку ние сме виновни што на тој свет не му се наметнеме со една силина, снага, моќ. Јас мислам дека ние правиме грешки од нерационални,нелогични и доволно необјективни наши оценки и проценки. Ние мора да се спуштиме на земја, да видиме колкави сме, ние сме чесни и поштени луѓе, македонскиот народ има патриотизам, има морал,има етика - работен народ е. И политиката каква ја водиме светот осознава дека се работи за еден културен народ, за еден народ кој има свои креативни снаги, за еден народ со кој може да се комуницира,соработува, контактира, но нашите настојувања да се наметнеме и нашето нерационално однесување може да биде контра продуктивно.

Ние можеме во целата работа и како Парламент прво да се почуствуваме виновни, а понатаму и нашата дипломатија да и припишеме одреден недостаток што непосветивме значајно внимание на разрешување на економските проблеми, но ни нашето високо раководство ниту нашата Влада ниту нашата дипломатија можеше да се бави со тие проблеми затоа што прво, ние не се бавевме, ние исклучиво се бавевме со политика, а најчесто со политиканство и ние не го наметнавме како парламент тој проблем на разрешување иако имаше осет кај нашето високо

раководство, туку непрекичато ги бомбардиравме со периферни прашања и работи кои не носат никакви ефекти. Огромно време потрошивме на споредни работи. Јас мислам дека тука можеме ние сега да извршиме значајна корекција на нашето однесување и како Парламент и да ја задолжиме нашата дипломатија затоа што, другари, политиката во светот е подредена на економските интереси на секој народ и секоја држава. Политиката не е подредена само кај примитивните народи и држави, но таму каде владеат слободни економски процеси, таму каде што имаме силна економија целокупните напори на дипломатијата, на политиката е подредена на економските интереси, па и се она што се случува денеска во светот се е во правец на влијанија на нови пазарни освојувања на новите терени, на нова преаспределба во светот.

Ние сме сведоци дека покрај Америка се создаваат две нови снажни групации тоа е Европа, Далечниот исток со Јапан се е тоа во правец на стекнување на силна економска моќ. Не е случајно што Европа се обидува да се обедини, таа не се обединува политички, туку економски да стане силна економска групација. Спрема тоа, нашите напори мора да бидат насочени на разрешување на тие економски проблеми и добро беше забележано во воведното излагање на министерот за економски односи, иако сега рекоа за надворешни работи дека малите нации мора да имаат големи пазари. Што правиме ние другари во послед-но време. Ние упорно настојуваме да ги прекинеме сите веќе иградени економски односи со поедини народи во Југославија. Зошто внесуваме односно некои внесуваат србофобија кај нас? Зошто создаваме непријатели? Зошто упорно сакаме нешто што е направено, што постои да го уништиме? Треба обратно да правиметоа што го има да го развиваме во правец на наши економски интереси и да градиме нови односи со соседните земји и светот, а не тоа што има да го прекинеме.

Или што ни служат на нас разни дезинформации како во прилог на тоа дека транзитните патишта се запрени низ Србија и тн. Не ки служат такви работи кои создаваат на друга страна антагонизам, создава нервоза, ние можеме да не се согласуваме со српската политика, но ние неможеме да го напаѓаме српскиот народ, тој народ е добар, како што е добар албанскиот, како што е добар грчкиот, како што е добар бугарскиот народ, нема лош народ во светот и ние така треба да се однесуваме. Нели се договоривме да не се мешаме во внатрешните работи на другите народи? Што ни треба да делиме лекции како грците ќе се најдат и каде ќе се најдат и што ќе биде. Ние со грчкиот народ треба да оформуваме убави економски односи, а економските односи ќе ги прават добри политичките односи. И во Грција ќе преовладаат снаги на соработка, на контакти. Сега завладеела една еуфорија која ќе трае, но мора и тие да се прилагодат на светските норми.

Јас мислам ако ние почнеме да ги гледаме своите економски интереси, тогаш ќе избледат овие антагонизми, овие лични нетрпеливости. Ние треба да му служиме на македонскиот народ не да служиме на поединци и туѓи интереси, ние мораме да гледаме како во Македонија да создадеме живот, стандард, економија се е друго фалш, се друго нема ефекти и резултати. Ние можеме да правиме каква сакаме политика и како сакаме да се однесуваме обезбедиме работа на народот, живот, стандард, егзистенција, ние ќе имаме огромни социјални немири, никој не го сака тоа, секоја работа има свој крај и патриотизмот. Некој рече овде гладните стомаци не сакаат суверенитет. Може да гладува човекот и дали гледате со каква свест нашиот македонски народ се однесува во многу тешки услови кога стандардот е страшно паднат, кога секој ден имаме се помалку луѓе на работа, тој народ не прави социјални проблеми, токму имајќи го предвид сето ова политичко опкружување и безбедносно што ни дава

уште шанса да почнеме да работиме во правец на решавањето на неговите животни потреби.

Не би сакал повеќе да ве задржувам, но би предложил да продолжиме со една ваква политика, политика која ја дефиниравме во овој Парламент, за која сите партиципиравме. Јас ги разбирам поедините истапувања на поедини пратеници на поедини партии и заради свој рејтинг и заради свој имиџ, но сето тоа мора во крајна линија да преовладува разумот и во крајна линија сите да ги насочиме своите напори на обезбедување на она што значи глобална политика, на онаа политика која ги даде резултатите и со која практично ние се афирмиравме во светот. Сега да пристапиме, јасно е овој процес на наше признавање на нашиот суверенитет не може да се запре, за ова можеби малку придонесоа средствата за јавно информирање кога ќе прогласеа некој ден кога треба да бидеме признаени од одредени групации и земји, па тој ден дојде и помине нас не не признаат и одеднаш, а згреши дипломатијата греши Владата не напишала писмо не е така другари, многу интереси се испреплетуваат и многу судири. Дали можеме ние објективно да погледаме ние имаме една држава која не се согласува заради своите интереси со наше признавање која има страшна дипломатија. Тоа е една од најстарите држави во Европа, која Европа ја задолжила  со култура и со други придонеси. Ние имаме една држава која во крајна линија со своето однесување ни прави натамошна наша афирмација. Јас тоа така го гледам, таа несвесно ни го прави тоа, и затоа да ги пуштиме тие процеси да течат. Многу е подобро кога би не признале брзо-брзо, но има и многу работи кои треба да се разрешат и ние не сме свесни што се се готви во светските кујни. Некој рече односно Петров рече каде да пишеме. Тие сето тоа го знаат но јас читам во светскиот печат дека се прават големи

компромиси лека југословенското наследство е на Србија и Црна Гора. Дали можеме ние, тоа да го спречиме? Ние треба да правиме напори тоа да го направиме, меѓутоа, тоа се факти кои ги прават големите сили, а ние сме биле жртви секогаш на тие големи сили. Спрема тоа, ние треба да ги пуштиме луѓето кои треба да работат на таа работа, а ние да не придонесуваме да ги отежнуваме со своите однесувања тие напори кои се вложуваат.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници

Читајќи ја и разгледувајќи ја Инфромацијата која ни беше презентирана на разгледување можам да констатирам дека сето тоа што беше изложено во истата е напишано воопштено и изложено како што се изложуваат работите во монизмот. Исто така во неа може да се види дека целокупната активност која што ја имаат обавено во светот и дома нашите претпоставени функционери е толку голема што е за поздравуваше од сите нас. Меѓутоа, презентирањето во самата информација се согледа во тоа што истите тие се сретнале со овие или оние претставници од други држави и разговарале. Што разговарале и какви ставови зазеле во врска со признавањето иои непризнавањето на нашата држава ништо не може да се види. Сметав дека крајно е времето овој Парламент и пошироката јавност се запознае за сите разговори што се водени на ниво што е се постигнато било да се работи за политичкиот или стопанскиот живот. Бидејќи од ова што ни е презентирано ништо подробно неможе да се види и почуствува дека се постигнати некои завидни резултати.

Не можам да се согласам дека на едно вакво сувопарно изнесување и објаснување како што е презентирано во дадената информација дека е доволно за да се задоволи овој Парлламент и пошироката

јавност за признавање на нашата држава од мегународната јавност, бидејќи ние е добро познато дека првите разговори што беа водени од страна на нашите врвни раководители секогаш беа компромисни и се залагаа по мирен пат да се реши ЈУ-кризата и да се остане во каква таква Југославија знаејќи дека истата таа Југославија почна уште поодамна да се распаѓа. Поради сето тоа, нашето раководство во сите резговори застапуваше некаков компромис со целокупното раководство на југословенските републики како би дошло до какво-такво решение и затоа сметам дека споро беше решавањето во врска со признавањето на нашата Република од меѓународната јавност. Според тоа се прашувам како се гледа од страна на оние претствници со кои беше разговарано и беше застапуван еден став за каква таква Југославија а во последно време со истите тие претставници од нив веќе се бара нешто сосема спротивно од првите барања.

Затоа сметам дека во дадената информација требаше подробно да се изнесат сите разговори, што во тие разговори е разговарано и какви ставови се заземени било од едната било од другата страна, бидејќи сметам дека само така јавно и јасно изнесено можам да бидам задоволен не само јас, туку и многу луѓе кои го очекуваа крајниот исход каков ќе биде за нивниот живот оти од досегашното едногодишно работење не може да се види некаква трансформација кај нас.

Што се однесува до излагањето на министерот за односи со странство може да се заклучи дека и тој имал доволно контакти ро разни дипломати и претставници од меѓународната јавност, но и тој не даде децидни резултати за тие разговори и што се е решено по тие разговори на било кој план за меѓународното признавање на нашата држава освен тоа што се залагал околу демократијата на нашата Република и национализмот не зборувајќи дека тој исти национализам

е нападнат од другите републики, а ретко во неговото излагање беше потанцирано околу надворешното признавање на нашата Републиката.

По сето горе изнесено можам да дадам еден единствен заклучок дека во сите наредни информации кои ќе ни бидат презентирани од вакви или слични области потребно е децидно да се изнесат сите поединости па било од кој врвен раководител да бидат изнесени. Само на таков начин нема да биде изиграна и изманипулирана историјата за врвните раководители кај нас, како што беше до сега изманипулирана и пишувана онака како што и годеше и одговараше на режимот кој владееше тогаш.

(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, потпретседател на Собранието)

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор Ешреф Алиу.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитувано претседателство, почитувани претседатели, членови на Владата, пратеници, дами и господа,

Почнувам со еден апел. Оставам простор да тврдите дека јас не сум за овој Парламент. Затоа апелирам да вршиме напори сознанијата и методологиите на поефикасна работа на парламентите со традиција да ги пренесеме тука, а вака да се продолжи верувам дека јас лично долго не можам да издржам.

Почитувани пратеници, имавме информација од над 26 страници и имавме експозе. Што бараме друго? Во светот каде се знае парламентарната демократија се знаат правилата на политичкото дејствување на парламентарците, се прави план. Толку дискутанти околу

експозето или се договараат парламентарните групи однапред и даваат свои оценки, а не се прави ред на оваа говорница да се зборува далеку и подолго од првиот човек т.е. поднесувачот на експозето.

Втора работа до Кабинетот на претседателот Андов. Треба да се води сметка под урегентно - итно доспева кај нас едно мислење на граѓанин од Битола дека татко на еден министер на оваа Влада бил балист. Во Министерство со ресор е еден Албанец, и завчера случајно татктото на тој министер го видов во Скопје и незнам дека е тој отепан како балист, Ве молам за овие несмасни работи треба некој да води сметка.

Дозволете ми не верувам дека ќе потрае подолго од две минути. Нека ми биде дозволено да ја изразам својата скромна благодарност до министерот за односи со странство господинот Денко Малески за реалното експозе расчистено од било какви атрибути и оптоваручки фрази.

ЕШТРЕФ АЛИУ: (продолжение)

Тоа е едно современо обраќање што во себе содржи оргиналност, креативност на една смостојна политика која ни го отвора патот во идната современа Европа без граници. Надворешната политика на Македонија за мене стартуваше со успех во професионалниот политички свет на Европа и пошироко. Тоа е политика која ја знае својата позиција и има своја јасна поставена цел. Таа е политика која влева доверба. Токму затоа таа политика наидува на поддршка и низ доста широки порти се афирмира и се почитува од тој професионален свет на потврдени политичари. Од сето тоа можам да изразам надеж дека таа политика има и обезбедена иднина. Некои од сегментите што конкретно ги повлече господинот Мухамед Халили допрва ќе се потврдуваат. Надворешната политика не е ничија партиска политика. Таа е бездруго и бездруго ќе биде и во иднина политика на рамноправните граѓани на демократска Република Македонија, а никако и во никој случај тесно национална политика како што се обидоа да подвлечат некои од дискутантите. Само таа и таквата политика има сигурна иднина.

СТОЈАН АНДОВ:

Само една напомена. За ограничување на времето за дискусија одлучува Собранието по било чиј предлог. Само мислевме дека во оваа расправа добро е да се допушти луѓето да зборуваат.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Па веројатно дека сега ако сакаме да промениме ќе бидеме доведени во ситуација да едни биле привилегирани, а други ќе бидат хедикепирани во понатамошниот тек, бидејќи веќе половина и повеќе од половина од дискутантите говореа.

СТОЈАН АНДОВ:

Мојата напомена е одговор на господинот Алиу, ништо повеќе.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, очигледно е дека онака како што е формулирана точката во дневниот ред, а таа гласи "Информација за меѓународните активности на Република Македонија" е премногу тесна да ги задоволи нашите амбиции во расправата. Повеќе беше говорено во досегашниот тек на дискусијата за вкупната надворешна политика, или можеби уште поточно речено целиот досегашен концепт, или стратегија на Република Македонија на полето на надворешната политика беше поставен под лупата на критиката и мислам дека е тоа добро. Добро да се направи еден пресек, да се види што е тоа што сме си поставиле како цели и задачи и што до овој момент сме успеале да реализираме, а што не сме успеале да реализираме. Уште еднаш да се преиспитаме дали сме го одбрале баш вистинскиот пат да дојдеме до нашата поставена цел и дали по тој пат се движиме баш со вистинската , или оптималната брзина, или можеби со брзина преспора за да стигнеме до крајната цел, или со брзина која што не ги почитува сите огрничувања на патот, па на крајот можеме да завршиме и во некој ендек. Добро е да видиме дали најистурените протагонисти на нашата дипломатија своите активности ги програмирале и реализирале во согласност со основната рамка, со основните од редници кои ги има поставено овој Парламент бидејќи тој е највисокото законодавно тело во оваа држава и тука треба да се одредува и дефинира нејзината вкупна политика, па во тој контекст и сегментот на надворешната политика. Тоа е легитимно право на секој пратеник, на секоја парламентарна група и тука ништо не е спорно, напротив она што е спорно може би е објективноста , вистинитоста на податоците што притоа беа изнесувани, меѓутоа, тоа е нешто што говори повеќе за самите нас како пратеници и впрочем целата оваа расправа

ја следи и јавноста, па таа нека цени и суди за изречените зборови и ставови. Да видиме кои беа тие основни рамки, кои беа тие основни одредници што овој Парламент ги постави како стратегија на Републи-ката во досегашниот период , па од тој аспект да цениме за досегашната успешност или неуспешност на нашата надворешна политика.

Прво, веднаш после конституирањето на ова Собрание, на овој Парламент се донесе Декларацијата за сувереност на Република Македонија и тоа едногласно, со акламација , со поддршка на сите пратеници и на сите парламентарни групи. Што тоа требаше да значи на полето на надворешната политика? За разлика од претходната ситуација кога Македонија имаше партиципативно учество во југословенската заедничка надворешна политика, оваа Декларација предодреди да од сега , односно од тој момент натаму надворешната политика на Република Македонија ќе биде градена и креирана тука тргнувајќи пред се и само од интересите на оваа држава и на нејзините граѓани. Дали тоа е точно и дали успеавме досега тоа да го направиме, дали оваа политика ваква каква што е дали е добра, или лоша, дали е погрешна или исправна? За тоа ќе цениме понатаму. Меѓутоа, дали е точно дека беше креирана овде во Скопје, во овој Парламент, од овие пратеници. Мислам дека ќе се согласиме со тоа.

Второ, овој ист Парламент донесе Платформа за водење на преговорите за разрешување на југословенската криза. Повторно едногласно, повторно со поддршка на сите пратеници, на сите парламентарни групи, без никакви големи разлики по тоа прашање и таму меѓу другото поставивме некои основни постулати. Дури рековме : ова се рамките во кои што можат и мораат да се движат преговарачите од страна на Македонија во сите контакти со останатите во Југославија.

Таму рековме дека приоритетка определба во тоа време и под тие услови што тогаш постоеа на Македонија е залагањето за сојуз на суверени држави на Југославија, ценејќи ги и добрите и лошите страни. И рековме дека ние за тоа ќе се залагаме, ако е тоа можно да се реализира, а ако не е можно да се реализира, тогаш се определуваме за градење на самостојна суверена , независна македонска држава. И тука бевме сите согласни по тоа прашање. При тоа често пати се поставува прашањето и неодамна на Комисијата за надворешни работи кога ние го направивме тој пресврт, кој беше тој клучен момент да се преориентираме од сојуз на суверени држави во залагање за самостојна и суверена македонска држава. Меѓутоа, тие две работи никогаш и не беа во колизија, никогаш не беа ниту спротивставени, заради тоа што за да се постигне договор да се влезе во аранжман и ангажман за сојуз на суверени држави на сите ни беше јасно, или требаше да ни биде јасно дека Македонија претходно мора да постигне потполна своја сувереност и од таа позиција да се договара кои ќе бидат заедничките функции што тој сојуз ќе ги врши. Така што тоа не се спротивставени концепти, тоа се концепти што меѓусебно се надополнуваат. Врз основа на тоа подоцна беше изработена и Платформата Глигоров - Изедбеговиќ која што беше понудена за сојуз на суверени држави на Југославија, врз основа на таа Платформа што овој Парламент ја донесе, а впрочем и за самата Платформа Глигоров - Изедбеговиќ повторно овој Парламент се изјаснуваше и повторно сите заедно од сите парламентарни групи дадовме поддршка на таа Платформа. Јас и ден денес и секогаш ќе бидам убеден дека доколку во тој момент таа Платформа беше прифатена од сите во Југославија ќе беше избегнато сето она што подоцна се случуваше, вклучувајќи ја и војната во Хрватска. Тоа беше последната шанса да се разреши

југословенската криза без воени судири. За жал таа Платформа доживеа поголема афирмација надвор од Југославија, отколку во самата Југославија и се случи она што се случи. Сосема јасно беше дека после продлабочувањето на конфликтот, после започнувањето на војната повеќе шанси за реализација на идеа за сојуз на суверени држави во Југославија не постои. И од тој момент определбата на сите во Македонија стана креирање на своја самостојна , суверена, независна македонска држава. Тогаш се постави прашањето како ќе дојдеме до таа цел, кои методи ќе ги избереме за да ја постигнеме таа цел, со која динамија ќе ги влечеме тие потези за да стигнеме до таа цел. Само на прв поглед изгледа дека најбрзиот пат е нај-добриот пат и дека најбрзите методи се најдобрите методи. Меѓутоа, секој од тие процеси има уште еден фактор, уште еден параметар, а тоа е цената што треба да се плати за да се стигне до таа цел. Сите ние видовме која беше цената што ја плати Словенија, видовме која е цената што ја плати и ја плаќа Хрватска и која беше цената што Македонија ја плати до овој момент и со овие резултати што досега ги постигна на полето на меѓународното признавање. Ние ја имаме шансата, можеме да бидеме една од ретките држави во светот што ќе станат меѓународно признати, а притоа на нејзината територија нема да биде испукан ниту еден куршум и нема да се води никаква војна. Од ова што претходно го кажав произлегува господа, дека ние до тој момент немавме крупни разлики по стратегијата на Република Македонија и по нашите заложби за каков , дали се зала-гаме за сојуз на суверени држави, или за некои други работи. Тогаш почнаа големите конфликти меѓу нас кој метод да се избере, по кој пат да се тргне во целиот тој процес. Имаше силен притисок веднаш без чекање да ги следиме потезите на Словенија и Хрватска. Некои

никако не можеа да сватат и разберат дека Македонија не е ниту Хрватска, ниту Словенија, ниту сме ние католици, ниту имаме море, ниту зад нас стои Германија, ниту како свои соседи ги имаме Италија, Австрија и Унгарија. Словенијата своите активности на овој план ги започна пред три години, Хрватска минимум пред две години, ние многу подоцна од нив за на крајот разликата во потезите да ги сведеме на разлика од два-три месеци. Во тоа време се предлагаше Уставен закон, се предлагаше Декларација наспроти предлогот за референдум за претходно изјаснување. И тука вие господа од ВМРО-ДНМНЕ имате полно право по однос на тој дел да се однесувате опозиционо, бидејќи вие предложивте концепт кој не беше прифатен од страна на овој Парламент. Беше прифатен другиот концепт. Имате право да го критикувате ако цените дека тој концепт кој што беше прифатен од овој Парламент донесе лоши резултати. Меѓутоа, ако погледнеме што е ставот на Арбитражната комисија на господинот Бадентер ќе видиме дека Босна и Херцеговина е токму по тоа прашање вратена на поправен испит, по прашањето што нема референдум и е вратена да го организира доколку сака рамноправно да учествува во конкуренцијата, односно во процедурата за меѓународно признавање.

Следниот фундаментален акт кој не може , а да нема влијание на надворешната политика на Македонија беше Уставот на Република Македонија. Се предлагаше национален Устав, наспроти предлогот за граѓански устав. И по тоа прашање вашиот концепт не беше прифатен. И вие имате право и за тоа опозиционо да се однесувате и да го критикувате доколку овој граѓански концепт ни донесе поголеми проблеми во меѓународното признавање. Меѓутоа, да го погледнеме извештајот на Арбитражната комисија ќе видите

всушност на што се темели главната аргументација за поволната оценка за Република Македонија токму на оние членови заради кои што водевме битка со денови во овој Парламент, заради кои што бевме прогласувани за предавници и издаици на Македонија и за оние членови за кои што и пратениците и од ПДП и НДП не ја кренаа раката при конечното гласање за Уставот, членот 7, членот 48, членот кој говори за Советот за меѓунационални односи итн. Еднаш да бидеме искрени и пред себеси и пред целата македонска јавност и да кажеме што ќе беше од меѓународното признавање на Македонија, каков ќе беше извештајот на Арбитражната комисија, ако беше прифатено она што вие го предлагавте како национален концепт. Впрочем во составот на таа Арбитражна комисија не беа ниту наши симпатизери, не беа ниту Македонци, односно граѓани со македонско потекло, туку беа луѓе кои што се стручњаци за уставно право, за меѓународно право по некои европски стандарди и мерила. Од тој аспект мислам дека извештајот на Арбитражната комисија значи една победа и на вкупната политика на Република Македонија и во тој сегмент и на надворешната политика на Република Македонија. Онаму каде што се одлучуваше од аспект на правото и правдата ние битката за меѓународно признавање веќе ја добивме. Онаму каде што ќе се одлучува од аспект на економски интереси, интереси на големите сили, таа битка допрва ни претстои. И никој да не мисли дека тоа ќе биде еднократен потез што ќе биде на 17 февруари, или на 23 февруари. Тоа е процес и ќе трае.

Се поставува прашањето дали ние ќе успееме овој процес на меѓународно признавање успешно да го привршиме, или не. Јас

најодговорно во свое име и во име на Партијата на чие чело се наоѓам говорам дека ништо не може да ја запре Македонија на тој пат. Ние ќе бидеме меѓународно признаени на 17 или 23 февруари јас не знам, и притоа не е клучното прашање за таа работа дали ние ќе го промениме името и ставот на Грција. Всушност тука веќе не е битен ниту ставот на Србија, ниту на Грција, па ако сакате дури ниту на Европската заедница. Овде е многу битно колку ние умно и паметно ќе се однесуваме во овој нареден период и колку сами нема да дозволиме со некои непромислени потези да дадеме аргумент на таа европска јавност да не симне од дневниот ред за меѓународно признавање. Не е критичното место, или критичната точка името "Македонија". Критичната точка се две прашања, две рак рани во Македонија. Едното е економската и социјалната ситуација и второто е меѓунационалните односи. Економската ситуација во Републиката е катастрофална, за тоа беше говорено. Притоа не треба да се залажуваме дека излезот е на повидок и дека брзо ќе ја надминеме оваа состојба, туку напротив таа состојба само ќе се влошува и понатаму и тоа треба да го кажеме пред македонската јавност за да знае што ја чека, да знаат луѓето што ги чека. Дел за таквата состојба причините се објективни, дел се субјективни. Објективно е тоа дека со години веќе катастрофално е лоша пред се политичката ситуација во Југославија и заради тоа сите оние реформи, или програми што ќе се потпираат на странски инвестиции итн., едноставно не можат ниту да почнат да се реализираат. Објективно е тоа дека во Југославија се случи војна, се случија економски блокади, објективна околност е тоа што Грција сега ни ги блокира границите.

Меѓутоа, субјективна слабост е тоа што ние сеуште немаме економска програма, немаме социјална програма и што во овој период не се направи ни приближно онолку колку што можеше во тие рамки, во тие можности да се направи на тој план. Мислам дека тука Владата заслужува најжестока критика. Ако демократијата и меѓународното признавање на Македонија одат заедно во пакет со сиромаштија и социјална беда , тогаш да не очекуваме процут на демократијата , ниту стабилна внатрешна состојба, ниту поддршка од народот. Затоа велам дека е тоа клучно прашање по прашањето на надворешната политика и меѓународното признавање.

За меѓунационалните фрустрации и релации нема да говорам бидејќи всушност ние на секоја седница на Собранието само за тоа говориме, меѓутоа очигледно е колкаво е влијанието во тој правец на успешноста на надворешната политика. Мислам дека тука сериозно треба да се замислат претставниците на Партијата ПДП и НДП. Не може од една страна постојано да се тврди дека е без алтернативи определбата за заедничка држава и соживот во Република Македонија, а од друга страна постојано да се држи отворено прашањето за територијалниот интегритет на Македонија. Тие две работи се неспоиви, не заради Македонците во Македонија, туку заради Албанците во Македонија. Мислам дека е прашање на ден кога ќе мора да се положи сметка за оваа политика што се води. Всушност алтернативата на непризнавањето на Македонија значи останување во заедничка држава со Србија, значи српска политика спрема албанската националност и на територијата на Македонија. И тоа треба да им се каже на тие граѓани Албанци да сватат кои се алтернативите пред кои што тие се исправени. Прашање на кое што мораме сериозно да му пристапиме

час поскоро во надворешната политика е градење на сопствена доктрина на надворешна политика. Ние допрва сега ја создаваме таа доктрина, таа стратегија на политика и спрема соседи и спрема Балкан итн. Досега ниту сме имале можност , ниту тоа сме го правеле, туку сме партиципирале во една заедничка политика. И тоа бара сериозен прис-тап не само од страна на Владата, не само од страна на овој Парламент, туку пристап кој што во себе ќе го вклучи целиот интелектуален потенцијал, целата струка од оваа област и искуство што го имаат граѓаните на Македонија, некои од граѓаните, било дипломатско итн., да се создаде доктрина долгорочна за повеќе децении, а не само за само повеќе години.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:(продолжение)

Тоа е сериозно прашање, меѓутоа, јас во овој момент ќе се задржам само на едно конкретно прашање од целата таа проблематика.

Југославија се одржа таква каква што беше 45 години покрај другите фактори и заради тоа што на еден начин беше постигнат баланс на силите, рамнотежа на силите во таа држава помеѓу големите и малите републики, помеѓу големите и малите народи. Очигледно беше уште од подамна, после излегувањето на Словенија и Хрватска, односно после нивните заложби за излегување од Југославија дека тој баланс е изгубен и дека дефинитивно повеќе не може да се воспсотави. Шансата на Македонија е да бара нов баланс, балкански балас, рамнотежа на силите.  Тука се исклучително важни релациите со двата словенски наши соседи, соседи со кои што имаме слични јазици и со кои имаме иста вера, а тоа се Србија и Бугарија. Историајта на Македонија во XX век најчесто наликува на нешто што се движи помеѓу два огна, од кои што едниот се вика Србија, а другиот се вика Бугарија и најчесто бегајки од еднот оган сме седнувале во скутот на другиот оган. Примери има доста. Она што треба како поука да го извлечеме е тоа што во овој момент што таа иста грешка не смее да се повтори. Шансата на Македонија е во политика на еквидистанца спрема овие два соседи на под еднакво растојание, или ако сакате колку целивање со едниот толку со другиот, колку расправење со едниот, толку со другиот. Само тоа е ми се чини начинот да се запази автентичноста и националниот интендитет на македонскиот народ.

На крајот околу тоа кој е одговорен за надворешната политика во оваа држава. Дали е тоа праашње за кое што исклучива одговорност има министерот за надворешни работи, или претседателот

на државата, или Владата и претседателот на државата, или и Парламентот заедно со нив, или пак може да успешнсота на надворешната политика подеднаква одговорност имаат и сите политички субјекти во оваа држава, вклучувајки ја  и секоја партија. Се поставува прашањето колку ние како партии во овој период со своите активности придонесовме за успешно привршвуање на процесот на мегународно признавање на Македонија.  Јас сега имав прилика да ја следам конференцијата за печат од посетата на делегацијата на ВМРО-ДПМНЕ во Софија каде што на прашањето, провокативното, намерно поставено прашање за постоењето на македонската нација господинот Георгиевски одговори дека во овој момент е битно што е битно што е признаена Македонската држава, а за прашањето на нацијата да оставиме да се занимаваат историчарите и академиците. Ке ве потсетам дека овој ист Парламент водеше жестока дебата и критика кога донесовме став да бараме разрешување на министерот за надворешни работи во Сојузната влада Будимир Лончар, заради тоа што во едно интервју дадено на некој  грчки весник не сакаше да каже дека постои македонска нација и македонско малцинство во Грција. Жестоко го критикувавме сите посебно како партии и заедно како Парламент господинот Милошевиќ при посетата на Србија на конференцијата за Печатот упорно го избегнуваше одговорот за постоење на македонска држава, за посотење на македонска нација и македонско малцинство. Што ке правиме во оваа прилика. Поставувам прашање што направи партијата која што е најголемиот критичар на ваквиот  тек, на ваквата динамика на ваквата стратегија на надворешната политика на Македонија , тоа се виде и во вчерашната и во денешната расправа, меѓутоа се гледа секојдневно и сите изјави, соопштенија, конференции за печат партијата ВМРО-ДПМНЕ во овој период за успешно спроведување на мегународно признавање.  Освен тоа што направија беџови со половина

Грција во границите на Македонија освен тоа што на својот конгрес донесоа став следниот  да го држат во Солун и освен тоа што успеаа да влезат во извештајот на Стејдепарменот за минатата година со презнак терористичка партија.

(Уфрлување од место)

Јас  ја знам тезата дека тоа е резултат на пишувањето на Србокомунистичктие весници во Македонија, меѓутоа дали и делот кој што говори за постоење на македонско малцинство во Грција произлегува од пишувањето на грчките весници, па Стејдепратменот се прилагодува спрема весниците во одредена држава што пишуваат.Или тој дел што се однесува на Грција и пстоење на македонско национално мацинство ни одговара, па ке го поздравиме, а за другиот ке кажеме дека е лажен и дека е измислотина на Стејдепартменот или на некој весници и погрешни извори. Сериозно треба да се размислиме сите, сериозно да помислиме и на сопствената одговорнсот и одговорноста на сопствените партии што ги претставуваме за секој потез за секоја постапка бидејки се се цени надвор. Не само тоа што рекол господинот Глигоров или господинот Денко Млаески. За секој од нас што рекол во секоја прилика вклучуваки го и ова што го рекол на оваа говорница.

(Барање од место за реплика)

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Трајан Мицески". Нема реплики, Трајан Мицески има збор. Никој подинечно не е прозван овде, а од сите пратеници има говорници кои ке добијат збор.

ТРАЈАН  МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувано дами и господо,

Мене ми се чини дека пак ја почнавме старата песна ние со читање реферати и истории, а не се задржуваме на конкретната

точка поставена на дневен ред - Информација за меѓународката политика и признавањето на Македонсиата држава во Светот, Читаме историјати, меѓутоа јас им благорадам на дискутантите што не запознаа со историјата на Гоце Делчев и Даме Груев, затоа што никој во овој Парламент не знае кога работел и што сторил Гоце Делчев за нашата дршава пред Илинденската епопеја. Ние требаше да се задржиме на тоа што е сторено и што треба да сториме ние за мегународното признвање на Македонија. Свесни сме дека сите преку ден ништо не можеше да се стори секогаш дека имаме и внатрешни и надворешни и економски и социјални проблеми. Сето тоа го отежнуваше процесот на признавањето.

Овде стана збор зошто ние не можеме да се мерима, Слвоенија се подготвувала 2-3 години порано, а исто така и Хрватска. Јас се прашувам каде било нашето раководство тогаш да ја осети политиката на раздвојување на Хрватска и Словенија пред 2-3 години не да им противречеше како сила да се запре тоа, меѓутоа една информација во партијата која беше на власт, Сојузот на комунисти, или тогашното раководство да рече што се работи, овие мислат на тоа ние да останеме утре боси. Ние да предвидуваме нешто околу таа работа. Велиме само Словенија се подготвувале, се подготвувала, а зошто ние не се подготвувавме. Зошто дозволија толкави долгови да останат неизмирени кога ја знаеја ситуацијата на Словенија и на Хрватска и сега да вика нашиот народ каде се долговите што ги должаст Словенија и Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Сега ја фрламе топката на друг. Не се зафакаме за таквите проблеми, а ке читаме истории и реферати по 30 минути.

Да се надоврзам и за телеграмата. Еве што прави старото раководство, борците. Ако не беа засегнати во изедначувањето со

пензиите нечеше да каже тогаш и да измислува лаги мислејки се дека не ке са дознае вистината на овој Парламент и да пушти Благој, Мојсов од Битола телеграма за жив родител дека е отепан татко му на господинот министер за социјална политика. Каде е тој борец да кежеше во телеграмата дека јас во таа борба го отепав или тој мојот човек го отепа тој татко му на минстерот за социјална политика и ке му верувавме ние. И зошто сега тоа го велев. Значи се знае што се работело и сега ги покриваме, само ги потпираме наталожените грешки и страдања што се нанесени на нашиот македонски народ го доведовме до питачки стап со такви политики не свесни и несмасни.

Извештајот од дискусиајта мене повеке ми личи на историјатот на демократијата отколку на проблемите, помалку беше замената на суштината. Што сторивме и што треба да сториме во тој однос требаше да се движи и дискусијата и извештајот и барањата беа такви за да ја расветлиме и што треба понатаму да сториме.

Јас ке се задржам на неколку прашања така повлеквуањето. Ние касниме. Па касниме во себе господа. Кога Словенија ги повлече делегациите, нивните прстаવници од Претседателството, сето тоа ако не можеме ние тогаш, знам свесен сум за ситуацијата може би ке настанеше хаос покасно време, полека,полека можеме ние да го следиме .Ние од каде сакаме попаменти да излеземе од Европа, бараме да не признае како суверена држава, сојузни закони владееа до вчера, наша делегација таму, претседателот на Претседателството таму, монетарниот е ист, армијата е иста и сега Македонија стана попаметна бара суверенсот признавање, а овие не расчистиле со тоа. Тие имаа расчистено побрзо, ние сме свесни за ситуацијата, ама ние можеме да ги следиме интензивно тие работи и да дојдеме да не чекаме толку. Јас сум сигурен дека не само Грција ги помати работите за нашето признавање, тоа не го окривувам многу, оти оној што го зел еднонешто не сака така лесно да го признае, да го даде , свесен сум

за таквите работи. Можеби повеке држи нашата грешка за досегашното непризнавање. Ако ние навреме ова го направивме сметам дека побрзо ке дојдеше до таквото признавање, или пак се извинувам тоа е мое лично мислење никој не треба д аго земе за грешка, сметам надвор Австрија и Италија имааа најавено дека ке не признаат зште од кога. По извесно време спласна таа идеа кај Италија и Австрија. Според мене не е само ова што ние зборуваме. Пред малку се рече целиот народ да не ја води политиката, туку овластените лица. Токму овласте-ните лица што требаше да ја водат политиката, сметам дека мегународ-ната политика секогаш се креира со јавни информации, со присуство , а не со затворен состанок. Тоа и дојде во прилог на Грција, тоа да да го направи Охридскиот затворен состанок, без информации и присуство на јавните средства. Сметам дека и тоа придонесе да спласне за она што не се кажа што и како е направено. Друго е што ке речам јас дека е таму сторено, а друго е директно да следите, па затоа сметам дека требаше да се води таква политика, јас го оправдувам тоа, меѓуота не е можно така да правиме. Гледате дека сите меѓународни врвни состаноци за креирање на политиката се јавни и со привсуство на средтвата за информирање. Има и затворени состаноци, но сепак се цени и повекето се дава во јавноста.

Мене ми се чини дека многу се префрчлува на посетата на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ. Што има врска тоа што било. Ако така не сториме, па зошто се растураа летоците тука низ цела Македонија. Сметам дека треба да прекинеме со такви стари работи, стари рани од некогаш. Дали тие тоа не го сториле. Или пак, од претходните дискутанти од ВМРО- ДПМНЕ што направил во Бугарија и слично.

Дали Халили се врати од старанство. Секогаш е во Европската заедница, секогаш е во Германија, и на други места а ние никогаш не рековме зошто таму појде, зошто така зборува, зошто бара автономија, зашто бара да не се признава Македонија ако не се признае автономноста на Албанија итн. Јас сметам дека треба да се прекинат таквите работи затоа што само така ние можеме да тргнеме напред. Ако вака продолжиме мислам дека овој Парламент не е способен да ја води политиката и економиката и треба што поитно да распише избори во Македонија да се  доведат луѓе кои ке бидат способни да ја водат оваа политика и да ја избават од сето ова. Ако вака продолжиме ние ќе ја донесеме во бескрај хаос, со читање на историја, реферати и другу. Не се зафаќаме за политичките,економските и социјалните проблеми во Републиката.

VII/I/рд/см

СЛАВЕ НАУМОВ:

Почитувани пратеници, во изминатиот едногодишен период на меѓународната активност на Република Македонија, а особено послед-ните б месеци дадоа таков силен печат на сопствена креативна и конструктивна политика за одбрана и афирмација на Републиката во функција на признавање на меѓународниот правен субјективитет, што само недобронамерните не можат и не сакаат да го видат.

Меѓународните односи се толку многу меѓузависни и испре-плетени со крупни, а уште повеќе со суптилни интереси. Во такви односи и при постојната меѓународна клима, активноста на Република Македонија на меѓународен план ја оценува како оптимално можна, што не значи дека се искористени сите можности.

Конечно признавањето на Република Македонија не е моментен во чин, туку процес кој секојдневно се партиципира и верувам се интен-зивираат паралелни активности кои треба да ги превземеме, намалу-вање и елиминирање на разликите меѓу партиите за концепциски един-ствена надворешна политика. Тука сакам да ги спомнам одредените активности на поединци и партии, кои за жал, нанесоа голема штета на Република Македонија на меѓународен план, како и од последните внатрешни процеси кои не се во доволна мера демократизирани, кои исто така нанесоа штета на Република МакеДонија на меѓународен план. Конечно тука се и катастрофалните  економски состојби и инфлацијата кои директно влијаат на позицијата на Република Македонија.

Од друга страна, не верувам дека некој поединец, асоцијае, организација, универзитет, организирано, елеметирано сериозно и издржано работат на континуираниот процес за меѓународно признавање на

Македонија. Оттука и не држат одредени префрлувања од страна ка поединци, особено бивши и стерилни дипломати, асоцијации и друштва и политички партии дека не е доволна ангажираноста на Република Македонија на меѓународен план.

Во овие моменти на сиво балканско премрежје многу е важно да се подигне нивото на вкупниот национален и државен интерес, личната самодоверба, личното самопочитување, разбудување на меѓунационалната доверба, чест и достоинство. Тоа треба да биде составен дел на секојдневното живеење, работа и активност на сите граѓани, заради својата општествена експонираност, тука треба да предначат луѓето од стопанството, уметничкиот свет, како и од спортските клубови и организации. Информацијата ја прифаќам во целост и ја оценувам како објективна.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Почитувани пратеници, јас ќе се трудам да бидам максимално кратко, заради тоа во еден добар дел, концептот е искажан и не е добро да се повторуваме.

Информацијата за меѓународната активност на Република Македонија поднесена од Министерството за односи со странство, пред се, ја доживувам како ретроспектива на македонската едногодишна политика, низ призма на дипломатија.

Во изминатиот период се случи и сеуште се случува процесот на атомизација на државите од бившите федерални комплекси, како еволутивна етапа во развојот на формите на општествено-политичко живеење и е главна историска карактеристика на последниве години.

Југословенската федерација не остана имуна на овој процес, па синхроно со парламентарната демократија се изградија и најразлични погледи на модификација на досегашното живеење на југословенските простори од сецесија до принципиелна трансформација со очувување на ју интегритетот по мерка на сите и прифатлив на сите. Притоа се случи југокатастрофата како последица од дијаметрално спротивставени гледишта во пристапот кон трансформација со прилично ригидни и нефлексибилни стојалишта во поедини републики, поткрепени од национал романтизмот и национал нарцизмот со сите последици познати и доживеани.

Во овој амбиент Македонија застана цврсто на позицијата за мирна и демократска разврска на југословенската криза во рамките на парламентарна демократија усвојувајќи ги и уставно вградувајќи ги постојните европски стандарди и норми на однесување. Во таа смисла и информацијата на министерот Малевски е целосно прифалтива и позитивна и претставува хронолошки наредена фактографија за политичките збиднувања во изминатиот период, низ призма на позитивната македонска политика и низ нејзиниот пласман од страна на нашата дипломатија, надвор од Република Македонија. Континуитетот, коегзистентноста, позитивноста и сите други атрибути кои ги заслужува македонската политика, македонската дипломатија заедно со незнатните и неспорни недостатоци, сепак доби високи и највисоки оценки од институции со остри критериуми во Европа, па и во светот и тоа на време и во редовна процедура. Така да не држат квалификациите од типот ненавремена, катастрофално спора, недоволна итн. Тоа што Европа апстинира и до кога ќе апстинира со дефинитивното и потполно признавање на Република Македонија, како самостојна и независна држава и кога светот ќе ни завери личната карта, останува на совеста на Европа и на светот. Тоа е вистината. А тоа што

ваквата политичка и дипломатска стратегија не се совпага со нечии партиски платформи, секако е помалку важно од судбината и иднината на Македонија. И на крајот длабоко верувам во успешноста и достојувањето на оваа линија на нашата политика и дипломатија, со која што Република Македонија ќе ја дооформи личната карта на рамноправен државен субјект и дека после тоа успешно ќе ги активира и реализира желбите, потребите и правото за реинтеграција на овие простори и пошироко, кое што ќе го гледаме низ призма на сопствен интерес, пред се, заради географска, економска и биолошка логика.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Дами и господа пратеници, почитувано Претседателство. Им заблагодарувам на сите до сега што зедоа учество во дискусиите околу темата за меѓународно признавање на Македонија. Меѓутоа, веднаш да ви кажам се радувам и сакам да ја заборавам првата седница на овој Парламент кога 4,5 часа ве молев да ја испееме химната, Јас велам вака. Господ е голем и човекот е како сончоглед. Ќе продолжам со темата. Македонија како фактор во меѓународните односи на Балканот и понатаму, Како јас ја гледам Македонија? Македонија ја гледам како држава која треба да придонесе за животот на македонецот и на останатите на овие простори и во животот на Балканот, на Европа и понатаму. Меѓутоа, треба да имаме предвид еден голем фактор, за да имаме ние држава, стабилна, потребно е према мене два фактора кои се главни за животот на таа држава. Прво, јака политичка стабилност, за која не се сомневам дека и овој Парламент во иднина ќе биде компактен, нашата Влада и претседателот на Републиката. Другиот фактор е

фактор на јака социјална држава. Ако тие два фактора не успееме да ги соединеме, таа држава ќе биде слаба, таква држава тешко ќе може да го најде местото во Европа и понатаму. Не сакам да зборувам за историјатот, не сакам да зборувам за оние наши дедовци и прадедовци, за нашите татковци кои загинаа во разните движења, не сакам да зборувам за најновите жртви кои ги дадоа многу луѓе после ослободувањето. Само може да кажам еден збор: дека никогаш овој парламент и нашиот народ тие луѓе не треба да ги заборават. Затоа што тие се дел од нашата историја, тие се камел темелникот на нашата држава.

За меѓународното признавање на Македонија и за активностите кои ги преземаа и до сега почитуваниот претседател на Републиката, министерот за надворешни работи, Владата и останатите партии и дејци, ми се чини дека толку и можеа да направат, затоа што има субјективни и објективни причини во политиката на надворешните сили према нашата независност. Не сме далеку од границите кои не опколуваат. Сме живи сведоци во северната и во јужната граница што се случува. Дали ние сме моќни да ги заприме тие движења, дали сме моќни ние, и нашата политика да им кажеме на Грците дека не треба да ни ја затворат границата, или на некој друг субјект кој треба тоа да го направи. Истото ќе важи и за север-ниот сосед. Меѓутоа, мене ми се чини дека нашиот народ, македонскиот народ надвор од нашата земја, зборувам за целокупна Македонија, сите македонци кои се надвор од нашата татковина можат многу да придонесат ако успееме кај нив да создадеме единство и ако нашите политичари повеќе пати контактираат со тие луѓе. Во тоа не се сомневам. Што е причината, јас имам такви информации, дај боже тоа да не е вистина, дека нашите луѓе во дијаспората не

се единствени. За да не се единствени во дијаспората, значи треба да ги обвиниме претходните раководства на оваа земја, или сегашното. Тие последици на тој човек наш кој живее надвор и неединството не потекнува од овој Парламент. Не сме ние причина што тие се во таква состојба. Кај нив црвот е влезен од поодамна. Сега, нашата дипломатија, за да не претстават тие, бидејќи на некој начин ние ми се чини имаме повеќе од милион ипол народ надвор, тие се државјани на Америка, на комонвелтот и на други држави во Европа На некој начин тие се бизнисмени, на некој начин тие се конгресмени или пратеници во тие држави. Значи тие имаат извесно влијание кај дотичните држави каде што тие живеат. Нашата дипломатија, идните наши дипломати ќе ги замолат на тоа место да имаат повеќе работа со тие луѓе, затоа што тие луѓе не само што ќе ни помогнат да го најдеме патот кон вистинската политика која ја бара светот и економски ќе ни помогнат. Ке речете сега вака. Ама чичко Митко и до сега ни помагаа. Јас имам и такви информации, дека и до сега луѓето помагале. Помагаа, ама да бидам скромен, или да не бидам скромен, тие пари се лепеа по џебовите на некои луѓе. Не одеа до местото каде што требаа да дојдат. Значи, од сега овој Парламент, надворешната политика наша ќе биде таква што ќе им ја кажува вистината и ќе бара помош од тој наш човек. Економската помош ќе дојде само тогаш во оваа земја, кога ќе падне во вистински раце, затоа што нашиот човек работи, но парите пак сака да му се вратат. Ке помогне, ќе инвестира, а нема да биде излажен.

Уште една работа ќе кажам. Незнам колку ќе држи овој Парламент, меѓутоа, на нашите места ќе дојдат нови пратеници, нова Влада и нови луѓе кои ќе управуваат со земјата. Сигурно ќе бидат  и тие македонци, албанци итн. Едно да не се заборави и да

не ни излезе од памет дека за да оди напред оваа држава ние ке мораме да работиме и на тоа драги господа, да не се држиме само за тие кадри стари кои до сега раководеа со системот, но ќе се бориме да извадиме кадри, дипломати кои ја претставуваат нашата земја од границите на оваа наша мала татковина.

За економската положба не сакам да зборувам, бидејќи ќе дојде и таа тема. Греф ќе не фати сите, ако не го погледнеме и човекот кој гладува. Јас во џебот да ви кажам, имам неколку писма, не сакам да ги читам, затоа што светот ако го гледа Митко сит, а соседот на Митко гладен, тогаш нема да ми верува. Ке правиме се да одделиме нешто и за таа сиромаштија. Знам,влегуваме во други односи на пазарната економија. Но човекот си е човек. Јас еднаш реков до тука ни е патот и паѓаме. Вие младите, а и ние постатире треба да имаме предвид да делиме нешто повеќе од тоа што имаме и за сиромавиот. Да внимаваме, се обраќам кон директорите да ме извинат, за тоа што во нашиот Парламент према сознанијата што ги имаме има 20 или 30 директори, да внимаваат при отпуштањето на работници во фабриките, во претпријатијата, да ја земаат предвид социјалата во која се наоѓаат луѓето, за да не дојдеме до конфузија да не дојдеме до работници на улица. Тоа е многу лоша работа. Државата не се гледа од надвор. Од надвор може да биде кукла, а внатре да биде панукла. Исто тоа важи и за куќата. Ја гледаш убава куќа однадвор но кога ќе одиш внатре никаква. Треба да внимаваме внатре куќата да ни биде средена. Затоа господа директори, пратеници, се обраќам и кон сите директори на нашата татковина да внимаваме во работата и да му помагаме на сиромавиот, на гладниот и кога ќе влезе човек во вашата куќа, во претпријатието да види дека навистина вие сте добри домаќни.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, денеска светот се наоѓа во една преодна епоха, епоха која макотрпно се простува со минатото и настојува да зачекори во една поправедна, подемократска и поцивилизирана иднина.

Во ваквите крупни историски промени во меѓународната заедница неминовно се наметнува потребата за согледување на новото место на Македонија на бившиот југословенски простор, во Балканот, во Европа и во светот воопшто. Во тој контекст логично се поставува прашањето каде се наоѓа Македонија во однос на епохалните промени во Европа и светот.

Со вкупните промени во меѓународните односи, односно со пропаста на советското империјалистичко царство и социјализмот во источно-европските земји и во Југославија, а од друга страна јакнењето на САД како единствена светска сила и новиот однос на силите во Европа, промените на сегашното место и улога на Балканот и балканските земји во стратешки концепти и интересите на САД, Европа, па и Русија во тој контекст, геополитички Македонија не е веќе она што до вчера беше таа, веќе не е "буре на барут" и "јаболко на раздорот" како што и денес сакаат некои соседи да ја прикажат кои сеуште робуваат на старите шеми, шаблони за Македонија и Балканот.

Таквата стратешка положба на Македонија во изминатите европски околности, претставува само трајна вредност и фактор на мирот и безбедноста во пошироки рамки. Таквата нова историска положба на Македонија го направи многу реален вековниот сон на напатениот и со сила во 1912 година распарчен македонски народ за создавање на своја самостојна, независна и меѓународно

призната држава што беше исконска желба ка македонскиот народ.

Во Македонија, моментално, ситуацијата е "чардак ни на небо ни на земја". Факт е исто така дека до остварувањето на македонскиот вековен сон на македонскиот народ ќе бевме многу поблиску во колку македонската држава, македонскиот државен врв благовремено и јасно ги утврдеше стратегиските државни и национални интереси, до колку имаше јасна национална визија, јасна платформа по однос на тоа што сака и каде го гледа местото на Македонија во изминетите меѓународни односи.

Немаше јасна и искристализирана платформа за стратешки, државни и национални интереси на Македонија, ниту пак за ново место на Македонија во изменетите мегународни односи и нејзината надворешна политика.

Македонскиот врв многу малку размислуваше за стварната самостојност на Македонија. Кај него постоеше страв од целосно осамостојување, од можноста дека Македонија не ќе опстане како самостојна држава. Тој врв слепо веруваше и се надеваше дека ќе се сочува каква-таква Југославија, тој врв робуваше на југословенската идеја седејќи неопределено на два стола. Впрочем, од оваа говорница беше речено оти Македонија за македонскиот народ не се зрели да имаат своја држава.

Многу фалената платформа Глигоров-Изетбеговиќ, врз основа на која уследи референдумот од 8 септември 1991 година за "Суверена и независна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија", меѓутоа ако некој сака да биде суверен и независен, тогаш е излишно да се врзува со било какво "право" бидејќи тоа самото по себе се подразбира.

Во прилог на политкката "ни риба ни девојка" на македонскиот врв, како доказ зборува и толку фалениот Меморандум подготвен во Републичкото министерство за односи со странство и упатен до Европската заедница на 28 август 1991 година во кој се зборува за "статусот на Македонија во југословенската заедница". За тоа дека во идното уредување на Југославија треба да се избегнат две опасности во Европа: унитаризмот и сецесионизмот, а и самиот наслов на Меморандумот гласи "Меѓународна позиција на Република Македонија и нејзиниот статус во југословенската заедница" зборува за што се залага нашиот политички врв и тоа само десет дена пред прогласување на референдумот на 8 септември.

Потоа, уследи Уставот, донесен на 17 ноември и во глава VI од Уставот, во кој се зборува само за некои сојузи, а нема ни збор за тоа дека Македонија ќе води своја сопствена меѓународна политика. Иронијата да биде уште поголема, во член 14 од Уставниот закон се вели дека Македонија на меѓународен план ќе ја застапуваат "сојузните органи односно Сојузната влада или сојузниот секретар за надворешни работи". И денес, за жал, можеме да констатираме дека се држиме за тој член од Уставниот закон кој сеуште не е променет, како што народот би рекол "слепиот за стапот" или "пијаниот за бандера".

Исто така, македонското раководство реагираше пост фестум на политичките импулси што ги добиваше од Европа и светот. Позитивното мислење на Арбитражната комисија не беше доволно да го надокнади она што беше веќе пропуштено да се направи.

Затоа, вината за меѓународното признавање и непризна-вање на Македонија не треба да ја бараме кај другите. Таа е кај нас, таа е во нас, а не преку медиумите да се бараат други виновници

и се етикетираат други партии  од националниот блок како причина за што можам да наведам, било за непризнавањето на Македонија каде стојат дека некои политички партии имаат лав или сонце како обележје и т.н.

Непризнавањето на Македонија покажа дека активноста за меѓународно признавање не само што требаше да почне многу порано и не само што не смееше да се сведе само на невиден број контакти на македонскиот врв, туку требаше да биде многу поширока, поосмислена и поофанзивна, а не сведена само на неколку членови од високиот раководен врв. Македонскиот врв, многу малку стори за широко афирмирање и пропагирање на македонската идеја по светот. Широко да се пропагира и желбата на македонскиот народ и граѓаните на Македонија за независност, самостојност и меѓународно признавање.

Периодот од една година од одржување на повеќепартиските парламентарни избори на Македонија секако беше доволен да се направи нешто на планот на трансформација и промена на постојниот сталинистичко-болшевистичкиот, економски и стопански систем.

Македонскиот врв само изјавуваше дека ќе им пружи шанса на смелите, способните и креативните луѓе, но во пракса до ден денешен ништо не е променето и продолжи политиката на негативна кадровска селекција и доведување на луѓе до поданички менталитет, со сомнителен морал и лажни вредности  наследени и некритички прифатени од едноумието.

Македонското раководство мора на македонската јавност да и одговори кое е гледањето за вистината. Дали не сакаше, дали не умееше или пак не смееше ништо повеќе да стори на планот на меѓународното признавање?

Одговорот што пред извесно време го даде претседателот на Републиката "објективно и не очекувам дека ќе бидеме признати во првиот круг" не може никого да задоволи и во најмала рака е несериозно и неодговорно бидејќи од причина кога се носеше Уставот ни беше сугерирано дека постои можност Македонија да биде призната побрзо од Словенија и Хрватска.

Во колку дојде до годледна перспектива до меѓународно признавање, тоа секако нема да претставува резултат на таквата "активност" туку на европските и светски реалности, а посебно на напорите и залагањата на раководствата на вистински национално ориентираните македонски политички партии и сите Македонци во земјата и светот.

Процесот на меѓународното признавање на Македонија ќе биде тежок, болен и сложен. Нема да дојде преку ноќ. За тоа признавање ќе треба упорно да се бориме и избориме. Вистинска битка за меѓународно признавање на Македонија допрва треба да започне. Затоа, треба под итно да се донесат системски закони за широко отворање на Македонија кон соседите и светот, за нејзино активно вклучување во меѓународната поделба на трудот, за поголемо вклучување на современите техничко-технолошки процеси и достигнувања.

При тоа, основна е детерминантата на македонската надворешна политика што треба да ја сочинуваат државниот и националниот интерес.

Коегзистенцијално ориентираната надворешна политика на Македонија ќе треба да се залага за ефективно фклучување на Македонија во меѓубалканската соработка, како и јакнење на регионалната соработка на Републиката со сите региони во Европа, а

исто така и прошируваше на односите на Македонија и присуство на нејзиното стопанство во земјите на развојот.

Неопходно се наметнува потребата за водење на поинаква грижа, поинаков однос на Републиката спрема македонските граѓани во странство или пак иселениците од македонско потекло.

Македонија ќе мора да посвети на т.н. тајна дипломатија или т.н. неофицијална дипломатија посебно внимание. Таа димензија односно меѓународна соработка на Македонија на научен, културен план ќе мора да се засили. Меѓутоа, би било детско и наивно да се очекува дека остварувањето на сите овие приоритетни за-дачи на Македонија на меѓународен план ќе може да се остварат со досегашното импотентно делување на македонската Влада.

Така што, македонската надворешна политичка стратегија бара способни, смели, динамични, креативни и високоспособни професионални кадри на кои ќе мора да им се даде приоритет, на луѓе со интелектуална смелост и духовна слобода, на критериумите на стручната оспособеност за надворешно-политичко работење и познавањето на необично сложените противречности во светот. Само на тој начин обезбедуваме меѓупартиски консензус за стратешко државни и национални приоритети на Македонија на меѓународен план.

И, на крајот, би сакал да заклучам, Европа и светот не се наивни, имаме заедничка одбрана, имаме заедничка униформа на милицијата, заедничка дипломатија, заедничка царина, белези на граничните премини се заеднички, сеуште од остатокот на Југославија, камен обележјата на границите сеуште се непроменети, спортот сеуште е заеднички за што нешто впрочем и што е посебна приказна, а тоа може да се каже од искажувањето на Михаил Пановски

кој вчера се произнесе, монетарниот систем е сеуште заеднички и многу други фактори што не носат во остатокот на"Србославија", заедно со тоа што сеуште ја имаме ѕвездата-петокрака, а сакаме во Европа,во светот, каде што се развива бизнисот и пазарното стопанство.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам пауза до 14 часот.

(Пауза од 13,.00 до 14,30 часот) .

Продолжуваме со работа.

Има збор господин Јордан Бошков.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа,

После вака исцрпни настапи јас по малку се соменвам дека можам нешто ново и суштествено да изнесам. Нормално, не сето тоа што го слушнав ја има и мојата поддршка,

Во начело сакам да кажам неколку свои приоди. Ние, за една година, а можеби и подолго, еве прв пат разговараме на тема надврешна политика. Поточно, се обидуваме да направиме една рекапитулација на тоа што е сторено.

Самиот факт што Македонија доби позитивна оценка од Арбитражната комисија за нас е извојувана победа. Но, тука, по малку сме стеснети да се радуваме, бидејќи признавањето сеуште не уследи. Има многу причини. Ние, не можеме да елаборираме се, но на внатрешно-политички план можеме да кажеме некој збор повеќе.

.



Ме иритира тоа што има овде лартии, на овие простори, што се залагаат за тоа на Републиката да не се даде самостојност, подразбирајќи дека ете, таа не исполнувала некои цивилизациски барања. Инаку, сосема јасно е дека иднината на Балканот ќе биде во обединувањето. Како во самиот Балкан, така и во Европа. Тоа обединување е проследено и со стандардизирања на секаков план, на законодавството, на вршењето на власта, финансиите, транспортот, па и на паковките, а можеби и насадите за раноградинарски култури, а исто така и отпадот што во текот на работењето би настанал.

Мое гледиште е дека, како држава која се наоѓа во центарот на Балканот географски, должни сме да обезбедиме таква иницијатива и да им понудиме на нашите соседи соработка. Ние сме, исто така, должни да го унапредиме транспортот на овој простор. Транспорт на секој вид. И железнички и морски и речни, а исто така и автосообраќајниот транспорт.

Сфативме дека внатрешните субјекти, конечно после една година, се многу важни за афирмација на државата. Гледаме процеси на беда и осиромашување, не само кај нас, туку и во соседството. Дали има паралели во тоа што бедата чука на сите врати, па и кај нас јас не можам со децидност да одговорам. Само, едно е јасно, ние сме повикани да соработуваме со тие комшии, со кои, за жал, од овие простори колку до вчера излегуваа зборови и клевети. Во иднина ќе мора да сме повнимателни и на тој план.

Во Комисијата за надворешно-политички прашања одамна го поставив прашањето што станува со информативно-пропагандната дејност кон странство. Денеска е јасно дека ова поле е многу битно

и на внатрешен и на надворешно-политички план. И, псо една година, ако направам рекапитулација, гледам дека ние сепак не се презентираме кај факторите на овој свет на доволен начин. Би сакал на Владата сериозно да и укажам да преземе напори и да изнајде начини да се финансира, потемелно, нашата презентација во странство, а тука мислам и на можности да се отворат наши претставништва. Не мора тоа да се конзулати, макар што веројатно и на тоа скоро ќе мислиме, но едноставно, претставништва за Република Македонија. Нешто наслушнавме, но тоа остана само на наслушнување, дека трговските застапништва од македонските фирми ќе презеле таква улога. Тоа го наслушнав пред неколку месеци. До денеска не сум слушнал ништо поконкретно.

Нашите внатрешни субјекти, пред се мислам на партиите, ги доведовме и нормално со голем удел, со работата на овој Парламент, во ситуација на живуркање и скоро непостоење. Тоа, кај нас воедно се оправдуваше со лошата финансиска состојба. Затоа, ете, ние не можевме да си дозволиме партиите да бидат редовно потхранувани со финансии од Буџетот. Демек, од оние наши луѓе, граѓани кои плаќаа даноци и придонеси.

Би сакал и ова прашање да го преиспитаме, час поскоро, бидејќи и партиите се наши претставници. А, сега гледаме колку е важно и партиите да се претставаат во белиот свет. Нашите партии немаат средства самостојно тоа да го вршат. Ниту пак би било пожелно некој од страна нив да ги храни. Сите веднаш, штом се поставуваат вакви аспекти, веднаш бегаме кон тоа дека кај нас е беда. Точно, кај нас е беда, но и во таа беда има лежерност. За последниве две години, дал господ, јас одев со отворени очи по

улиците и населените места и села. Велам, за овие последни две години гледам доста богатства. Од аспект на даночниот систем, кој знае тоа на кој начин се еволуира. Во едно регуларно општество, незнам дали е можно човек да си дозволи нова куќа, нови автомобили без притоа да поднесе на соодветните државни органи докази за потекло на тие пари. Или, фирми да се отвараат и слично.

Ме радува што имаме такви иницијативни граѓани, тоа не е никаков напад против нивната иницијатива, само што, велам, како Парламент сме должни и за тоа да водиме грижа. Затоа што продолживме цела година во плурализам со новиот даночен систем, правдајќи се со интереси од општествениот карактер на претпријатијата, а можевме набрзина сепак да ставиме сопственост во нив. За почеток, барем државна, а потоа таа ќе можеше лесно да се приватизира. Велам, се доведовме во ситуација да е нејасно од каде се приходите, а исто така не можеме да ги финансираме партиите, што се, за моја претстава, многу важни субјекти и што исто така имаат своја амбиција во афирмацијата на државата.

За неколку нешта што ги начув овде или слушнав децидно, нема да одговорам од други дискутанти, само што јас не мислев дека оваа точка требаше да послужи за маркетинг на политичките партии. Затоа, сакам да упатам критика, а кој самосвесно ќе ја прифати во ред е.

Тоа беа накратко моите забелешки и јас се надевам дека навистина ќе преземеме иницијатива за поширока соработка со нашите комшии. Велам, тука не бевме доволно активни. Мене ми е многу малку, во фаза на општа интеграција во Европа, кога министрите се сретнуваат двапати месечно и тоа по протокол  а можеби и почесто и групно, двапати месечно кај Европската заедница, ние

за една година да имаме само едка посета од тука во Република Албанија, една во Бугарија, во Романија. Тоа сепак е многу малку.

Ќе мора повеќе да се преговара и пред се да се договори да се видат реалните плодови од тие контакти. Самите искази дека  еве сме за добрососедство, или пак они, тие се многу малку. Интеграцијата и од технолошки аспект наметнува поголема динамика.

IX/1/ДВ/ЛЈ

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Веднаш на почетокот се согласувам со баражето на господинот Ештреф Алиу Парламентот да работи по рационално, бидејќи имавме веќе едно официјално експозе, а покрај него и неколку други експозеа, не шо содржината, туку по времетраењето. Затоа мислам дека треба да бидеме порационално во трошењето на времето.

Најпрвин, веднаш на почетокот сакам лично да го поддржам излагањето на минситерот за надворешни работи и политиката што ја водеше нашето врвно раководство во периодот на осамостојувањето на нашата Република.

Не се согласувам со излагањето  на некои претеници кои нашата политика ја нарекоа катастрофална лоша и импотентна. Ако нашата политика која ја воде анашите врвни политичари, заедно со Парламнntот беше таква, сигурно дека Бадинтеровата комисија немаше да ја дврсти Македонија заедно со Словенија како републики каде се исполнети сите услвои за признавање на истата. Тоа што пак Република Макеоднија во истиот момент не беше признаена од тие исти држави кои јаформирааа таа комисија, тоа зависи од разни политички шеми и интереси. Меѓутоа, и покрај тоа што разни земји немаат интерес да ја признаат во моментот Република Македонија, мислам дека и во рамките на нашата Република разни партии поединци и групи немаат исто така интерес, во моемнтот со своето дејствување тоа го покажуваат, за признавање на Македонија. Тоа можам да го аргуемнтирам со фактот дека партијата - движење за Југославија со своето залагање за опстојување на Југославија, откако успеа со својата политика да ја растури Југосалвија, сега му префрла на нашето раководство дека го излажало населеннието во Македонија и дека не го реализира вториот

дел од  референдумското прашање за сојуз на Макеоднија со останатите Републики.

Исто така Партијата ПДП, поединци од таа партија, со своите истакнувања дека не треба Албанија да ја признае Македонија и со своите тенденции да создаде една држава на овие простори дека живеат етнички чисти Албанци, и неоди во прилог на Македонија и не гледа интерес во признавањето на Македонија како суверена држава. И не можам поинаку да констатирам туку нападите во овој Парламент денес и вчера од Партијата на ВМРО - ДПМНЕ која ја окарактеризира политиката на нашето врвно раководство како импотентна и катастрофално лоша, дека и они или поединци од нивната партија не гледаат интерес и ја туркаат Македонија во разни други комбинации освен во  осамостојување и признавање на Македонија.

Мислам дека внатрешната политика и политиката која ја водеше нашето раководство во решавањето ан Југословенската криза и признавањето на Македонија која веќе е почнато оди во прилог на тоа да кажеме дека политиката која ја води ова раководство е баш на прав пат и можеме да кажеме дека ретко од која Република раководството успеа со својата политика да докаже дека на Балканот може да се решаваат  разни проблеми со дијалог, со преговори, а не на сила и дека Макеоднија полека ја доведува во меѓународно признавање, исто така со приговори и без употреба на сила.

Посебно го поддржувам дел од експозето на министерот во кое се остава простор за понатамошна соработка низ демократски дијалог со останатиот дел од југословенските репубулики, во иднина и што остава простор низ економско поврзување да дојде до некои решенија во тој дел.

Јасно е поставено местото на Македонија и македонската економија ако таа биде затворена и каква е перспективата со затворени граници на Македонија и каков е излезот на економските проблеми и проблемите кои го тиштат македонското стопанство во рамките на сегашните проблеми кои се надвисуваат над Македонија.

Не можеме ние да пледираме само на суверена Македонија ако истата не виде и економски здрава. Сувереноста јас ја поврзувам со здрава економија и со богат човек.

Многу од дискутантите тука спомнаа дека не чекаат социјални пензии и проблеми со исплата на лични доходи и водеа брига за нашите работници упатувајќи го проблемот на директорите на претпријатитето. Јас мислам дека не е само проблемот кај директорите. Тие самите не можат да ги решат проблемите така како што се дадени сега. Сега имаме објактивни проблеми кои ги тераат претпријатијата во стагнантни движења, а сето тоа независи од поединци. Меѓутоа тие кои тука делат лекции  и кажуваат како народот се потешко живее, со своето однесување токму одат во правец на тоа народот да живее потешко.

Некои од дискутантите со своите излагања се покажаа како подобри стручњаци од Бадинтеровата комисија, па кажуваат дека Македонија не е призната  затоа што сеуште е тука војската, дека уште носиме униформа, дека сме под исти монетарен систем, дека спортистите не се издвоени итн.  Јас мислам дека сето тоа е толку неаргуемнтирано кажано што во секој момент може да се демантира. Еве на пример Германија нема своја војска или има во многу мал  обем. На нејзина територија има руски војници, 340 илјади, има и американски војници, па е една од најбогатите земји и нормално меѓународно призната. Руските спортисти настапуваат под едно име или сите заедно

а сите републики во Русија се исто така признати. Во Русија исто така монетарниот систем е единствен, рубљата е единствено средство за плаќање а тие републики се исто така признати. Така да сите овие искажувања дека Македонија не е признаена з аради тоа и тоа, за тоа што нема грб или знаме, се паушално искажани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Добивме една информација доста кондензирана за активностите на нашата дипломатија, едно експозе каде е навистина ништо ние не можеме да спориме дека немало активности колку што треба за признавањето на Македонија како држава. Меѓутоа, јас пак се сомневам во тоа дали сме ние толку способни да дадеме некоја реална оценка за целата таа дипломатска активност затоа што знам или сим слушнал дека за да дадеш оценка за некоја дипломатија треба многу знаење и многу памет.

Мислам дека имавме една добро компонована репрезентација за дипломатската активност на државата Македонија, иако сметам дека сеуште, барем по дискусиите што ги слушам и по некои пишувања, како да не сме имале или уште немаме некој  добар или цврст политички консензус како да се настапи понатмау.

Ние во таа надворешна политика навистина учествувавме доста активно. Не само тие кои беа назначени да учествуваат, почнувајќи од претседателто и господинот Малевски, како министер за односи со странстов, меѓутоа има одредени сомневања , ако се надоврзам и на дискусијата на господинот Мухамед Халили, вчера дека понекогаш доминира и тоа дека се воддела малку повеќе национална политика од таа што велиме ние државна политика. Меѓутао сепак задоволителна е таа активност затоа што и ние другите, иако како пратеници или како пратенички групи имавме можност, оваа наша, демократија ни овозможи и ние да учествуваме во некоја мала скромна  дипломатија,

затоа што Европските земји кои исто така могу богата надворешна политика водеа кон нас и беа присутни кај нас . Тој нивни интерес, провокативен во позитивна смисла со цел кај нас да инвестираат што повеќе демократија ни овозможи ние денес да сме то  што сме. Меѓутоа, не треба да се сомневаме во тоа дека некои од пратнеичките групи било која и денес или пред тоа го контестира тоа што е Македонија како држава  или да не биде признаена од Европските земји однсоно од другите земји. Важно е каков е нашиот приод во сето ова.   Ние можеби имавме и препирања и во самиот парламент во почетокот со  едно истрчување мислејќи дека само нашите идеи се добри, само нашите постапки се добри, меѓутоа пак по некогаш мера дува тоа што имавме така компоиниран еден парламент што и тие што се истрчуваат, имавме луѓе ние тука кои знаеја да амортизират и да го избереме  тоа што е  најпаметното, затоа што со истрчуваше во некои потези, посебно кога се рабоит за дипломатија може и доста добро да се греши. Обично за такви изјави ние понекогаш добиваме и бумеранг а и ден денес ни се враќа. Меѓутоа сепак мислам дека генералната оценка може да биде дека имавме добра и паметна политика. Со истрчувања ние можеме, ако продолжиуме вака да создадеме или ке можевме да создадеме и такви конфликтни ситуации што денес некој  можеше дца се фали само со една синтагма што денес што е српска - го ослободивме Вуковар. Доста е тоа што денес расправаме во мир и тоа расправаме за меѓународно признавање на државата Македонија.

Во некои дискусии се спомнуваше дали ПДП претставуваше прека или пратениците на ПДП, за признавањето на Македонија. Јас мислам не. Тоа што ние инсистиравме да се договаравме за каква Македонија сме и тоа што сме го кажале секогаш на оваа говорница не

може господа да значи дека се работи за да се констетира признавањето на Македонија, затоа што во сите тие контакти и ние како пратеници на ПДП контактиравме со разни дипломати од надвор.

Интересно е кога јас сватив дека дипломатијата е тешка работа. Сите тие ми тапшаат по рамена велејќи па вие сте во право. Па другите претставници, да речам од ВМРО или СДС , и тие кога контактирале со тие луѓе велеле па и вие сте во право. Затоа што тие знаат да ценат тоа што е слободно изразување и слобдно мислење. Затоа секогаш сакаат да го слушнат нашето мислење. Меѓутоа, сето тоа донесе и денес ние да расправаме во мир за признавањето на Македонија.

Кога се истрчувавме по некогаш, дури припишувавме еден на друг, па еве овој со својата дискусија како да се бори за некоја пробугарска Македонија, па другиот за проалбанкса Македонија, па друг за пројугословенска, што во превод значеше просрпска Македонија, се повеке денес кога ние расправаме како да се согласуваме полека дека сите се бориме за една оригинална Македонија, со роигинална политика на Македонија. Ние и со другите кога сме разговарале и лично ако сум учествувал во некои разговор тоа што сум го издал или што сме го изнеле тука ние истото сме го кажале и со другите и ниеден надворешен дипломат не може да рече, во тоа цврсто во уверувам дкеа сме го контестирале признавањето на Макеоднија. Меѓутоа, тоа што сме барале да имаме рамноправен статус како албанци во Македонија и другите националности, тоа е сосема друго . Мислам сеуште се отворени тие проблеми и вакви дискусии и понатаму ке имаме затоа што сметаме дека сеуште сме далеку од таа вистинска Македонија.

ИСМЕТ РАМАДАНИ: (Продолжение)

Но, ние што и да чиниме, што и да кажаме вистината за нас во Македонија е во европскиот монитор господа. Јас лично се надевам дека ќе ни се врати, фигуративно да кажам, со некој пречистен текст.

Што се однесува во еден дел од излагањето на господинот Црвенковски, јас напротив се согласувам донекаде меѓутоа, се согласувам Македонија да бара нов баласт  или рамнотежа на Балканот, но тоа го поздравувам онака како го прокламира сега засега господинот Глигоров и господинот Маледски, а никако како СДС,затоа што тука расправаме како парламентарци, а не како политички партии. Таков рејтинг не ни треба, политичките партии нека си продолжат како што се или кога ќе имаат анализа на една ваква меѓународна активност на нивните партиски состаноци.

На крајот да завршам со тоа дека демократијата не е верна љубовница да и се рече ти си само моја.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитувани пратеници, јас ќе се осврнам само на извештајот и заклучоците на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, бидејќи воведничарот во својот извештај господинот Денко Малески не остави простор за една конструктивна дискусија по него.

Мислам дека сите оние дискусии кои беа сакаа да ги истакнат своите партиски интереси и немаше ни една конструктивна дискусија

Официјалните преставници на Република Македонија успешно ги афирмираа сите документи усвоени на Парламентот почнувајќи од декларацијата за сувереноста на Македонија, па до амандманите на Уставот со кои се откажавме од територијалните претензии кон соседите. Затоа сметам дека Информацијата за меѓународната активност на Републиката да ја усвоиме.

Што се однесува до заклучоците кои по иницијатива на пратеникот Јордан Бошков за воспоставување парламентарна соработка сметам дека таква соработка постои и таа се одвива во интерпарламентарната унија во која членки се сите членки на Обединетите Нации, но оваа иницијатива ја поддржувам со сите оние земји кои сакаат да имаме такви парламентарни средби.

Имам едно дополнување на заклучоците. Во првиот заклучок сметам дека треба да се избрише зборот "европските земји" и треба да стои "со сите земји во светот" и на точката 4 од Заклучокот предлагам да биде меѓународната активност на парламентарните делегации да биде во согласност со документите за самостојност и сувереност усвоени на Парламентот. Точката 4 да биде точка 5.

Ова го предлагам бидејќи секој член на парламентарна делегација која ќе биде одредена треба да ги застапува сите документи кои се донесени на Парламентот, а не свои лични интереси односно интереси на пооделни партии.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, повеќе време се чекаше за една ваква информација за меѓународната активност на нашите раководители од Република Македонија.

Мислам оти оваа активност почна многу доцна т.е. по 15 јануари 1992 година. Гледајќи на тоа што се работеше до тогаш и како се залагаше нашиот политички врв се гледаат и добиените плодови од тоа, но за жал тие плодови се мали и малку. По мене во оваа Информација која е опширно опишана активноста на нашата надворешна политика недостигаат некои работи кои се битни за меѓународното признавање на Република Македонија.

За прв пат, во историјата на македонскиот народ се здобива со шанса да формира своја сопствена држава, за прв пат Европа го дозволи тоа, бидејќи тоа никогаш не го сакала т.е. секогаш го спречувала истата Европа што ја парчела и делела Македонија сега ни понуди држава, но за жал тоа некој како да не го сака или не знае да го искористи или не сака. Има и такви. Дали некој мисли дека не сме подготвени за Европа. Ние сме во самата Европа, ние самите треба да ја привлечеме Европа да дојде кај нас.

Во последно време сите ние  рековме дека сакаме држава. Ако некој од нас овде тешко се вклопува во тоа да се запрашаме што сториле во годината што помина и како гледа Европа на тоа кога очекуваме таа да не признае и зошто тој поголемиот дел од тие држави постои некое сомневање и зошто за сиот цивилизиран свет најважно нешто е демократијата. Но, за тој ист свет демократијата и комунизмот не одат заедно. Тие одамна расчистија со тоа. Дали кај нас тоа е расчистено, тврдам дека не е. Сите партии пред изборите и по тоа заговараат некаква демократија со формирање на Парламентот, велиме дека градиме парламентарен демократски систем. Мислам дека тоа не е така. За некои тоа е така, а за некои не е.

Со помош на средствата за јавно информирање, а знаеме кој ги управува со нив својот народ со помош ка тие средства се лаже за некаква демократија. Дали е демократија кога парламентарниот систем се претвора во систем на цврста рака со помош на создавање коалиција помеѓу левиот блок со партиите ПДП и НДП, Дали е демократија кога средствата за јавно информирање се држат под контрола. Дали е демократија кога се финансираат само одделни средства за јавно информирање што се наклонети моментално на политичкиот врв. Дали демократија е кога државниот апарат од 52 илјади лица се наградува со разлика од две ипол плати, а кога работникот е доведен до просјачки стап. Зошто? Стара метода, стара формула, изгледа некој ја губи позицијата, па најлесно е власта се држи со тој државен апарат. Плати па седи.

Дали е демократија кога се даваат такви права на раководители да прават тоа што сакаат со националните материјални добра, да прават што сакаат и со самите работници.

Дали е демократија кога на раководни места во сите структури се поставуваат добро проверени кадри од комунизмот. За тоа Европа знае и повеќе од нас, но за жал тоа на народот ни е страв да му кажеме или не сакаме или немаме храброст да му го кажеме.

(Општо негодување во салата)

СТОЈАН АНДОВ:

Ке каже нешто и за меѓународната активност.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Дали кај политичарите на тие европски земји не постои двоумење во врска со нашето меѓународно признавање, а гледаме дека постои....

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам немојте да упаѓате, мора да се обезбеди ред во салата.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Дали кај политичарите на тие европски земји сд кои очекуваме признавање не постои некое двоумење, а гледаме дека постои во врска со нашето признавање кога на пример Словенија и Хрватска водеа војна и за нас, а некои од нас го кочеа нивното признавање. Раководителите на тие две држави две години и повеќе одеа по Европа и светот за градење на својата зависност, а кај нас се занимаваме само со крпење на Југославија, со изигрување на некои тампон зони се занимаваме со платформи и се заборави што треба да се стори за осамостојувањето на Македонија. Тоа срећавање беше во 5 до 12 часот па по 15 јануари требаше владите на некои земји како што се Италија, Германија, Австрија, да ги потсетат дека чекаат официјално барање за признавање на Македонија. Тоа го имаше во нашите средства за информирање.

Што се мисли за нашето меѓународно признавање кога ни со прст не е мрднато за враќање на нашите деца војници од српската војска. Дали е тоа побарано официјално некаде во меѓународните форуми од кои би очекувале помош таа Европа со некои нивни методи да посредуваат во тоа. Не е ништо сторено.

Вчера овде господинот Фаик Абди имаше едно излагање со жалење го коментираше пљачкосувањето на Македонија од страна на српската војска. Но, пред неколку месеци да се сетиме што се велеше и истиот господин и многу истомисленици од Партијата СДС кога ВМРО-ДПМНЕ се залагаше за враќање на тие војници и не праќање на нови војници но тоа се виде како излезе тие деца останаа таму. Европа тоа го знае.

Дали манипулирањето со спортските клубови политичкото манипулирање на спортистите не е еден наш минус што добро ќе го забележат во европските земји. Европа гледа и некои обиди за федерализација на Македонија. Една година се задоцнуваат системските закони или тоа како што вчера една новинска агенција го изнесе како еден важен елемент за заокружување на една држава  седум месеци сигурно уште седум ќе оди. Како што реков Европа сето тоа го знае повеќе од нас и дали и сега и понатаму треба да се повторуваат вак-вите пропусти па пак вината да ја бараме надвор и кај другите земји, мислам дека треба да ја побараме кај нас.

Мора да му дадам една реплика на господинот Бранко Црвенковски. При секое негово излагање од оваа говорница мора да се послужи со некое зло, со некои клевети, со некои инструкции. Ако се гледа добронамерно на самостојноста на Македонија дали требаше да се случи тоа што се случи во септември кога истиот господин добиваше инструкција од српски новинар овде пред очите на сите нас кога истата вечер српските резервисти 20 до 30 иљади влегоа во Македонија кога истиот господин заговараше туркање на македонската  власт.

(Општа смеа во салата)

Смешно е и дали не е тоа цинично гледање дека прогрмата на ВМРО-ДПМНЕ е претворена во државна политика. Ако била таа немироЉубива и нешто друго немаше да биде државна политика и целата е остварена со последниот закон за народна одбрана и мило ми е тоа што таа политика ја води претседателот Киро Глигоров.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас незнам дали господинот Љупчо Поповски, се пријавил меѓутоа мислам дека беше пред мене но во ред е.

Почитувани граѓанки и граѓани, анализирајќи ја понудената Информација за меѓународната активност на Република Македонија поточно за активноста на институциите на власта и Министерството за односите со странство и слушајќи го, ќе ве молам јас ве слушав сите, па вие изгледа не сте граѓанин  (му се обраќа на Наќе Стојановски)вие гласавте за граѓанскиот устав господине Наќе Стојановски, вие гласавте за граѓанскиот устав овде. Значи не сте граѓанин тогаш ако се вреѓате.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам седете на своето место.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Па вие не сте граѓанин изгледа, што сте вие, вие сте повластен, не сте граѓанин.

СТОЈАН АНДОВ:

Говорницата не е за разговор кој може да се води во ресторанот. Обратете се вие на присутните овде ве молам и продолжете.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Така е господине Наќе и ќе ве молам да ме слушате.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не  разговарајте со поединци овде. Оваа говорница не е за тоа.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Господине претседателе, дозволете ми вие сте должни да го опомените пратеникот да не ми го одзема зборот.

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте вие да правите тоа што јас го направив. Вие немате право, јас имав право и му реков да не зборува од место.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јасна ми е тактиката.

Слушајќи го излагањето на господинот министер Денко Малески, не би можел да се отргнам од впечатокот дека во понудениот пишан текст се констатира една состојба на остварени посети без да се кажат постигнатите резултати од поедини средби.

Господинот министер искажа некои свои видувања за во иднина без да ја пропушти можноста да ја искаже својата одбојност кон македонските партии со позитивен национален набој. Критиката на македонскиот "национализам" е непримерна и од проста причина затоа што генезата на појавата на тој позитивен македонски национализам е продукт на шовинизмите и негаторските однесувања на нашите соседи во минатото и сегашноста.

Грчкиот еуфоричен шовинизам во излагањето на господинот министер не најде свое достојно негирање, а да не го спомнувам уште албанскиот и српскиот големодржавен шовинизам.

Фактот дека бугарската држава ја призна македонската независност, а преку министерот Ганев и претседателот Желев и реалност за македонската нација во излагањето на нашиот министер не најдоа свое заслужено место.

Поедини визионери јас би ги нарекол визионери од дистанца на минато свршено време кои во минатото немајќи јасни концепции за независна Република Македонија често седејќи истовремено на две па и три столици и вчера и денес од оваа говорница ги изнесуваа своите повратни визии што ќе беше ако, што ќе се случеше, им сугерираа на гледачите, читателите, слушателите, ако победеше ВМРО-ДПМНЕ на изборите

Што ќе се случеше? Погледајте ја Хрватска истото ќе ја снајдеше и Македонија. Порачуваа. Секој втор или трет збор им е независноста ја добивме по мирен пат без испукан куршум, без капка пролеана крв. Колку се сеќавам овде во ова Собрание сите, без разлика, се залагавме за мирна разврска на кризата. Истото го правевме и на ПРЕСС конференциите. Ако некој мисли дека некој од ластегарки се пука изгледа дека не си ја отслужил воената обврска. Синовите на оваа македонска држава колку да звучи нехумано, мора да се признае од оваа говорница леса крв.Над 40 наши фамилии се завиткани во црно.Бројот на психички и физичките осакатени млади луѓе не се ни знае. Мора да признаеме дека бевме немоќни да го спречиме нашето посебно учество во валканата војна.

Монополот што одредени партии сегашни како продолжувачи на политиката на комунистичката партија што го имаат во сите свери на опстојување како што се средствата за јавно информирање, институции те на власта, полицијата, па завршувајќи со месните заедници, создава една клима што во странство се нарекува комунистички систем. Тој непроменет политички систем создава пречки за меѓународно признавање на Република Македонија од западните земји кои се алегрични на вакви државни системи.Чувствуваат сигурно дека не можат да го вложат својот капитал. Несигурност чуствуваат затоа и капиталот тешко доаѓа до нас, мислам странскиот капитал.

Промената на српската валута во македонска е уште еден фактор на заштита на стандардот на населението и фактор за меѓународно признавање, сакале да признаеме или не, меѓутоа, сопствена монета носи многу вредности.

Гафот во Давос каде што единствено Република Македонија немаше однесено брошури за да ја истакне и на економски план својата улога во системот на заедничката економија на Европа за мене е неопростива грешка и на Министерството за односи со странство и на Министерството за информации.

Би кажал уште некои работи што ги прочитав во средствата за јавно информирање ги прочитав каде што претседателите на Украина, Белорусија, Литванија и тн. искажаа една мисла дека немаат добиено никакви документи околу можносто признавање на Република Македонија зе нејзината независност.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (продолжение)

Изјавата на Желев во Давос е почеток за мене на признавањето на македонската нација од бугарска страна. Буквално тоа го кажа господинот Желев,ако се сеќавате,"соработка меѓу двете држави и двата народа".

Сојузот на суверени држави, овде од говорницата се изнесе дека се залагаат за сојуз на суверени држави. Точно е , се залагавме и ние и Платформа имавме итн., меѓутоа треба да си признаеме дека тој сојуз на суверени држави претпоставуваше пред тоа добивање на една независност, сувереност и независност на Република Македонија Само една суверена и независна држава може да влегува во било какви сојузи. Мене ми претставува посебна чест што денеска од оваа говорница ни беше презентиран еден обемен дел од македонската историја, затоа што кога тоа го правевме ние од ВМРО-ДПМНЕ , ни беше кажувано "доста е историја, дајте да одиме напред". Но, без навраќање наназад и согледување на грешките од минатото нема промислен напредок. Не совладувајќи го стравот што произлегува од лепење етикети при посетата на Република Бугарија на делегацијата на ВМРО-ДПМНЕ итн. и господинот премиер исто така го осети тоа на своја кожа од страна на поедини средства за информирање, дури и претседателот на Републиката Киро Глигоров во догледно време не верувам дека ќе прифати да ја посети Република Бугарија затоа што како и српските и црногорските весници што му лепат етикети на нашиот претседател дека е бугараш итн., може некој да се најде и тука како на премиерот и поедини говорници денеска од оваа говорница што сакаат да иницираат дека ете ВМРО отиде таму и е бугарашка партија.

Референдумот и прашањето што беше поставено не соодвествуваше со тогашниот Устав. Тоа треба да го признаеме. Беше изве-дено со несоодветен член , а имавме децидно регулиран амандман 74 што беше и заложба на партијата ВМРО во кој се третира правото на македонскиот народ на самоопределување до отцепување што на крајот еве сите сме свесни и се случи. Иако некои господа овде морам да признаам во Уставната комисија се залагаа Македонија да влезе во сојуз на четири суверени држави, тоа е факт и не е лошо господинот да ме слушне.

Прашањето дали национален, или граѓански устав за Европа и светот не е меродавно. Меродавно беше само гаранцијата на човековите права и слободи и правата на националните малцинства. Да потсетам, Словенија беше признаена на основа на стариот Устав, а новиот го донесе некаде после месец ипол дена. Во нашиот стар Устав имавме висок квалитет на гаранција на правата на националните малцинства,тогаш се нарекуваа народности и со едно исфрлање на комунистичките идеолошки одредници ќе се добиеше еден нов квалитет кој верувам дека и Европа ќе му дадеше висока оценка. Впрочем Бадентеровата комисија се занимаваше најповеќе дали се гарантираат граѓанските и човековите права и слободи и правата на националните малцинства. Воопшто не третираше дали во Македонија има војска дали има сопствена валута Македонија итн. Во тоа е односот. И сега ако некој заговара тука, ете Германија има војска, Германија е членка на НАТО, има војска. Меѓутоа, ние имаме војска која не е со договор овде присутна. Ние кажавме дека таа војска, ние вчера донесовме Закон дека имаме сопствена одбрана. Што значи таа војска се третира сега како странска сила, нема никаков договор. Мешањето

дека Германија итн., Францива, Грција, Турција има на нивна територија туѓи армии е факт на договор. Знаеме дека се тие земји членки на НАТО пактот и дека по пат на договор имаат присуство на такви војски. Овде се слушна од говорницава дека ете некој ја следел конференцијата за печат што господинот Љупчо Георгиевски лидерот на ВМРО-ДПМНЕ ја држел во Софија и каде што изјавил на прашањето на господинот Тулевски од"Нова Македонија", дали стана збор за решавањето на прашањето за признавање на македонската нација од страна на Република Бугарија каде што господинот Георгиевски изјавил: "Можете да ја слушнете изјавата на господинот Жељо Жељев во Давос". Би напомнал дека во овој период од година дена ни недостасуваше еден консензус меѓу политичките партии во и вон Парламентот околу стратешките интереси за иднината на македонската држава. Мора самите да признаеме дека и покрај бескрајните надмудрувања во ова Собрание се постигнуваше , јас би рекол еден привиден консензус често пати наметнат од односот на силите. Конкретно ќе бидам искрен и ќе кажам да речеме ако ВМРО-ДПМНЕ не се сложеше со понудениот акт за референдум од страна на двете партии од левиот блок, тогаш јас верувам дека средствата за јавно информирање ќе не направеа буквално дека еве ВМРО е тој што е против независноста и сувереноста на Република Македонија. Што и да речеме на некој начин се случува и сега во одредени средства за јавно информирање, а верувам дека и некои пратеници тоа го заговараат. Јасната концепција за самостојна Република Македонија ја имаа од првиот ден околу 40-тина пратеници во овој Парламент следејќи ги определбите на партиите кои за ова се залагаа уште за време на изборите. Но, знаеме дека на овој свет ништо не е вечно, инаку се би било догма

дека се е еден тек кој се менува, така и лугето се мекуваа во своите определби, отфрлајќи го стравот и неизвесноста што мене посебно ме радува, така што сега тоа одговорно го тврдам над 90 отсто од пратениците и граѓаните би рекол на Република Македонија се за самостојна и независна суверена Република Македонија, Залагањето на македонската дипломатија за зачувување на каква таква Југославија во период повеќе од 7-8 месеци кога две конститутивни републики на таа бивша Југославија со своите потези се изјаснија изрично за независност по мое мислење има одраз на сегашното позабавено би рекол признавање од светските фактори, притоа не негирајќи го и ставот и фрустрираноста на Република Грција. Повеќе не сакам да одговарам на ниски напади од страна на префарбани демократи на кои единствена можност за подигнување на својот и рејтингот на нивните партии на која нормално се членови им е на овој начин, начин на ќич насмевки и демагогија од најлош тип, знаејќи ја максимата, маркетингот е се. Сведоци бевме на едно појавување на телевизија кога Република Турција не призна, дури најавувачот најави дека ете му е испратено соопштение, а видовме од позадината како тоа беше снимено во просториите. Значи за некого телевизијата може да отиде во просториите таму и да сними една изјава , а другите партии мака мачат, испраќаат по телекси некои соопштенија што некој пак коментатор на радио или на телевизија ќе ги нарече дека ете тоа е непримерно, дека така не треба да се прави. Но, реков се е маркетинг. Од моја страна нека им е простено.

Сега би си дозволил да изнесам и некои свои предлози како македонската дипломатија би добила во интензивност на меѓународното презентирање на македонските мирољубиви, цивилизациски и добрососедски определби за меѓународно признавање.

Како прво на светот да му се презентираат историски, културни, духовни, стопански сознанија за Македонија во поголем обем. Јас верувам дека во еден период тоа и беше презентирано, но треба малку да бидеме поагресивни , во еден поголем обем од времето кога на овие простори владееше отоманската империја , балканските војни, првата и втората светска војна па наваму. Европската заедница и светското јавно мнение би ја прозреле перфидната грчка дипломатија, ако знаат дека пред Првата Балканска војна , Отоманската империја била подготвена, ова одговорно го тврдам и ми се чини дека за тоа има најнови документи, да и даде на Македонија автономија за која што и партијата на која и припаѓам  уште тоа време се залагаше. Како продолжувач на идеите на таа партија, но колонијализмот во тоа време беше во процут, така што трите балкански држави Грција, Србија и Бугарија повлечени од колонијалните апетити ја поделија Македонија под изговор дека сакаат да ја ослободат и да и дадат автономија. Но, тоа е историја и минато време, а ние и нашите легално избрани органи на првите повеќе партиски и потенцирам слободни избори, ова го потенцирам заради најновите грчки инсинуации се определивме и дадовме цврсти гаранции прифаќајќи ги решенијата на КЕПС за непроменливост на границите и немање територијални претензии. Што е со Грција како членка на Обединетите нации, членка на Европската заедница , КЕБС итн., која со меѓународните договори има обврска да ги почитува  човековите права и слободи, да ги почитува правата на националните малцинства на Турците, Македонците, Власите, Албанците, Ромите, Ерменците и на многу други кои живеат на територијата на Република Грција. Што е со почитување и на

основните човекови права ка илјадници насилно населени Македонци и други од територијата на Република Грција и нивните поколенија. Ова нашата дипломатија треба да и го презентира на Европската заедница, иако можеби Европската заедница тоа го знае, но треба и тука агресивно да кажеме од каде е проблемот и синдромот на Република Грција од каде произлегува. Европската заедница би требала да го употреби својот авторитет и да и наложи на Грција како што тоа и го наложи на една друга држава сугерирајќи и да и дозволи на една грчка партија итн . да учествува на изборите, да им дозволи и на националните малцинства да формираат партии и еднаш Грција да одржи навистина први слободни избори без репересија. Но нашата дипломатија и понатаму  треба да покажува спремност за дијалог со зачувување на достоинството и човечноста како би му докажале на светот дека во секое време сме спремни за дијалог без закани и уцени од било која страна.

Со Република Србија да се интензивираат контакти на сите нивоа за да се свати реалноста на Балканот во денешно време и апсурдната ситуација дека официјалната српска политика ја признава македонската нација, меѓутоа, не ја признава македонската држава, а тоа нашите средства за информирање спрема една друга држава се однесуваат на еден начин, а спрема друга држава на друг начин, а мора да признаеме дека Србија , официјалната српска политика ја признава македонската нација, но не сака да ја признае макадонската држава. За да ова се надмине и Србија ја признае македонската држава, за добро на двата народа како што тоа го направи и Бугарија нормално и со едно почетно признавање и на македонската нација. Признавањето на македонската држава верувам дека

ќе допринесе и до подобрува.ње на меѓусебните односи помеѓу Србија и Бугарија и елиминирање на нивниот долг меѓусебен антагонизам.

Владата на Република Македонија треба да ги поддржи сите иницијативи за балканска соработка и да иницира разговори за создавање балканска економска заедница од типот на Европската економска заедница. На домашен план Владата би требало да се заложи за доследно почитување на Уставот и законите како би докажале пред меѓународната заедница дека сме правна држава.

Во продолжение на ова би потсетил дека Уставот и законите не се почитуваат од страна на некои екстремни челници на партиите ПДП и НДП кои користејќи ја моменталната меѓународна положба на Република Македонија се однесуваат уценувачки и заговараат отцепување на дел од македонската држава и припојување кон Република Албанија, вршат асимилација на македонците, ромите и турците врз верска основа. Не излегувањето на референдумот, пописот итн. е уште еден доказ за непочитување на правната држава и нејзините закони. Би ги потсетил исламизираните македонци да не подлегнуваат на вакви закани, да се присетат на јазикот на нивните татковци и дедовци, тоа е јазикот и на нивната и наша нација, тоа е македонскиот јазик. Тие се македонци, да не подлегнуваат на нивните инсинуации од минатото и сегашноста. Порано ги лажеа исламизираните македонци дека ако се пишат македонци ќе им биде земена верата, комунистите ќе им ја земат верата, буквално така пропагираа Албанците а сега дека ВМРО-ДПМНЕ сите Македонцки муслимани ќе ги направи да бидат православни. Тоа е лага , браќа македонци исламизирани.

Оваа лага ја користат за остварување на нивните мрачни цели и создавање големо албанска нација под паролата на исламот. Нешто слично мислам дека им го прават и на Турците и на Ромите итн. Владата би требало да се зафати со разрешување на проблемите од економската свера во стопанството и земјоделието на изградба на социјална политика, па не е на одмет да го разгледа и предложи мерки по барањето на ВМРО-ДПМНЕ од 27 .1.1992 година за кое што вчера министерот за труд и социјална политика кажа дека воопшто не е добиено до вчерашниот ден во Министерството за труд и социјална политика. Не знам каде настанала грешката, но тоа треба да се разгледа и да биде поставено како точка на дневен ред на следната седница, како на некој начин би се добиле услови за разрешување на социјалната тензија како предуслов за политичка стабилност која е битен фактор околу меѓународното признавање, затоа што социјалната тензија можат да ја искористат поединечни антимакедонски партии, каква што е партијата СК Движење за Југославија која што бевме сите сведоци во Куманово на еден демагошки начин им ветуваше на работниците дека ако ние дојдеме и вие останете со Република Србија секој работник ќе има по 15000 динари, мислејќи дека работниците се неписмени и не знаат дека и работниците во Република Србија чија политика заговара оваа партија се пред просјачки стап.

Разликата помеѓу Љупчо и Бранко е иста , како и разликата помеѓу Гоце и Слобо.

На крајот би предложил и некои заклучоци. Министерството за односи со странство да се преименува во Министерство за надворешни работи со сите свои ингеренции, служби согласно Уставот. Македонските дипломати и работниците во Сојузниот секретаријат за надворешни работи од Република Македонија кои го сакаат тоа македонската држава да ги прифати со обезбедување егзистенција за нив и нивните семејства и да им даде сериозен третман. Ова Собрание на македонската суверена држава ред е да прокламира консензус околу меѓународната политика и еднаш да престанат меѓусебните напади заради единствената општо прифатена цел , а тоа е суверена и независна Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Пред да му дадам збор на следниот учесник во расправата, сакам да апелирам кон пратениците да се сетат дека ова е седница на Парламент, а не состанок на некоја нивна партиска организација. Јас ги молам да внимаваат на тоа.

ХАМИТ АЛИУ:

Дами и господо, ценето претседателство,

Немав намера да се јавам за дискусија по оваа точка но ме подттикнаа дискутанти кои одговорноста за забавување на процесот на меѓународно признавање на Македонија ја префрлуваат врз политиката на одделни партии и партиски лидери. Мислам дека негативноит став кон ова прашање треба да се сфати како последица на не како причина. Ова поради тоа што Македонија не најде сили до крај да ги стабилизира мегунационалните односи и со тоа да докажеше дека навистина се определила за демократија и демократски односи.

Би било нереално кога веке се споменуваат партиски политики и партиски ставови да не се споменуваат контрапродуктивните програмски определби на другите политички партии, во стилот Солун е наш итн.

Според мое убедување тоа се основни причини за противењето на Грција и забавувањето на процесот на мегународното приознавање на Македонија.

АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници навистина важна точка на дневен ред е да одиме по меѓупартиски расправи, меѓутоа кога од оваа говорница по незнам кој пат ке се искажат одредени дезинформации навистина човек не може да остане рамнодушен и мора да реагира.

Овој пат најсериозно му забележувам на претседателот СДС што изнесува невистини на оваа говорница во смисла на тоа што изнесува дека референдумот како форма на изразување на граѓаните дека ВМРО бил против распишвуање на референдумот, а исто така и против донесување на Устав. Само да ве потсетам на некои работи

искажани токму од господикот Црвенковски и тоа на оваа говорница, Кога Слвоенија имаше плесдисциплит, кога Хрватска референдум истиот говоркик од оваа говорница искажа дека тоа е еднострака дека е тоа против уставен акт и ке изразува никаква волја на народ итн. Истиот тој соговорник пред извесно време понуди референмдум овој пат во друга форма искажувајки дека е тоа волја на народот, право ка народот ка самоопределвуање итн. Мислам дека овие тафталогии навистина се непотребни.

Во однос на Уставот мора да си признаеме дека кога го донесувавме Уставот ние пред Европа покажавме недефиниран устав. Сеуште имаше полемики и расправии за Уставот. Точно е дека нашата партија се стремеше по национален устав. Да не се фали дека со докесување на граѓански Устав се заврши работата и дека сите се задоволни. Во однос на Европските критериуми и мерила и националниот и граѓански устав исполнуваше виза, а тоа дали ги задоволи дека е токму чистограѓански покажа и самото гласање. ПДП сеуште смета дека има некои нерешени прашања. Сега крајно се користи и посетата ка нашиот лидер во Бугарија, а исто така од неговиот колега се измислуваат изми. Дали одат во корист на Македонија? Сега да се вратиме малку на ситуацијата .

Бидејки го спомнав ПДП сакам да искажам некои свои размислувања во тој дел.

Мислам дека е време ПДП и НДП да размислат како ке се орпеделат во смисла на тоа дали и натаму ке инсистираат кок создавање на паралелка власт или пак ке понудат една друга форма во смисла да се воспостават економски односи со Република Албанија. Кога ова го зборувам мислам на тоа дали еднаш конечно ПДП ке каже дека ова

е држава на граѓаните на Македонија, како што е во Уставот, дека сите сме во сите граѓански права, како стопански субјекти задоволни и дека треба да правиме нешто друго кое ке оди во корист на сите народи. За Република Албанија точни ни е позната ситуацијата, бидејки сум бил на тој терен. Се работи за многу сиромашна земја на која и треба навистина добар партнер за соработка. Исто така, и албанското население од Македонија мислам дека се стреми во матичната своја држава да има висок стандард. Зошто повеќе не се дискутира на отворањето на границите, на воспоставување економска соработка. Зарем не е жално што Албанија прво ги призна Словенија и Хрватска а не Македонија, постојано ставајки на знаење дека се работи за некои нерешени прашања, односно одземени права. Јас да ве потсетам само на една работа и да видиме дали можеме да извлечеме корист.

Ние сакале или не мора да призанеме дека светот има интересни свери. Мора да признаеме и да прифатиме дека за овој дел ке се осети доста Италијанското влијание. Мора да прифатиме и тоа дека правецот преме Грција во догледно време ке биде затворен. Границата ке се затвори, можеби до туристичката сезона и повеке, но веројатно ке се затвори. Економските токови се прекинати. Кога ова го велам имавме ние една политика, која за жал ние не ја видовме а тоа беше, бидејки доаѓам од средина каде што постоеше врска и работеше трговијата со Албанија, тоа беше прекинувањето на пругата Кичево - Охрид. Мислам дека некој претходно виде дека можат да се воспостават економски односи во смисла на поврзување на пругата со Подградец која оди до Драч. Таа врска е прелкината. Ние дозволивме да биде прекината и сегашна стварност е што имаме мегусебно кошкање, истакнување на некои права, наместо да ги избегнеме сите тие работи, да ги отвориме границите, да не се занимаваме со влезно-излезни визи,

да не се занимаваме со запишување на лица таму и водење на досиеа, туку да пуштиме еден проток на стока и капитал.

Посетата на Георгиевски во Република Бугарија треба да се свати најдобронамерна во смисла на тоа што води кон отворање на еден нов правец, на една нова област, на една нова економска соработка од едноставна причина што ние мора да ја прифатиме ситуацијата со Грција и како држава да воведеме монета. Тука се истакна дека со Србија сеуште одат добро врските, меѓутоа ке го поставам прашањето кога ќе воведеме монета како ке изгледа економскаа соработка. Никој не може да ни доакаже и да каже дека најдобро одат односите во оваа област.

Во однос на  тоа што се отвора правецот према Бугарија не смее да се заборави дека со тоа Македонија излегува на море, а морето е пат за целиот свет. Не треба да се  заборави и соработката што треба да се воспостави на економски план со Републка Турција. Бидејки и признавањето беше условено од Република Турција  со давање конкретна помош.

На крајот, не треба да дозволиме и навистина мора сешто да работиме и да спасуваме ситуација на најјургентен начин. Навистина ќе се најдеме во една тешка економска ситуација ако дозволиме сега и бараме чарки помегу Република Македонија и Бугарија во смисла и во тој дел да се затвори границата. Отвораме чарки со Република Албанија да се блокираме и навистина ке се најдеме во една безизлезна ситуација ако одиме и натаму со некои работи да ги наметнуваме тука, кои навистина не стојат и не држат, истакнати за жал од лидери на партија а пред се заборавајки го економскиот интерес.

БОРКО ГОРЧЕСКИ:

Ке настојувуам да бидам поркаток во интерес на времето затоа што и овој ден го изгубивме бадијала. Кажано е доста и затоа ке избегнувам да ги повторувам дискусиите но сепак не можам да се воздржам а да не речам ништо што секој го очекува.

Ме радува што сите заеднички ја согледавме само едната вистина дека Македонија може да бидеа самостојна. Ме радува и тоа дека сега сите заеднички се разбудивме како македонци, а не како јусгословени, што до вчера од таа теза не можевме да се ослободиме. Дури сега можам да помислам и за оние кои до вчера на истата оваа говорница проповедаа дека Македонија не може сама, не може да има своја војска, свои пари, свој Устав, своја Влада и се друго што и припага само нејзе. Истите се тие се разбудија како македонци и припагаат на Мкаедонија и почнаа да се борат за нејзиното признавње и независноста. Уште повеке би се радувал ако го мислат тоа што сега гласно го кажуваат, а не као досега едно зборуваат, а друго мсилат и прават. Но, сепак уште се соменвам во некои кои беа окоравени и големи југословени дека ке можат да бидат добри македонци ако немаат личен интерес и од македонската држава. Ако во догледно време дојде до некои глобални измени дека пак тие истите ке ја предат сопствена тдржава и народот.

Ова го велам што овде овој ист Парламент има и такви на кои родителот му е воен офицер, има сопствена вила, стан во Охрид, стан во Скопје, а сега добива уште еден стан и купува една од најлуксузните коли. И тој ли ке мисли за доборо на Македонија и на македонскиот народ , со такво плачкање, и тој ли ке сака да се промени досегашниот систем за да изгуби се односно да му се скратат сите права за обогатување за сметка на грбот на напатениот македонски народ.

Се спомна нешто за директорите, но јас сите директори не ги ставам во ист кош. Оние кои се успешни раководители во своите организации, кои добор го платиле работникот не можеме да ги обвинвуаме. Но, оние кои ја довеле работната организација под стечај и ги оставиле работниците на улица, ги отпушитле од работа не можат да бидат ни добри директори, ни добри пратеници, а ги има такви мегу нас, ниту пак може да бидат добри македонци. Но за жал има и такви кои и покрај сето тоа, од остварениот прифит во Македонија скоро сета добивка ја носеле надвор од Републиката, каде што створиле капитал во непокретен имот на сметка на работникот од истата таа Македонија за која сега се колнат, а до вчера се колнеа за Југославија. Истите тие не можат да бидат никогаш добри и чесни македонци и треба да се срамат да го спомуваат тоа име.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Навистина водиме една расрпава на сите нивоа, парламентарна, непарламентарна, куртоазно, лицемерно, малициозно и секако, па дами и господа пратеници ви дозволив да го искажете своето позитивно мислење и задоволство по извештајот што овде го поднесе министерот за односи со странство, а и за сите досегашни активности на Републиката на планот за мегународно призвање. Ке ве молам да ми допуштите јас да не го поделам вашето мислење и да не мислам за тоа да не давам повеке аргументи, нека биде аргумент ситуацијата во која што сме сега бидејки во ова Собрание беше ветувано дека Македонија ке биде призната во пакет со Слвоенија и Хрватска, меѓутоа ете се случи Македонија испадна од пакетот. Дури се ветуваше дека Македонија ке биде призната и пред Хрватска и Словенија, но нека биде тоа доволно причина за моето незадоволство. Инаку напоменувам дека мојата дискусија нема да биде помалициозна од многуте

малицозности кои што беа изнесени од оваа говорница. Од оваа говорница беше поставено прашањето што направија политичките партии околу признавањето на Република Македонија од пратеникот Бранко Црвенковски Особено тоа беше потенцирано со поглед кон ВМРО - ДПМНЕ.

Јас ке кажам дека ВМРО - ДПМНЕ од сите политички партии направи најмногу за мегунарондото признавање на Република Македонија. Благодарение на тоа што насекаде низ Европа, па и во прекуокеанските земји има свои комитети и свои секции што не можат да го имаат и никогаш да го имаат останатите партии, особено партиите од левиот блок. Ке потсетам дека ВМРО - ДПМНЕ испрати меморандум за меѓународно признавање на Република Македонија до политичките партии со кои соработува во целиот свет. Потоа демонстрациите што на 4 февруари се одржаа пред Европскиот совет во Брисел беа организирани од задграничниот комитет и од повеке секции на ВМРО - ДПМНЕ низ Европа. Потоа неблагодарно и безчувствително е да се обвинуваат другите партии дека не прават ништо на планот на мегународно афирмирање и признавање на Република Македонија токму од наследниците на комунистичката партија, или ако сакате на Сојузот на комунистите, кои што и денес го поседуваат сиот имот и целото богатство на таа партија, а не мрднале ни со прст. Навистина ми се чини дека е безобразлук да се бара од другите да направат нешто кои што практично немаат никакви материјални можнсоти за дејности.

Ако се има на ум и фактот што и Собранието како највисоко законодавно тело е суспендирано од сите активности на планот за меѓународно афирмирање и признавање на Република Македонија мислам дека тоа не треба да се бара од партиите кога веке Собранието таа можност ја нема. Сведоци сме сите дека дури и една конкретна иницијатива од пратеникот Јордан Бошков, кој што бараше Собранието со

свои делегации да се вклучи во овие активности, како заврши не помина и таа иницијатива.

Навистина ми се чини дека е невкусно и понатаму да и се фрла песок во очи на граѓаните на Република Македонија со тезата дека ВМРО - ДПМНЕ била против спроведувањето на референдумот во Република Македонија, затоа што сето тоа веке поминува во гнасен малиризам. Некаде низ архивите на ова Собрание веројатно стои барањето на ВМРО - ДПМНЕ за спроведување на референдум кое беше поднесено многу пред она за кое практично беше иницијатива за спроведување на референдум, а беше предложено до други предлагачи. ВМРО - ДПМНЕ го прифати сето тоа. ВМРО - ДПМНЕ не беше против референдумот, туку беше само за почитување на Уставот, кој што ова Собрание го прекрши и на забелешката од пратеникот Петров дека уставноста на таа одлука ке ја провери на Уставниот суд знаеме сите како реагиравме на тоа. Да ве потсетам амандманот 74 бараше од Собранието да донесе одлука која ке се потврди на референдум. Тоа што беше запишано во Уставот и како уставна категорија ова Собрание не смееше да ја прекрши, мораше да ја почитува и да ја оствари до крај. Тоа беше заложбата на ВМРО - ДПМНЕ.

Исто така, да се сетиме како сето тоа протече, конкретно кампањата пред референдумот. Ако оваа држава не беше во состојба и не сакаше да донесе една своја државна волја, да ја изрази својата државна волја како Парламент со една конкретна одлука државната валст не смееше никако да агитира и да бара позитивен исход од референдумот, бидејки практично тоа беше еден терор врз оние кои евентулано би гласале против. Во тој случај ако ова Собрание ја донесеше таа одлука, која ке се спроведеше во референдум ке беше во ред и државата да врши агитации и да бара позитивен исход од тој референдум.

Х11/9.-

Во интерес на вистината јас само ке кажам дека ВМРО ДПМНЕ како партија е задоволна и горда од досегашната реализација на нејзината изборна програма. Срекна е што сите политички сили во Републиката, па и оние што беа нејзини најжестоки противници до степен на циничност се ставија во функција на нејзино оживотворување, но лути тоа што некои сето тоа сакаат да го изведат под плаштот на политичко пиратство, што е многу тешко, зашто помнењето на народот е посилно од се, па дури и од вистината што настојуваат да ја прика-жат средствата за јавно ниформирање во Република Македонија.

Потоа беше спомна концептот национален устав и демократски и граѓански устав. Дека ВМРО - ДПМНЕ се залагаше за национален устав, кој што практично ке беше катастрофа за Македонија. Мислам дека овде и понатаму се оперира со една лага која беше лансирана и исфрлена во времето на утврдувањето на текстот и донесвуањето на новиот устав на Република Македонија, затоа што со ништо не се спротивставени и не се исклучуваат од концептот на национален со концептот на граѓански устав. Тоа го знаат барем господата правници. За Уставот, кој во ова исто Собрание го промовиравме за светски, за илјадогодишен акт да ве потсетам го менувавме, а не беа ни поминати ни два месеци од неговото донесување. Ме збунува и стравот од непризнавњето на Македонската нација. Навистина, јас сум многу збунет од сето тоа, а овој страв очигледно го манифестира пратеникот Бранко Црвенковски што создава чуство на негова несигурност во себе. Мене навистина воопшто не ми е потребно признание бидејки знам и кој сум и што сум. Во крајна линија чувството на национална припадност е посилно од сите надворешни признавања или непризнавања. И, навистина ми се чини дека секое натамошно инсистирање на признавање ја оддава само нашата нестабилност и нашата несигурност во себе.

Пак се повикуваме на извори од Печатот, што навистина не му доликува на функцијата на еден пратеник.Пратеникот Црвенковски напомена дека ја следел прескоференцијата од Софија   која ја држел господинот Љупчо Георгиевски. Јас не знам од каде таква можнсот да ја следи таа прескоференција, но имаше извештај во "Нова Македонија", па веројатно и оттаму податокот. Оттука и мојата теза дека недолично е еден пратеник да се повикува на извори од Печатот. Колку за илустрација на сето тоа, дека барем од наша страна сето тоа се почитува јас ке кажам дека пред можеби неполн месец во Печатот беше лонсирана една вест, или една изјава, или еден цитат од писмо на претседателот на Република во кое што тој тврдел дека доколку Македонија може да се спроведе слободно да се изјасни народот ке имаме висок процент на население кое ке се изрази како бугари. Ова воопшто не беше злоупотребено од пратијата  ВМРО-ДПМНЕ бидејки средствата за јавно информриање не се никаков критериум за валидноста на некој податок. Но, и да е точно она што е пренесено во извештајот на редакцијата "Нова Македонија" во весникот Нова Македонија  дека господинот Георгиевски рекол дека тоа е работа за историчарите, јас мислам дека нема ништо лошо во тоа што го рекол, затоа што историчарите се и најквалификувани и најповикани за тоа и не треба да се јавува ников страв од вистината. Или можеби, пак се појавува тој фактор на несигурност и страв дека можеби историчаерите ке кажат нешто поинаку од она што е.

(Уфрлување од место)

Јас ве молам бев трпелив, ве слушав сите.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, дозволете нека доврши. Немојте да упаѓате.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Потоа околу извештајот на Арбитражната комисија. Јас како пратеник во ова Собрание не успеав да го прочитам тој извештај, затоа ќе се послужам од она што го прочитав во"Борба" и многу ми е тука симптоматичен податокот, таму се оперира со терминот Социјалистичка Република Македонија и мислам дека тој пропуст на надворешната дипломатија што ете тие не знаеле дека Македонија не го носи тој атрибут во својот назив.

На крајот морам да го спомнам и она што најмногу ме ири-тира, тоа е една демагогија, ако сакате и хипокризија што се манифестира од оваа говорница, особено тоа го прави пратеникот Бранко Црвенковски. Мене ми е неприфатливо пратеникот Бранко Црвенковски да манифестира грижа и загриженост за економската криза што ете владее во нашата Република затоа што тој не ја ни чувствува таа криза. Конкретно ќе бидам малициозен и ќе кажам се што мислам.

Господинот Бранко Црвенковски ги уживаше сите благодети на претходниот систем, а ги ужива и на сегашниот..Ако јас живеам во стан под кирија, господинот Црвенковски пред еден месец си доби стан од државата, од Собранието  со решение дури и сам да си одреди како ќе го откупи. Јас се возам во автобусите на ЈСП, господинот Црвенковски си купи многу луксузен и скап автомобил. Да напоменам не од оние поефтините "Тојота", туку вистински скапавтомобил, “Рено". Потоа господинот Црвенковски во своето семејство сите работоспособни му се вработени.

а во моето семејство има невработени.

СТОЈАН АНДОВ:

Не е лошо малку и за меѓународна активност.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Ве молам, дигресиите ако ги правите, правете ги за сите пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас сум принципиелен. Вие сакате да разговарате со поединци. Бранко Црвенковски ништо не спомна за Јакимовски овде.
Тоа зборува за еден стил. Вие сакате да го претворите Парламентот во партиски состанок. Ова е Парламент. Треба да се држите до дигнитетот на Парламентот и на пратеникот.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Јас во знак на протест затоа што ме прекинувате ќе ја напуштам говорницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Повелете, за  темата слободно можете да зборувате.

(Пратеникот, господин Бранко Црвенковски се јавува за реплика).

Немојте ве молам, Знам, лично сте прозвани, но тоа ќе се продолжи и ќе се деградира расправата.

Предлагам пауза од 15-20 минути.

(Пауза од 14,00

(По паузата).

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи последниот учесник лично се обрати и зборуваше за господинот Црвенковски, а господинот Црвенковски бараше реплика, тогаш сме должни да му дадеме збор само со една замолница. Да не спомнува никого лично, за да нема повеќе реплики и за да не изгубиме време во дебатата.

Секој што ќе биде лично спомнат ќе добие право на реплика. Само го молам господинот Црвенковски да ме лиши од таа должност.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Нема потреба претседателот на Собранието толку да ме моли, бидејќи верувам дека мојата желба за успешно приведување кон крај на оваа седница е исто толкава, ако не и поголема од неговата. Се јавив, затоа што во повеќе наврати, од повеќе дискутанти бев по име и по презиме прозван. Меѓутоа, она што сакав да го истакнам е следното: Благодарен сум што ниедна од моите констатации искажани во дискусијата не беше со аргументи негирана и демантирана. Задоволен сум од тоа што пратениците што се повикуваат на мојата дискусија, наместо да се задржат на она што го говорев во таа дискусија, се обидоа на поинаков начин да го решат проблемот и на едно пониско ниво.

Господа пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, (уфрлување).

СТОЈАН АНДОВ:

Има овде кој ќе си зборува од ВМРО-ДПМНЕ и понатаму. Има пријавени. Вие постојано другите партии ги прозивате, а и тие. Тоа е друга работа. Молам, никој лично не викаме. Господине Црвенковски продолжете понатаму, што помирно.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Можете да плукате, да клеветите, да лажете, да се заканувате, да вртите телефони, колку што сакате. Ниту ќе ме уплашите, ниту ќе ме премислите, секогаш да го кажам она што го мислам, било за вкупната политика, било за политиката на Вашата партија.

Што се однесува до мојата имотна состојба, или состојбата на моето семејство, на памет не ми паѓа пред вас да давам било каков отчет. Меѓутоа, за сето она што беше овде набројано давам збор пред овој Парламент и пред целата македонска јавност за се што ќе биде докажано, однапред ветувам дека ќе го дадам на поклон на господинот пратеник Јакимовски.

Што се однесува до мојот татко, се што има направено во животот, го има направено благодарејќи на своите две раце. Јас не само што не се срамам од својот татко, туку напротив се гордеам. Каква е состојбата со вашите татковци, јас незнам.

Што се однесува до комунистичкото минато, било мое, било на Партијата на која што и припаѓам, би ви дал еден предлог. Соберете си го партискиот сташ на сите пратеници во Вашата пратеничка група, партискиот стаж во коминистичката партија и ќе дојдете до една чудна констатација. Вашиот стаж е малку  поголем отколку стажот на Социјалдемократскиот сојуз.

Многу сум благодарен за првите искуства и знаења што ги стекнав на полето на марксизмот, од потпретседателот на вашата Партија од госпоѓицата Доста Димовска која беше професор. Благодарен сум на сите дискусии на вашите пратеници, бивши членови на Коминистичката партија, тогашни секретари на основни организации и тоа едни од најажурните, а ги има повеќе во вашата пратеничка група. Хипотеката за 45-те години што се зад нас, сакале

вие или не ја делиме подеднакво, и за добрите, и за лошите работи. Исто така, како што тоа сега што се случува во оваа држава, било позитивно, било негативно, не ќе може никој овде било поединечно, било како пратеничка група да се одвои. Сите подеднакво сме, или скоро подеднакво сме одговорни за сето она што се случува во државата Македонија. Само толку, благодарам.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас денес за последен пат ќе дискутирам. Во почетокот ќе кажам дека програмата во целост е извршена на ВМРО, фала му на бога само да станеме суверена независна држава, гледаме пасошите се веќе на видело, нови лични карти, нов устав итн., повеќе нема да зборувам за тоа и излишно е да дискутираме за тоа. Треба да ги засукаме ракавите и да почнеме за благодетот на нашата држава да создаваме што повеќе.

Ова сето е убаво што го кажа господинот Црвенковски. Имавме прилика да го видиме на телевизија. Јас ќе бидам вулгарен, толку беше насмеан, така да устата му беше до уши отворена кога ни честита дека Турција не призна.

Господа пратеници, Турција јас претходно знаев дека ќе не признае како држава. Јас сум раснат во Турска мала. Моите другари кои што си отидоа 1953 година, кои што тоа едноумие на еден начин ги избрка од Македонија сите домаќини, тоа турско население, тоа треба еден ден да се стави и на дневен ред, затоа што сите мои другари се наоѓаат во Истамбул, во Бекинташ, во Измир итн. Турците велат:"Ески дост душман олмас, олсада јакшмас" Тоа што значи? "Стар пријател душман не ти бидува и ако ти биде, не го личи". Јас ве молам, во оваа ситуација турскиот народ кога беше тука и истиот кога си отиде таму помагаше да не признае

Турската влада. И затоа имав свое убедување и контакти дека Турција нормално ќе не признае.

Во Битола се одржа една трибина на СДС, со тема за самостојна Македонија. Во тој однос, можам да нагласам дека претседателот на Парламентарната група лично ги етикетира господинот Блаже Ристовски, господинот Горѓи Наумов и господинот Лепавцов дека биле ВМР-овци. Како ќе водиме ние политика, и што всушност тој сакаше да докаже во Битола, а во Битола знае дека ВМРО се формира во Солун, а се активираше во Битола. Тој всушност на овие луѓе авторитетот им го крена неколку пати, затоа што Битола конзулски град господа пратеници.И Битола всушност комунизмот го направи како сатана. И во тој однос тој комунизам ја направи Битола слепо црево, а беше град на конзули, 13 конзули имаше во Битола.

Гледајќи ја информацијата и излагањето, зависно кој како ја гледа, некој ако гледа од една страна ќе му најде мана, ако ја гледаме правилно ситуацијата можеме да бидеме благодарни.

Мое лично убедување дека можеби во оваа цела ситуација господ го донесе господинот Киро Глигоров, како претседател на Републиката. Неговата питома политика, која што ја води, јас имам свое убедување дека затоа и господинот Мицотакис не доага да се сретне со господинот Киро Глигоров. Јас мислам дека ќе го убеди и него. Страхува да дојде. Имам такво убедување. Со секој еден човек, господинот Киро Глигоров да се состане, мислам дека ќе најде разбирање. Таков е како структура на човек. Во таа смисла сакам да напоменам една негативна страна. Ако на еден начин ние го поздравуваме признавањето на Македонија од страна на Турција, кога не призна Бугарија меѓу првите, некако ситене фати страв, паника, молчиме сите, а свесни сме дека

кога беше конференцијата Попов, Мицотакис, Милошевиќ, Бугарија им рече, бидејќи знаеме дека ќе дискутираме за Македонија, треба да има претставник од Македонија. Се растури Конференцијата. И ние на еден начин страхуваме зошто не стана за Бугарија да ни честита господинот Црвенковски. Во однос на тоа ние не треба да му ставиме забелешка и на господинот Љупчо Георгиевски. Тој беше и кај патријархот на Бугарската православна црква. Бараше да ја признае Македонската православна црква. И ако не признае како православна црвка, нормално ќе не признае и како народ.

Од информацијата можеме да забележиме дека нашите политичари се сретнаа со Сајрус Венс, со Хенри Вејнамс, со Џани Демикелис, со Франц Враницки, со Алојс Смок, со Ворен Цимерман, со Геншер, со Ингел Бегел, со конгресменот Виогарди, Малруни, Еванс, господинот Дима итн. И што од ова? Ние треба да знаеме, господа пратеници, дека сите овие се деца што растеле во капиталистички систем. Кога биле деца го поистоветувале комунизмот исто како со ѓаволот.

БЛАГОЈ ТОШЕВ: (продолжение)

Ние треба да имаме предвид , кога пуштаме луѓе надвор, наши луѓе, независно од ова што ја тераат генералната политика други луѓе кога пуштаме надвор, треба да имаме предвид кој како оди и истовремено од која партија е. Зошто го велам тоа? Која делегација да дојде, господа пратеници, прашува кој ја наследи партијата на комунистите? Ние им велиме СДС. Наеднаш ги гледаа како ништверци. Не веруваат во бога, не се крстени, не се венчани. Според тоа, без да бидеме со крстот на челото, Европа не сака такви луѓе. Јас ќе се послужам со тоа дека ако нашата Влада, нашиот претседател господинот Киро Глигоров побара одреден заем од одредени држави во Европа и Светот, ние сме принудени да им доставиме и економска анализа, односно студија, а истовремено и општествено-политичка студија. Мора да има општествено-политичка студија со цел да се види која партија кој ја наследил и колку души од таа партија има во власта. Тие не одат на гнила штица. Гледајќи ја ситуацијата и на тој начин ја креираат својата политика.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ламбе Арнаудов.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Во една ваква значајна ситуација тешко е да се зборува а да не се згреши. Јас ќе се трудам што помалку да грешам.

Господа пратеници, знаете која е најголемата предност во караницата? Тоа што можеме да се смириме. Ние , многу пати овде, во нашиот Парламент сме се расправале со своите различни ставови

и на крајот, успевајќи да се победиме самите себе си и своето лично его и да се надминеме, сме доаѓале до такви одлуки и решенија што биле, за среќа , поволни за Македнија. Мислам дека и сега ќе најдеме решение и не ќе има проблем во понатамошното работење на нашиот Парламент.

Нормално е дека има разлики. Тие произлегуваат од програмските определби на партиите застапени во овој Парламент. Нормално е дека младите, со својата храброст и верба во иднината и поискусните со внимателно чување на мирот се надополнуваат едни со други и сметам дека тоа придонесува да биде секоја наша одлука во корист на македонскиот народ и граѓаните што живеат во неа. Тоа мора да биде така и понатаму и тоа е порок и на едните и на другите, односно нивна судбина.

Во една прилика овде, почитуваниот господин претседател Киро Глигоров рече дека целокупната наша надворешна политика се заснива на одлуките доенесени на овој Парламент. Тоа значи дека надворешната политика која оди во правец на меѓународното признавање на Македонија, чија цел на сите нас ни е заедничка, значи се остварува овде и секој од нас има придонесено , некој помалку, некој повеќе за тоа признавање на Македонија.

Сметам дека пратениците и од една пратеничка група и од друга пратеничка група дале свој придонес и нема право никој да присвојува кој колку дал и кој е повеќе заслужен за признавањето на Македонија. Видете, правиот родољуб гледа да добие само тоа што го заслужува неговиот народ. А, дали ќе биде признаен или не, него воопшто не го интересира. Еве, лично ви кажувам јас и ве убедувам, камо среќа тоа што го сака македонскиот народ да го добие,

па нека не бидам заслужен ниту јас ниту нашата пратеничка група, ниту нашата партија. Меѓутоа, да го добиеме она што го бара македонскиот народ.

Кога зборувам за креирањето на политика во овој Парламент, сметам дека правата вистина е малку поназад. Што зборува тоа? Ние, овде изнесуваме свои разни ставови што можат да се лични, но можат да се и пренесени од нашите избирачи. Исто така, нашите повратни информации што доаѓаат од овде, како ефект во народот, исто така ги користиме овде. И тоа значи дека целокупната надворешна политика во правец на признавање на македонската нација и држава ја креира народот. Треба ние да сватиме дека е ова дело на народот. Ниту една партија, ниту еден поединец не можеше Македонија да ја отргне од Југославија ако народот не сакаше. Ниту пак една партија може да ја однесе или поединец, лидер, да ја однесе Македонија кон Бугарија или кон Албанија, ако народот не сака, ако се спротивставува. Според тоа, тука да ги расчистиме сметките и секогаш сите да служиме за својот народ.

Среќа е што нашите последни постигнувања се совпаѓаат со програмските определби на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, пак зборувам дека тоа воопшто за мене не е важно бидејќи стремиме кон иста цел.

Зошто е тоа така, мое лично гледање е следно:

Човек, кога работи некоја работа, било од какво значење да е, од најмало, најминорно, до најградиозно, возвишено, како што е создавање на национална држава, меѓународно призната, треба да верува во тоа што го прави дека е добро. Ако оцени дека тоа што го прави е добро, потребна е верба во бескарјната сила на доброто кое е способно во апсолутна смисла да управува со духот.

Правата сила, значи, лежи во вистинската вера, а вистинската вера почива врз духовна интуиција без која ниту верата не постои. Нашата духовна интуиција ни говореше дека македонскиот народ, длабоко некаде во своите срца, има вечен копнеж за создавање македонска држава. А, поткрепена со историските прилики и услови што беа минатата година, некаде во ова време, со распаѓање на југословенската заедница, ние како партија од тој момент почнавме да одиме да ги остваруваме тие програмски цели што за среќа ги прифати и народот. Значи, она што ние го утврдивме како интуиција се потврди како верба во доброто и кај народот и затоа ние продолживме со нашето дејствување во тој правец.

Тука е неспорно дека не само од нашата партија. Има и други партии што се приклучија на таа работа и не е никаква срамота, господа пратеници, ако некои луѓе биле определени за една опција, па кога утврдиле дека народот бара друга опција и прифаќа нешто друго, се преориентирале и се ставиле во служба на волјата на својот народ. Тоа не е ништо трагично. Јас така го сваќам.

Минатата година, нашата конститутивна седница беше на 8 јануари. Веќе на 9 јануари, им се извинувам на пратениците од немакедонско потекло, во Македонската православна црква 9 јануари се слави како ден на Свети Стефан Првомаченик. Тоа има го добил затоа што е тој прв маченик и страдалник кој загинал за ширење на христијанството, а првите негови егзекутори биле неговата мајка и неговиот татко, Во општата егзекуција, во линчот биле неговиот татко и неговата мајка, а тој бил само 17 годишно дете.

Ние, ако се сеќавате овде, на тој ден, има една симболика, на тој ден ние први побаравме независна и суверена Македонија. Тоа во тој момент беше своевиден ерес. Меѓутоа, потоа, после само неколку дваесетина дена сите вие се приклучивте и ние изгласавме Декларација. Да ви кажам искрено, имаше напади не само на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, туку имаше напади на сите пратеници дека е тоа своевиден ерес и незнам што. Меѓутоа, еве, само десетина месеци после тоа со Устав ја загарантиравме нашата сувереност и независност. Тоа зборува дека ние сме го одбрале правиот пат, сите заедно, зборувам за целиот Парламент и дека и понатаму така ќе дејствуваме. А, тоа што тие луѓе прво не обвинуваа дека сме во заблуда, јас само едно ќе кажам нека е вечна Македонија како што е славата за вечниот Свети Стефан, неколку илјади години. Во тој момент сите ние пратеници од разни луѓе бевме различно етикетирани и една, што ми остави впечаток, не нарекоа "сонувачи". Јас мислам дека тоа "сонувачи" треба да биде комплимент за сите нас. Народ кој не сонува не може ниту да се разбуди. А, бидејќи по природа на нештата некој спие со полесен сон а некој со поцврст, права е среќа што овие со полесен сон ќе ги разбудат и ќе ги понесат во правите насоки на живеењето.

Сметам дека сите ние заедно овде правилно постапивме, тоа го видовме и во понатамошниот тек и успесите што ги постигнавме во правец на постигнување на меѓународно признавање и добро е што е така, затоа што ако не ги искористивме тие поволни историски прилики ние самите себе си ќе се обвинувавме и ќе видевме дека ништо не сме направиле. Нашите идни генерации ќе не осудуваа дека ништо не сме направиле, односно она што рекол Андриќ

дека "сме никој и ништо, не само во туѓите очи, него и во своите сопствени очи". После тоа нормално оди една казна, а тоа е сопствената самопресуда од која нема ниту амнестија, ниту помилување. Таа ќе не следи како проклетство до крајот на животот. Затоа сметам дека овие работи што ние, како Парламент ги направивме, треба сите заедно да бидеме горди и да престанеме што побрзо со нашите кавги и да продолжиме во овој ист правец бидејќи уште многу треба да се постигне.

Сега една работа, од кого доаѓа и како доаѓа? Тоа воопшто не е важно. Честопати овде не нарекуваат нас, пратениците, вакви се, такви се, носат брада. Еве, јас носам брада, но образот ми е чист. Од постоењето, од создавањето на светот до денеска совршен човек нема. Има само добри обиди. Затоа, јас мислам дека кај луѓето треба да се ценат само обиците. Тие дали носат добро на народот или не. А, кој бил, како бил, кој го донел, тоа треба да биде во втор план и да не биде важно.

Една друга значајна работа која овде често пати меѓу нас е присутна. Јас мислам, тоа ќе го потврдите сите, јас имам добри односи со сите пратеници независно од која партија потекнуваат. Често пати во паузите, за жал се доста долги, разговараме за тоа кој како предлага, што предлага и каков е тој предлог,  дали е корисен или не. Често пати знаеме да речеме добро Арнаудов или Перо или Бранко, ќе видиш, ќе каже времето дека не е во ред тоа што го предлагаш. Јас, апсолутно сум согласен дека времето, како непогрешив арбитер треба да биде судија и да каже кој погрешил а кој не. Впрочем, на оваа тема не толку одамна еден умен човек, рекол некако вака за вистината:- "некој народ, некое време, некој може да го лаже. Но никој не може целиот народ цело време да го лаже  па додавам ниту македонскиот народ.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Зоран  Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Некако последната дискусија ми го поврати интересот нешто да кажам на оваа тема, бидејќи навистина, а тоа неколку дискутанти го истакнаа, само низ призмата на досегашната постигната политика на меѓународното признавање на Македонија и чувството што секој од нас, за сопственото учество во тој процес на меѓународно признавање го носи може да биде основа за критички однос спрема досегашната политика и еден изграден однос кон работите што треба понатаму и како Парламент и како Влада, претседател на Републиката да ги правиме воопшто на тој план,

За мене, ставањето на дневен ред на оваа точка се покажа дека, всушност, е прашање за преиспитување на политичките цели што овој Парламент низ целокупната своја работа ги поставил. Значи дека основно прашање на оваа Инфорамција  е прашањето дали надворешната политика во чекор ја следела внатрешната политика и документите кои овде се изгласувани.

Пред нас е низ оваа расправа да оцениме до која мера водената политика  е подлога за меѓународното признавање на Република Македонија, бидејќи сме уверени дека е тој процес кој не е запирлив и кој нема причини ние самите да го оспоруваме кога многу елементи укажуваат на тоа дека можеше да биде побрзо искористен и временски побрзо да заврши.

Пристапот кон анализата на состојбите во оваа обалст сигурно тргнува од политичкото милје што постои на македонскиот простор и тој е различен.

Едни, оние најекстремните, негирајќи ја воопшто политиката и можноста за правото на Македонија за сопствена држава, барајќи во тоа место на својата политика на хегемонија и сепаратизам ги исфрлија идеите за административни граници, ги исфрлија идеите за територијална парцијализација на Македонија, за население кое е над 50% немакедонско и т.н. ит.н.

Вторите, би рекол оние најрадикалните, негирајќи ја надворешната политика и истовремено потпирајќи се на критиката на внатрешната политика и проблемите што Републиката, објективно, ги има, упорно играјќи на картата на националното подвојување, свесно правејќи "мечкина услуга" на надворешниот фактор кој упорно работи на разбивање на Македонија, нивната теза е дека без крв нема слобода, дека во Македонија има само 200 илјади прави Македонци и т.н. и т.н.

Третите, бранејќи ја политиката на мирна и демократска разврска на југословенската криза се потпираат на единствено две јасни политички цели:

- истовремено заокружувањето на сувереноста и самостојноста на Републиката како еден незапирлив идеал и процес на македонскиот народ за своја држава;

- истовремено со тој процес вклучување во интегративните процеси на обединување во Европа, кој процес всушност е пренесување на дел од својот суверенитет на повисоки облици на поврзување, било да е тоа низ првата опција за сојуз на суверени држави или она што неопходно ќе дојде со интеграциите во Европа.

Ова последното, на дел на политичките сили во Македонија објективно не им одговара, бидејќи вклучувашето на Македонија во Европа значи нивно симнување од политичката сцена.

Дали Македонија во тие рамки, во внатрешната и надворешната политика стори нешто односно дали стори многу? Мојот одговор е дека е многу, но потребно е уште.

Како индикатор на оваа моја констатација би се послужил и со примерот на антимакедонските демонстрации вчера во Грција. Само еден објективен, втеран страв, тие демонстрации го потврдуваат фактот дека Македонија е независна и суверена држава, власта во Грција свати дека процесот на меѓународно признавање на Македонија е неминовност и дека заради тоа го поттикна внатрешниот национализам и шовинизам што покрена дури и пола милион народ вчера во Солун да манифестира против Македонија.

Овие демонстрации како и претходните провокации на границата и друго се само во функција да не испровоцираат нас, да направиме ние внатре некоја грешка, да се скараме, да се степаме како би можеле пред европската јавност и европските фактори да покажат дека ние сме нецивилизиран народ и дека "не заслужуваме" да бидеме меѓународно признати.

Ние, со двата темелни акти, со Референдумот од 8 септември кој всушност претставува политичка волја на граѓаните на Македонија и кој како политички партии ние го следиме и Уставот на Република Македонија, покажавме дека политичката основа за меѓународното признавање на Македонија како услов е исполнета. Се разбира и уставно-правниот основ.

Сега, пред нас е прашањето на внатрешен план што ќе направиме за јасно да дадеме на таа иста Европа сигнал дека тоа што го запишавме во Уставот, во процесот на трансформацијата на глобалното општество, од еден систем кој го напуштаме во друг, дека сме навистина на патот да го оствариме и дека тоа ќе го направиме.

Оттука не би се согласил, бидејќи во тој процес се клучни три основи како работи што треба тука да ги направиме, а тоа се:

- изградба на демократски систем што произлегува од Уставот и кој дел од него се и овие, за жал, системски закони понудени од Владата, а што не можат да дојдат на ред;

- трансформацијата на сопственоста во правец на приватизација;

- средувањето на меѓунационалните односи.

Кога се работи за изградба на демократски систем, навистина темелот што го дадовме: заштита на човековите и граѓански права и слободи во Уставот е прашање кое треба да го претопиме во системските закони и навистина тука би требале целокупната енергија која ирационално ја трошиме во меѓусебни партиски расправи да ја насочиме во овој момент.

Кога е во прашање трансформација на сопственоста, пред се во правец на приватизација, ние на светот јасно мораме да му дадеме на знаење дека ги напуштаме хибридните решенија на поранешниот систем и го правиме нашиот систем да кореспондира *со* системите на развиените земји како би можеле да го привлечеме така желно очекуваниот капитал и странско вложување.

Тука би се вратил,  ако се спомнуваме на дискусијата на господинот Бошков кој предложи нешто што мислам дека најмалку е прифатливо за Македонија, а тоа е трансформација на овој капитал во државен, би рекол дека таквата една логика е само чекор до тоталитаризмот и мислам дека примерот на Хрватска е најдобар пример кој укажува дека таков пат ние не смееме да поддржиме

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (Продолжение)

Често пати овде во дискусијата се спомнуваа Словенија и Хрватска како некои примери кои Макеоднија требало да ги следи. На долго и на широко овде се објаснуваше за разликите и појдовните позиции од кои политиката на Словенија и Хрватска во однос на Македонија се разликува.

Навистина јас  неколку пати го поставувам ова прашање и сега повторно го поставувам на оние кои гледаат среќа во политиката на другите и не веруваат во политиката на сопствениот народ која сопствениот Парламент ја гради. Тоа е навистина прашањето на статусот на Република Македонија и оние кои порано бараа мировните сили и овде да влезат. Позицијата на Хрватска во однос на целокупноста на нејзината територија и нејзините органи на власта да владеат со таа  територија, односите во демократските институции на власта па вклучувајќи ги и работите сврзани за демократиајта, за заштитата на човековите права и да ве потсетам забелешката на Арбитражната комисија околу остварувањето на човековите, посебно малцинските права на Хрватска. Затоа мислам дека се тоа лоши примери кога се имаат предвид состојбите во Македонија. И денес некои дискутанти не придоенсуваат на планот на докажувањето дека Македонија  може би несвесно не ги исполнува доволно условите за меѓународно признавање.

Овде господинот Јакимовски изнесе ....

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте да  спомнувате имиња. Еден од пратениците ...

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Еден од пратениците спомна дека и ден денес постои сомневање околу уставноста во спроведувањето на македонскиот референдум. Ве молам ова е голема опструкција во однос на прашањето на референдумот и изразената волја на граѓаните на Макеоднија.

Исто така во однос на Уставот, не е точно дека Словенија пред арбитражната комисија се појави со стариот Устав. Таа го интензивира донесувањето на својот устав и тој беше основ за уставно правното втемелување на одлуката на Арбитражната комисија за меѓународното признавање на Словенија.

Морам да ви кажам, во однос на некои други партии, Реформските сили, Либерална партија во целост ја поддржува надворешната политика на македонското раководство и ние немавме дилеми ни во еден момент, бидејќи континуитетот на политичките одлуки, актите, законите, уставот референдумот итн. кој ги донесуваше овој Парлармент беа креирани и изградувани со потполно наше учество. Ние и пред две години и сега го поставуваме истото прашање пред македонското општество, а тоа е прашањето реформа или сиромаштија. Што побргу се ослободиме од тоа, а често пати тоа е и во филозофијата, тн. филозофија на Владата  дека нема на односите изграднеи со стариот систем да ги градиме односите на новото време. Што побрзо појдеме во либерализацијата, во приватизацијата, во отворањето на Македонија спрема странство, што повеќе економскиот интерес на Републиката го ставиме пред парцијалните и политичките интереси на поедини групи и поединци, дотолку повеќе ке одговориме на основната задача на нас као парламент и преку нас Владата низ сите инситутции на оваа Република, бидјеќи, морам да кажам, може би на штета на  мојот реинтинг.

Еден пратеник денес многу конструктивно, за разлика од некоимои оценки дека лошо се изразувам дека два се основни елементи. Тоа се политичката и социјалната стабилност на Републиката. Мислам дека мораме да ја сватиме стабилноста на тие два моменти ако навистина сакаме понатаму и како држава и како нација и како избрани од народот да можеме да продолжиме да работиме и дејствуваме.

Сега би сакал неколку раобит да кажам во функција на активности кои Реформските исли - Либерална партија, односно нашата Пратеничка група смета дека треба да се преземат во надворешната политика.

Пред се  мислиме дека е неопходно да се продолжи со ова интензивна активност на претставувањето на македонските интереси што значи контакти, дипломатски на Владата, Владини претставници на ниво на претседатели  на држави, секако подржувајќи ја иницијативат а за парламентарна соработка во онаа мера во која  таквиот интерес ке биде пројавен и кај другите држави.

Понатаму сметаме дека овој момент на меѓународни контакти и активности треба подоследно да се искористи за стопански и финансиски врски. Тоа ние укажувано од сите контакти што ги имаме било со амбасадори, било со претставници на други земји. Мислиме дека навистина треба да се поттикне и Владата и стопанската комора и секој субјект способен да комуницира на меѓународен план  за поврзување на овие стопански и финансиски врски со Републиката. Во таа насока и предлагаме на Владата во рамките на концептот за новиот закон за Владата да размислува за министерство за економски односи со странство.

Предлагаме претседателто на Репбуликата по примерот на специјалниот пратеник во САД исто така да испрати свој претставник во источна Европа, со седиште во Москва.

Ги прифаќаме заклучоците кои ги дава Комисијата за надворешна политика и навистина сметаме дека и парламентот може да придонесе во воспоставување на контакти за меѓународното признавање на Македонија.

Предлагаме да се најде соодветна маркетинкшка форма за поцелосно информативно пропагандно или незнам какво претставување на Македоднија што подразбира најмување на една поафирмирана светска агеница, да не одиме на некои наши хибридни решенија кои и онака доста не чинат.

Предлагаме да се поттикне активноста околу формирањето на националниот меѓународен олимписки комитет и да се поттикне приемот на нашите спортски, асоцијации во сите меѓународни спортски оргнаизации.

Предлагаме на ниво на Влада, на стопански комори и на други на поврзување да се завршат билатералните договори со републиките во Југославија и по примерот на Словенија и Хрватска кои предложија мешовита комора, на сличен начин да видиме кои се формите и интересите за економско поврзување со секоја Република пооделно без комплексот кој го градиме во односите помеѓу Републиките.

На Владата и препорачуваме што побрзо да се одлучи околу проектот за вардарската долина како една од можностите за внесување на меѓународен капитал.

Исто така Владата да побрза со давањето пред овој Парламент на Закон за концесии. Исто се однесува и со отворањето на прашање на даночниот систем.

За Парламентот е многу битно да се интензивира активноста за добивање на статус на специјален гост во Советот на Европа, што би било и предуслов за комуникација со парискиот клуб и за некакво поврзување за кредитирањето на Репбуликата.

Исто така ја пддржуваме и иницијативата или предлагаме да се воспостават дипломатски односи со другите земји, да се организирааат пооделни стопански претставништва во функција на дипломатските потреби на Македонија.

Исто така да се активира нашиот интрес во однос на Хексагоналата.

Свесни сме дека ова што го предлагаме не е еднократен чин. Сето тоа е процес. Меѓутоа вербата дека наскоро Македонија во процесот на меѓународното признавање ке биде призната од повеќе држави и ќе оди на највисокиот меѓународен чин, вклучувањето во ООН, укажува на потребата за благовремено подготвување за значаен дел од овие активности кои мислам дека се попродуктивни отколку меѓусебно политичко карање.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господа пратеници јас мислам ова што денес толку надолго расправаме за оваа проблематика не е изгубено време, Можеби ни требаше една ваква расправа да си погледнеме сите во очи во моментот кога се бие историскјата битка за мегународниот легитимитет на Макеоднија како држава па и меѓу себе да направиме соодветен коректив во дејствувањето на сите политички фактори во Републиката. Се плашам само малку да не бидат сватен како малициозен дека ова пред 17-ти не ни баш требаше, бидејки секој чекор во Република Македонија, секој политички субјект се мери сега и се гледа со двоен аршин отколку што би било во други услови.Но и тоа е добро. Од причина што длабоко го делам мислењето на министерот Малевски, во своето експозе кога кажа дека светот сега многу повеке не цени и не гледа по тоа колкава е нашата внатрешна стабилност, за која пред се во сверата на меѓунционалните односи и во сверата на човековите права и слободи. И толку повеке вредиме колку што на тој план состојбите ни се подобри. Токму на тој план и меѓународната политика по тие аршини се цени. Колку е нејзината продорност во светот колку е таа спсособна да го анимира меѓународното јавно мислење за признавање на Македонија и колку таа меѓународна политика

што ја водиме е способна да привлече  што повеке пријатели на наша страна. Се разбира и сваќањето дека токму таквата политика е од интерес и на другите партнери во меѓународната јавност. Мислам дека токму заради тоа не можеме успешноста на нашата надворешна политика да ја мериме низ аршинот на нашиот хероизам мерен преку бројот на жртвите на лугето на бојните полиња, туку напротив преку мудроста и потезите што ги влечеме и се разбира многу повеќе сум присталица на еволутивните чекори отоколку на брзите револуционерни чекори  кои што можат  да се девалвираат за еден краток период. Токму гледано низ оваа призма мислам дека македонската надворешна политика ја вброји Македонија и македонскиот народ во редот на најцивилизираните народи денес во Европа, а ко не и пошироко. Токму заради таквиот приод и заради сите тие елементи кои чинат една дмократска мироЉубива политика која во светот ужива висок реитинг.

Не можам исто така да го делам мислешето со некои пратеници да не се воспсотави исти аршин спрема ситре држави особено спрема соседите.

Еден од аршините на ценењето на меѓународната политка и какви односи ке воспоставиме со  најнепосредните соседи затоа што природно сме упатени со нив најмногу да соработуваме на економски план ако сакате и на политички план. Светот денес се регионално поврзува и тоа е неминовност и наша иднина и ние нашите соседи не можеме да ги бираме. Тие ни се дадени и со нив мораме да воспоставуваме пријателски однос. Но, мислам дека многу настани во последно време наведуваат, може би се тоа коенциденции со настаните и политичките определби на некои партии, на поинакви размислувања.

Ако во предизборната кампања и можеше да се свати на пример еден негаторски однос кон Србија, да речеме, негаторски однос кон Грција и територијални претензии кон Грција итн., за што сега ги гледаме резултатите од една таква политика,  мислам иста дистанца денес мора да се направи спрема третиот сосед.

Односите со Албанија денес ни се познати, но многу настани наведуваат на поинакво размислување. Дали е тоа сосема случајност, под покровителство на МПО, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ во америка и Канада да претстојува, еве деновиве во Штип се одржуваше трибина во присуство и на ВМРО на Гоце Димитров, а сега се плашам ова да не се свати, гостувањето во Софија на она, да не ми личи малку на Хрватското "Данке-Дојчланд".Би било добро  ако е сето тоа во интерес на Макеоднија, тоа веројатно времето ке го покаже.

Јас би сакал и мислам дека нашата јавност ке свати дека ова е во интерес на македонскиот народ, бидејќи беше, пред одењето во Софија јавноста информирана дека ке се посети и Белград дека ке се посети и Солун односно Атина. Јас би сакал и верувам тогаш дека ке биде навистина во интерес на македонската политика  таа еквидистанца да биде иста спрема сите народи, бидејќи сите соседни држави единствено тоа е спас за Македонија. Исфрлањето од преградките на една држава и фрлањето во преградките на друг сосед за Македонија е уште  попогубно. И конечно мислам дека најдобро намерно оваа политика  и овие потези македонскиот народ ке ги свати ако лидерот на ВМРО ДПМНЕ навистина седне да руча и со господинот Милошевиќ и со господинот Мицотакис. Инаку другото може да наведе сосема на погрешен колосек.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Бидејќи на некој начин при крај сме со трпението , ни попушта веројатно и концентрацијата, јас ке се обидам да бидам што покус.

Од секогаш надворешната политика била израз и одраз на внатрешната и битно би определувала основните одредници и принципи на организарањето и остварувањето на надворешно-политичкото презентирање на една држава или општество. Оттаму, сите анализи и информации кои имаат намера да бидат сериозни и амбициозни и да ја постигнат својата цел мора да го респектираат овој факт. Ова го велам токму заради тоа што излагањето на министерот за надворешни раобит го задоволи ова барање, бидејќи во него се содржани куси но јасни и децидни оценки и ставови за клучните определби на Република Македонија како одговори на предизвиците со кои нашата Република се соочуваше во изминатиот едногодишен период, особено на внатрешен план во процесот на креирањето на својата самостојна и автохтона политика.

Кои се тие клучни точки по мое мислење на кои се градеше легитимацијата и дигнитетот на нашата држава и политика, прво на внатрешен план а потоа таа да послужи како доказен материјал за нашата надворешна афирмација.

Прво се легитимиравме како раководство и политика кое на прашањето мир или војна во Македонија, на голема среќа и задоволство на целиот народ, граѓаните и јавноста беше речено во коирст на мирот. Овој успех на нашата политика посебно сакам да го потенцираг заради фактот што имавме обиди во неколку н аврати низ дејствувањето на некои партии и поединци која екстремност меѓусебно се храни во истиот тој народ и граѓани да го повикуваат на бунт за навосно велепредајство на највисоките раководители на оваа Репбулика, или пак ноемвриските немири мотивирани од високо национални интереси за спас на Македонија,или пак од друга страна за оргнаизирање на нелегитимниот референдум за територијална културна и политичка автономија.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ: (Продолжение)

Второ, се легитимиравме пред меѓународната политика и стручна јавност како Република која цврсто решила да гради цивилно и граѓанско општество и држава што резултираше во крунскиот документ, а тоа е донесувањето на новиот Устав на Република Македонија на кој му претходеше демократско изразување на народната и граѓанската волја како чин за самоопределување на македонскиот народ за самостојна и суверена држава. Ова го потенцирам заради фактот дека бевме свидетели на обиди сите овие постапки, чекори во уставно-правното заокружување на Република Македонија да бидат попречувани со инсистирање на донесување на едностран акт од типот на уставен закон или декларација за раздружување во време кога бевме се уште далеку од стручната оценка на европските форуми и институции дека СФРЈ на дело се тенденции на распаѓање со што овие таканаречени процеси на сецесија добија сосема друга и поповолна правна квалификација од соодветните експерти.

Трето, се легитимиравме како држава која се должи со должна почит се определи во Уставот и законите да го регулира корпусот на човековите права и од тој аспект на регулирање на правата на националностите односно целината на меѓунационалните односи.

Во Европа беше оценето дека Македонија е цврсто решена да гради вистински мостови на соживот со своите сограѓани од другите националности треба да ни биде јасно дека обврска на секој мнозински народ на една држава во едно општество е да ги штити правата на националностите, а тие се должни да искажуваат целосна лојалност кон државата во која што живеат.

Ова го подвлекувам затоа што веќе секому му е јасно дека ова прашање стално се потегнува и се иницира од една или од друга страна кога сме пред самата цел на остварување на некои крупни

историски и национални стремежи и определби, односно Македонија еднаш засекогаш да застане на свои нозе без патронати особено од север или од исток. Од тој синдром како потреба за патронатство и заштитници мора еднаш засекогаш да се расчисти и да се уништи.

На крајот, веројатно постојат други крупни внатрешни успеси кои ја легитимираат Македонија како мирољубива, оперативна и конструктивна државна заедница која знае што сака и таа се повеќе се почитува во меѓународната јавност. Мислам дека најмалку што треба да направиме во оваа прилика кога расправаме по оваа тема да дадеме поддршка на досегашната активност на раководството на Република Македонија на меѓународен план доколку немаме нешто поумно, поефикасно порационално да предложиме отколку да фрламе дрвја и камења по себеси и со тоа да се негираме и да бидеме сопствени гробари на својата нација и држава.

Само една забелешка сакам да ги предупредам пратениците во некои дискусии во кои пратениците забораваат дека ние неодамна усвоивме амандмани на Уставот на Република Македонија со кои цврсто и децидно се определивме дека немаме никакви територијални претензии во однос на соседите и особено за мешање во внатрешните работи. Имаше дискусии од типот Солун е центар на Македонија или статистика да се води за националниот состав на некои соседни држави, мислам дека од тоа треба да се тргнуваме.

Имам уште една забелешка Битола беше спомнат како конзулски град, бидејќи и јас потекнувам од тој град би сакал да кажам и да го потсетам пратеникот кој зборуваше на таа тема дека тој бил конзулски град, но под турска власт. Јас би бил радосен кога би бил во оваа сопствена држава исто така Битола да биде конзулски град.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дали политичка партија која е архитект би рекол стратег на остварувањето на независноста на македонската држава во тој контекст и во процесот на меѓународното признавање да чини такви потези или иницира постапки кои би го кочеле или забавувале меѓународното признавање. Едноставно речено не. Зошто токму ВМРО-ДПМНЕ да го кочи меѓународното признавање? Тоа воопшто не е вистина ниту може да биде.

Сите активности кои се преземаат секогаш беа на единствената линија, а тоа е независна Македонија. Зошто може некој да си дозволи дека ВМРО-ДПМНЕ е против или го спречува меѓународното признавање. Процесот на меѓународното признавање не може никој да го спречи и тоа се остварува секојдневно. Историјата веќе никој не може да ја врати назад. Во сите државно правни акти учеството на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ беше пресудно и одлучувачко кој може да рече дека ние го кочевме, одолговлечувавме меѓународното признавање. Без ВМРО-ДПМНЕ и пратениците во овој парламент не можеше да се говори и да стане збор за независна Македонија. Неминовно Република Македонија ќе останеше во Југославија.

Ако е тоа вистината секое поинакво мислење, секое подруго залагање воопшто не значи ниту може да значи било каква намера за поинаква судбина за независна македонска држава, туку оптимално решение согласно европските норми на меѓународното однесување.

ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент се определи за стекнување на меѓународен субјективитет само по мирен и демократски пат со новиот устав, со сите декларации, референдумот, но на единствената основа исклучиво независна Македонија. Секој што се обидува да му припише

на ВМРО-ДПМНЕ поинаква намера гревовите треба да си ги бара кај

себе затоа што тие го забавуваа процесот на мегународното признавање.

Ако ние се залагаме за поголема активност на раководството на оваа држава на кое им дадовме соодветни овластувања незначи дека ако поинаку се оценува одреден нивен потег, решение постапка и слично дека се руши Република Македонија и се прикриваат некои намери значи чиста инсинуација им штети пред се на Република Македонија. Само пристапот е различен. Оттука нашата определба и залагање е да бидеме единствени пред светот, пред Европа, па и на Балканот. Ние секогаш се залагаме Република Македонија да покаже цврсто внатрешно единство и никогаш со ништо не го рушеше. Свесни сме дека Европа не следи, но таа ги следи и нашите соседи и севкупните односи. Мораме да кажаме и тоа дека ние никогаш не бевме фактор на забавување на процесот на меѓународното признавање туку напротив за неговото забрзување. Ете затоа целата информација зборува за активност само на неколку лица,каде беа пратениците, како да беа надвор од играта поготово пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Со таквата положба ние не се согласуваме. Во тоа е проблемот да го надминеме во интерес на Република Македонија, предложените заклучоци од господинот Стојков се во таква функција да процесот на меѓународното признавање се одвива во мир и демократски пат со заендичко учество на сите политички партии.

Македонија е способна и економски и самостојно да живее. Во оваа прилика сакам да кажам дека од оваа говорница беа изнесени многу слободни оценки, но факт е ако се проследи целата информација дека се дадоа бројни предлози. Тоа говори дека сепак ние бевме во право.

Програмата на ВМРО-ДПМНЕ и нашето однесување секогаш беа и остануваат во интерес на македонската држава и само на тоа. Се чинеа однесувања и се што се чини е подредено токму на сунетувањето,остварувањето на таа цел од било кого.

Ке завршам со фактот само сонцето е постаро од Македонија а тоа се симболите на нашата независна Македонија, да ја оствариме.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувано претседателство, дами и господа пратеници, на почетокот од моето изалагање морам да се навратам на експозето на господинот министер за односи со странство Денко Малески кое претставува заокружување на сите досегашни активности кои ги презело соодветното министерство, Владата, Парламентот и претседателот на Република Македонија и нивно презентирање пред овој аудиториум. Оценувам дека целта на сите активности е изградување на политичкото осамостојување на Република Македонија. Адекватно на тоа но во позитивна смисла и економското обединување во една единствена унија во која ќе можат да делуваат и владеат пазарните светски закони и норми, а ќе имаме беспрекорен комуникациски, информативен монетарен и стопански систем. Тоа е дијалектички процес во кој ќе треба да постои мислење на две спротивни концепциско гледани страни, но во таа взаемно позитивна борба да носи просперитет, продукт на нешто ново и сознанија со еден позитивен набој на задволство на цела нација на оваа Македонија.

Ние како мала држава во економска содржина не треба да се задоволуваме единствено со затворање во нашата држава. Процесот на интеграцијата го гледам доста пошироко не во просториите на бившите

југословенски републики, туку треба да се оди на една балканска, европска и светска интеграција. Принципите за влез во овие текови се демократија, дијалог, човекови права и пазарна економија.

Изгласувањето на новиот устав ги опфаќа сите овие постулати кои се меѓународно верификувани преку индивидуалното искажување на повеќе европски политичари како и најкомпетентните од стручен аспект членови на Бадинтеровата комисија.Паралелно со политичката борба оди претставувањето на економско поле. Активностите кои ги презема Министерството за развој како и потврдената од релевантни европски институции Програма за реприватизација која ја води министерот Јане Миљоски е дополнителен момент во мозаикот на градбата на Република Македонија.

Како надополнување на овој контекст е само иницијативата за поголема поврзаност со бившите советски републики посебно Русија со која историски сме врзани преку нивните конзули кои ги имало непрекинато на овие простори од 1856 до 1913 година кои значително влиаеле врз осознавањето на македонското прашање, а како најкарактеристичен е конзулот Ростковски кој е убиен 1903 година во Битола поради тоа што активно бил вклучен во Илинденската епопеја. Тука мора да се спомнат и англискиот конзул Мек Грегори, францускиот Мишел Девоз кои значително ги одбележале сосотојбите во Македонија во периодот на Илинденското востание и ги доставувале своите извештаи во своите министерства за надворешни работи.Европа ја цени историската вистина и затоа мора овие поранешни односи да се надоградат, продлабочат и издигнат во форма на ново активирање на конзуларни претставништва.

На крај морам да истакнам некои појави кои значително негативно влијаат врз официјалната меѓународна политика.

Првата официјална покана од странски парламент која беше доставена до ова Собрание и во формираната парламентарна група која

требаше да изврши посета на членот на една од парламентарните групи во ова Собрание му беше забрането да присуствува во таа група.

СТОЈАН АНДОВ:

Од кого му беше забрането?

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Тоа незнам. Само знам дека не присуствуваше.

СТОЈАН АНДОВ:

Сигурно не од Парламентот?

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Од неговата парламентарна група.

СТОЈАН АНДОВ:

Е тоа е друга работа.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Или уште покарактеристичен пример одборничката група на Собранието во Битола на ВМРО-ДПМНЕ покрена иницијатива за промена на имињата на некои улици во Битола. Една од нив е улицата "Д-р Рајс" а тоа е името на голем хуманист лекар од Франција кој престојувал на терените на Битола за време од правата светска војна кој својата поврзаност со овој народ ја искажал со заветот по неговата смрт неговото срце да се донесе на врвот Кајмакчалан. Ваквите постапки Европа сигурно нема да ги толелира. Сепак се радувам дека тоа не е дел од официјалната надворешна политика која тука ми беше образложена од министерот Денко Малевски на која уште еднаш и давам целосна поддршка.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, по Информацијата и експозето на министерот за меѓународната активност на Република Македонија констатација е дека меѓународната активност беше богата и содржајна

во претставувањето на сувереноста и самостојноста на Република Македонија и барањето за нејзино меѓународно признавање од целокупното македонско раководство надлежно за водење и спроведување на мегународната политика.

Неспорен е фактот дека меѓународната активност за меѓународно признавање на Република Македонија се презентираше од надлежните претставници целосно во согласност со утврдената меѓународна политика на Република Македонија од Собранието на РМ. Потврда и доказ на вистинскиот пат е исправноста на донесените политичко правни документи на осамостојувањето на Република Македонија и меѓународната политика и активност за меѓународното признавање на Република Македонија е официјалниот документ на Бадинтеровата комисија дека Република Македонија ги исполнува сите услови да биде меѓународно призната што значи  и условот за гарантираните права и слободи на националностите што овде во дискусијата беше толку оспорувана.

Веќе реалноста од меѓународното признавање на Република Македонија од неколку држави што во никој случај не треба да се минимизира, туку треба да се поздрави како успешен резултат на почетокот ан процесот на меѓународното признавање на Република Македонија.

Големиот број официјални изјави и убедувања на официјални претставници на држави членки на меѓународната заедница дека во релативни кус рок ќе ја признаат Република Македонија и дека државите што го негираат тоа немаат цврсти аргументи за нивниот негативен став спрема признавањето на Република македонија.

Понатаму, неодминлива е констатацијата дека осамостојувањето и меѓународното признавање на Република Македонија го оствaруваме

во мир, а познати се трагичните искуства на некои републики од бившата југословенска заедница што секако е резултат на мудроста и успешноста во водењето на политиката за осамостојување и меѓуна-родно признавање на македонското раководство во услови на југословенската криза и соседското опкружување на Република Македонија.

Истакнувањето на барањето и заложбите за побрзо, пошироко меѓународно признавање на Република Македонија се позитивни, но само ако немаат деструктивна цел против македонското раководство кое ја води актуелната политика на осамостојување и меѓународно признавање на Република Македонија во примерот на пројугословенските партии кои ги осудуваат истото македонско раководство дека не ја почитува волјата на народот во смисла на изгласаното право на референдумот за создавање на сојуз на суверени држави на Југославија, а токму тие најмноигу придонесоа од аспект на Република Македонија за оневозможување на остварувањето на тоа право на суверени држави залагајќи се и толкувајќи го тој можен иден сојуз како србославија, или негирањата од некои партиски активисти на албанските партии кои под плаштот на наводна загрозеност на правата и слободите на националностите упорно ја протежираат програмската цел на координативниот одбор на албанксите партии за обединување на албанските етнички територии, како и оспорувањата што ги прават некои највисоки партиски личности на таканаречените национални партии спрема македонското раководство во врска со меѓународното признавање на Република Македонија што може да се протолкува како оневозможување на осамостојувањето и признавањето на Република Македонија за да таа постане плен на старите балкански шпекулации, или скриени апетити, што сите заедно не одат во прилог на меѓународното признавање на Република Македонија,

ПАНЧО МИНОВ: (продолжение)

Изразувајќи поддршка на досегашната меѓународна активност за меѓународното признавање на Република Македонија исто така, давам целосна поддршка на македонското раководство за нејзиното понатамошно успешно водење , затоа што таа политика се докажа дека со развојот на демократските односи правата и слободите на граѓаните и гарантираните права на националностите, ориентацијата кон мир можат и најсуптилните прашања да се разрешуваат со преговори на мирен начин и со понатамошно развивање на добрososедските односи и балканска соработка.

ГУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:

Почитувани пратеници се јавив за збор повеќе со молба и со апел да апелирам до Вашата свест да го сочуваме дигнитетот на овој дом , на нашиот Парламент да не дозволиме благодарение би рекла на нечие свесно веќе, или пак нечие несвесно подметнување да бидеме вплеткани во една чиста меѓупартиска расправа која не води никаде, која не создава партиски рејтинг, за жал само личен, или пак го руши туѓиот и која во овој момент е најмалку полезна за меѓународното признавање на Македонија.

Информацијата ја проследив сосема темелно, низ неа провејува дека Македонија избра свој пат за сувереноста, би рекла претпазлив, тактички, со компромиси и најмногу со исчекувања. Меѓутоа, положбата што Македонија ја има и се она со кое што Македонија располага е таква , така што и друго не можеме да очекуваме. Денешнава седница можеби ќе беше пополезна во смисла на избор на други методи и средства ако беше после 17, бидејќи сите ние го очекуваме 17-ти со желба Македонија да биде меѓународно признаена. Меѓутоа,

ако тоа не се случи, а може да не се случи, после 17-ти доаѓа 18-ти, Македонија ќе постои и ќе работи како држава била таа признаена сега, или подоцна, била признаена само од две држави, дваесет , или и другите кои следат по неа. Според тоа, она што нас овде како пратеници не очекува ако не сакаме да бидеме дискредитирани како парламент, бидејќи овде има еден висок креативен потенцијал пред се интелектуален од 95 отсто е да ги донесеме системските закони, еден веќе вчера се изгласа, еден од 13-те и ние Македонија во уставно-правниот поредок да ја обезбедиме политички да егзистира како самостојна, суверена и независна држава. Она што ќе се случува на внатрешен план и економски е многу поважно и што Владата очекувам тоа да го направи, бидејќи тука не сме само во исчекување, туку во една голема нетрпеливост и бараше тоа да го стори, е економски да се обезбедиме, социјалните тензии да ги намалиме бидејќи тие веќе се во една блага, или силна експанзија и да можеме да опстоиме како држава. Дали ќе бидеме признаени,или не, наше најмоќно орудие е само работата на нашите законски прописи и постоењето на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров.

Му давам збор на претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров.

XVII/3

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитувани пратеници еве и јас нешто да кажам.

Надворешната и внатрешна политика како два пола на вкупната ориентација на една држава на нејзините цели и стремежи мораат да почиваат на исти темели. Не можат да се применуваат двојни стандарди, едни во внатрешната, а други во надворешната политика. Недемократска држава не може да се претстави" колку и тоа да го камуфлира со демократски иницијативи за уредувањето на меѓународните односи и се разбира да и се верува и обратно демократското општество секогаш ќе најде сили да ги разбере објективните текови во светот и активно да се вклучи во нив, или ризикува да стане недемократско општество во таа длабока внатрешна врска секогаш треба да водиме сметка и да ја имаме во предвид. Нашата држава само са една година требаше да изгради своја над-ворешна политичка стратегија следејќи ги внатрешните демократски процеси без признаен меѓународен субјективитет, малку или сосема непозната како државен субјект да избори во тоа кусо време независност и да го најде своето место на Балканот, Европа и во светот.

Прашањето кое се постави пред нас беше со каква политика ќе успее една мала држава со векови оспорувана, делена и распарчувана на која и се оспорува и името на државата, па и името на нацијата, а нема ниту воена сила, ниту економска моќ. Притоа сето тоа треба да го постигне при распаѓањето на Југославија и со соседи какви што има. Тоа е нашата реалност. Но, и да имавме воена сила и економска моќ видовме што сторија сите тие кои дадоа предност на воената моќ, на позицијата на сила и доминација, а најдобар пример е самата доскорешна таканаречена Југословенска Народна Армија,

една од најсилните во Европа, највооружена, подготвувана со децении, на крајот се сврте практично да учествува во меѓуетничка војна, значи против народот кој на крајот на краиштата и ја создал и ја издржувал. Сите тие актери не го разбраа времето во кое живееме и каде Европа оди и тоа е основната причина за сите грешки. Во такви услови нашата надворешна политика се изгради на следните основи.

Прво, таа мораше да биде принципиелна, нејзините определби долгорочни и трајни. Тој приод ни помогна сите наши партнери постепено да се здобијат со доверба во нас во нашата постојаност и цврста определеност за европските принципи за однесување. Успеавме да го увериме светот дека нашата политика не е од денес до утре, за дневни тактички потреби, со неочекувани пресврти, а за такви политики има толку примери во однесувањето на балканските земји, па еве и последниве денови. Заради нашиот принципиелен однос се проби и зацврсна претставата за Македонија како мирољубива земја која сака и најтешките проблеми да се решаваат по пат на договор и разбирање и дека од нас не се заканува никаква опасност, а тоа Европа страшно многу ја интересира дали ќе донесеме некој нов судир, нова војна, да се прошири војната, да се доведат во прашање нивните интереси, за мир, развој, стабилност итн. Тоа го оневозможи проширувањето на војната на овие простори и ни овозможи да дојдеме до независност без крв, насилија и разурнувања на градови. Тоа е драги и почитувани пратеници претставата за Македонија во светот и нашата најголема придобивка. Слободно можам да кажам по тоа се препознава Македонија. Тоа е констатирано во многу изјави и соопштенија на државници и на средбите исто така во Хаг и Брисел, а можеби како крунски доказ на тоа

е последното соопштение на Стејдепартментот по мојата посета во САД, а Стејдепартментот е познат како што знаете по своите многу одмерени изјави, еклатантно сведочи за таквата претстава за Македонија. Во него се дадени високи оценки за нашата политика со јасна изјава дека ќе се пружи жесток отпор на евентуалните обиди да се натера Македонија во некаква четворна федерација со доминација на Србија и се изразува залагање за полн интегритет на Македонија и за неповредливоста на нејзините граници. Тоа секој кој разбира политика дефакто значи признавањето на Македонија. Меѓутоа, најголема опасност за нашата надворешна политика всушнсот претставува нејзиното градење од денес до утре под влијание на дневни настани. Ако отсуствува подлабоко познавање на процесите што се одвиваат во светот со импровизации, аматерско расудување без елементарно познавање на меѓународните односи, од тоа треба да се чуваме, а особено кога се инсистира кога се инспирираме од емоции и пароли и политички маркетинг посебно тоа не смее да биде кога се работи за признавањето на Македонија од меѓународната јавност.

Второ, нашата надворешна политика мора да биде во целосна согласност со објективните текови на европското здружување засновано врз принципите на демократски дијалог и спремност за секаква соработка, сестрана соработка. Таа мора да е проткаена во сите свои сегменти со европска опција. Без тоа сме без можности да бидеме дел од огромниот европски простор со несогледливи економски, културни и цивилизациски негативни последици. Оттаму независноста, суверeноста на Македонија се наша императивна задача, но заради тоа за да можеме во исто време од тие позиции да го најдеме своето место во европскиот дом. Се друго е романтизам

и опасност да се загуби перспективата и да се стане плен на нови балкански пресметки. Ако се спореди нашата политика со политиката на некои балкански земји, или со бившите југо-републики ќе се види во што е нејзината предност и зошто и без војна и економска моќ и без амбасади, сепак, се пробивме со својата вистина и зошто многу посилните земји околу нас не успеаа да ја задушат таа вистина. Оттаму и силните емотивни и неразумни реакции од некои соседи.

Трето, клучното прашање , југословенската криза, војната и распаѓањето на Југославија да се решава по мирен пат тоа беше определба на овој Парламент, јас се надевам и на сите нас. Тоа се покажа како единствено исправен начин. Сега за тоа се залагаат ако можете да зебележите во последно време сите , со исклучок на одделни политички групации во Југославија за што говори тоа искуство, што донесе војната. Мислам дека сега на сите им е јасно дека само доведе до тоа да незнам колку пати веќе се повтори уверувањето од страна на највисоките институции на меѓународната јавност и на Обединетите нации дека со сила не можат денеска да се менуваат граници, не можат да се бараат територии и дека мора да се живее, особено во деловите каде што се измешани народите, а за тоа е прворазреден пример Балканот, мораме да се научиме да живееме заедно. Се друго е илузија, се друго води кон непрекинато војуваше, а овие простори не знаат кога биле мирни, а знаат колку многу се војувало.

Четврто, во врска со независноста на Македонија од Декларацијата за суверена Македонија преку Платформата за преговорите што ја донесе Парламентот, определбата запишана во нашите документи дека не остануваме во остатокот на Федерацијата. Ние сме меѓу првите републики кое тоа со документ на ова Собрание го рековме.

Преку документот наречен Глигоров-Изедбеговиќ секогаш сме биле за суверена Македонија, а во тој период и за сојуз на суверени држави.Тие принципи не се во спротивност ниту со една одлука на Собранието, ниту со програмата на било која партија. Сите партии вклучително и ВМРО-ДПМНЕ која предвидуваше конфедерација, а документот на ова Собрание за сојуз на суверени држави е помалку од конфедерација. Значи, освен на движењето за Југославија и слични нему сите имавме зацртано суверена Македонија треба да се оствари, и независна Македонија таа од таа позиција е спремна како што ќе биде спремна и во иднина, не во вид на државна заедница, туку во вид на разни видови на соработка со сите со кои живееме заедно на овие простори. Друг пат нема. Тоа е живот.

Петто, кој беше нашиот пат кон независност. Ја спомнав Декларацијата како најглобално политичко определување кое има така да кажам манифестантен , но и долгорочен значај. Потоа дојде референдумот. Јас мислам дека добро направивме што се одлучивме да одиме на референдум. Тоа е сега веќе сосема и до крај јасно на сите и ние до денес не сме го изневериле референдумот. Тие приговори кои се изнесуваат последниве денови на митингот дека сме го излажале народот заради вториот дел на референдумското прашање тие мораме да ги запрашаме кој денеска сака нова југословенска заедница. Зарем не слушаме и не гледаме дека овие денови и Србија сака сопствена држава, Црна Гора сака сопствена држава, тие се спремни да прават и заедничка држава, тоа е нивна работа и нивно право, но сега инсистирање на создавање на сојуз на суверени држави е нешто за што не постои елементарна согласност на било кого во Југославија. Сите се ориентирани на тоа да ја зацврстат

сопственоста самостојност и од тие позиции да се разговара за идна соработка. Отсуството на референдумот тешко би не погодило да не се решевме на референдум. Овде беше спомнат случајот на БиХ по чиј повод директно во извештајот на Бадинтеровата комисија е речено дека не може без изјаснување на народот да се бара признавање на независноста. Со оглед на тоа сметам како што и тогаш заедно овде одлучивме во Парламентот во право време и на прав начин го прашавме народот дали сака независна и суверена Македонија и бидете уверени дека со тоа ние го направивме најважниот чекор кој требаше да се направи кон нашата независност.

Потоа донесовме и Устав. Со Уставот се лигитимиравме пред светот за каква држава се работи и тоа е многу битно и тоа се цени. По тој повод можам да ви кажам во сите мои средби и сега што имав бројни средби во САД и Канада никаде не чув дека владее мислење дека Македонија не е демократска држава.

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)

Тоа е последното нешто што би можело да се чуе со оглед на се она што денес претставува Македонија во Европа и во Светот и како на неа се гледа. Ниту такво чувство сум имал ни при разговорите со стопаснтвеници, ни со Јужноевропската асоцијација, ни со Светската банка, ни со Лондонската банка пред тоа за развој на Источна Европа, која е создадена за тоа да се зачврстат демократските режими во Источна Еврола. Напротив, секаде таму владее мислење дека се работи за едно демократски преобразувано општество кое нашло и внатрешни и ндворешни можнсоти и сили да определи една политика која во тој виор на војната е право чудо како остана без последици, како не се втурна во таа војна, што се разбира ни најмалку неги намалува сите последици од посредните штети што настанаа од војната, особено и од тие 42 загубени човечки животи. Ние тоа никогаш нема да го заборавиме. Но, што можеше да стане на овие простори и конечно како ке се завршеше тој така наречен и долгоочекуван јужен фронт, а многу не само што го чекаа, туку и го пророкуваа, тоа можеме само да замислиме.

Потоа, баравме независност. Мидлам дека тоа барање за незавосност беше потркепено со сите релевантни документи кои можат да доведат до заклучок дека ние сме ги исполниле сите услови за независност. Оттаму и дојде тоа видување и тој заклучок на Бадинтеровата комисија дека Словенија и Македонија ги исполнуваат условите за независни држави. Тоа е историски документ. Тој не може веке со ништо да се избрише- Се друго се политички тактики, односо на сили,моментални состојби, водење сметка за некои фактори. Со тој документ ние навлеговме во фаза кога признавањето на Македонија е добра дневна борба, битка за тоа да се отстранат последните пречки.

Тоа не значи да ги потценуваме сите тие пречки, но ние сме во таа фаза .

Шесто, кои се факторите за можната компромитација на оваа наша политика и на што се надеваат недобронамерните.

Прво очекуваа неизбежен судир со армијата во Македонија бидејки и ние можеби ке поскакаме да имаме паравојни формации, нема да се однесуваме према офицерските семејства како една културна средина туку ке ги загрозиме, дека ке направиме блокади на касарните и слично и што неминовно ке доведеше до Јужен фрон со сите последици, а главната жртва ке бевме ние и ке го загубевме можеби и она што е спечалено досега.

Второ, се очекуваше дека ке се судриме со Србија. Но, не само да тоа не смееше да се случи, туку ние не дадовме никаков повод за такво нешто. Од наша страна се понуди мир, во однесувањето до сите настани во Србија од позиција да нудиме разговори, разбирања итн. , а најважно е се разбира тоа што во Македонија не се најде почва за да може да дојде до судир со Србија. Со 43, 44 илјади срби во Македонија од кои еден дел се и офицери, кои еве заминуваат итн. нема основа да се случи народ и да се бара ова или она, како се веке наредкуваат САО Краина итн. Значи, се работеше за еден сосема друг случај и ние добро го проценивме тоа. Ние добор го проценивме. Тоа не е состојбата ни во Хрватска, ни во Босна и Херцеговина каде што навистина има неспоредливо поголем број на србско население. Нашиот став е дека признаваме и нема тоа да го заборавиме дека Србија ја призна 1944 Македонија и Македонската нација и дека сакаме да живееме како добри соседи и да соработуваме. Тоа ни овозможи крај да дојде до таа средба која честопати, па и денес се спомнува

честопати, па и денес. Се спомнува како некаква тајна средба. Тоа не е никаква тајна средба меѓу мене и Милошевиќ и Андов и Тупурковски од една страна и Јовиќ и Јовановиќ, минситерот за надворешни работи на Србија.Таа средба ни овозможи последните евентуални заблуди дека може Македонија во некаков остаток на федерацијата во минифедерација, Србославија како кој ја нарекува, но тоа не е битно, бидејќи сосема јасно, определено и без никаков остаток на сомнение со една реченица се каже најнапред дека ние прво ке станеме независна и суверена држава. Тоа е нашата императивна задача. Тоа е мандатот кој сме го добиле од народот, а потоа можеме како две држави да разговараме за соработка на разни полиња каде имаме заеднички интерес. И тоа беше соопштено на јавноста, тоа е и овде пред Парламентот тоа е единствената вистина и нема во тоа никаква мистерија. Да не беше така бидете уверени настаните ке врвеа поинаку, а особено не би сакал да е тоа само причина, но мислам една од најважните причини армијата што сега се повлекува тоа е и тоа е така јасно кажана определба која не оставаше никакво соменвање за било какви други очекувањаи аспрации.

Потоа, една од најголемите опасности, јас како што знаете во овој Парламент не еднаш сум рекол и тоа го повторива, најголемата опасност беше судир помегу националните односи, со оглед на се што се случуваше во Југосалвија. Таква беше атмосферата да може такво нешто да се очекува бидејки секој народ во фаза на емотивно расположение прво бара кривец во некој друг и треба да најде кој му е тој противник кој му пречи да ја оствари својата главна цел. Така доаѓа до судир и меѓу народите. Така дојде до ова се што стана во Југославија итн. Се разбира корените на таа криза се и многу подлабоки, но говорат за манифестациите. Меѓутоа

ние не ја повторивме грешката направена на Косово, свативме дека демократска Македонија не може да постои никако држава, ни како општество ако нема разбирање помеѓу националностите кои живеат во оваа Република. Тие не се чувствуваат равноправни ако не ја прифаќаат оваа држава како своја држава и сознанието дека сме спремни на политички дијалог, на разговори во институциите на ситемот. Значи, со сите оние средства кои единствено му се оружје на демократското општество. Дали сме се постигнале? Дали можело уште многу друго да се направи, многу други чекори да се сторат за да имаме поголеми резултати отколку што сега ги имаме, но самиот факт дека сепак го сочувавме мирот и во меѓунационалните односи, а прашањето за меѓунационлните односи никогаш не е решено. За рамноправноста  секогаш ке се говори. Секогаш секоја мера на постигната рамноправност вероајнот ќе биде понатаму желба да се надмине, да се создадат уште подобри услови за едно заедничко демократско, човечко однесување и живеење, затоа нема никакво сомневање. Не е моментот за тоа повеќе да се говори, во некоја друга прилика треба да ја отвориме таа дебата, треба да излеземе сосема отворено, но и реално и без предубедување, со сите факти да видиме што можеме да сториме на тој пат, да ја сочуваме стабилноста на државата и на народот, а од друга страна да направиме определени чекори напред и да можеме да кажеме дека сме го направиле она што ни го дозволуваат сегашнтите наши сознанија, сегашните наши можности и она што е, е се разбира европско и светско искуство на тој план.

Постоеше уште една опасност. Како што гледате во Источноевроспките земји од време навреме во тек се разни антидемократски процеси. И тоа не е ни случајно, ни чудно, затоа што во вакво време

кога се рушат темелите на еден систем, кога се создаваат нови основи за живееше, но нова структура, не само на стопанството, туку и на општеството не е ништо чудно да се јават и ревизибилни процеси значи и враќање назад, значи во една антидемократска атмосфера итн. Не случајно се јавија токму во бивша Југославија милитантни организации, екстемни барања итн. Дојдовме се до разни појави кои се крстат и врзуваат за оваа, или онаа партија, Шешељова или не знам која. Но, тоа се всушност антидемократски процеси кои во овој преоден период апсолутно можеа да се очекуваат и кај нас. Јас мислам дека успеавме да се одбраниме, да не дојдеме во таква една опасност, или појави кои ги имаше во тој поглед сепак беа од не толку големо значење,или периферно значење.

Постоеше и опасност да преовладеат ставови за етничка држава, национална држава за територија, граници. За нив да се расправа и тоа да стане главна преокупација. Мислам дека таа реши-телнсот и смелост што ја имаше овој македонски народ да прифати дека ние немаме никакви терироријални претензии према било кој сосед сакаме еднаш да го одтвариме правото на самоппределување на македон-скиот народ да има сопствена држава и да живее во неа на рамноправ-ни основи со сите националности, сите граѓани што се во таа држава. Јас мислам дека е тоа клучната одлука и определба. Таа да не беше прифатена од нашиот народ, да беа преовладале некои наши оптоварува-ња и трауми од минатото ние денеска немаше да имаме ни држава, ниту она ќе беше независна и признаена од странство. Тоа е клучен факт и за тоа постојано треба да водиме сметка.

Во одделни републики тие и такви движења, сите срби во една држава, сите други народи воедна држава итн. доведоа до она што доведоа и го сопреа процесот на демократизација на тие републики.

Ништо денес не се решава со барање на територии и граници, било да се работи за нас , било да се работи за било кои балкански сосед.

Седмо, нашето присуство и учество на миновната конференција, можам да кажам дека тоа не е наша оценка, тоа можевте да го прочитате повеќепати од разни изјави на Лордот Каринтон, од повеќето изјави на Сајрунс Венс итун., дека нашето учество во Каринктоновата комисија беше успешно и дека таму добивме на еден поширок план верификација на таа наша политика. Една работа е кога во билатерални средби, па на еден, друг, трет и тн. им ги образложувате своите становишта, а друго е кога се добие уверување на една заедничка маса на мегународен план дека тоа навистина, таа политика е тааи ја прифаќаат како таква, како успешна, како мирољубива итн. Мислам дека тоа добро ни дојде да се создадоа тие две институции и да имавме можнсот, бидејки немаме амбасади по светот да водиме некоја таква активност да можеме на еден вистински начин да ги презентираме нашите ставови. Во целост, може да се каже дека на мегународна сцена преку тие комисии ја демонстриравме нашата политика.

Осмо, каква беше операционализацијата на нашата политика, посебно во врска со барањето за независност. При операционализирањето на нашата практична, така да ја наречам, политика и борба за меѓународно признавање ние моравме да водиме сметка за нашата положба, за соседите, такви какви ги имаме и да развиеме што е можно поширока активност да го увериме светот во трајноста и исправноста на нашата политика. Што постигнавме? Мислам дека сукусот, клучниот продукт на целата таа борба е во крајна линија

е Бадинтеровиот извештај. Он, ако го прочитате целиот ќе видите најмногу простор и посветува на Македонија и релативно и оценките, паралелно со Словенија се најдобри. А, клучни се три.

Прво, таа Република сето тоа го постигната по мирен пат, на најлегитимен начин.

Второ, таа Република е на релативно задоволителен начин ги решила своите меѓунационални односи, и

Трето, нејзиниот Устав ги одразува прифатените Европски норми.

Јас мислам дека повеќе од тоа и не е потребно за да се респектира една земја дека е способна сама да се управува и сама да си ја земе судбината во свои раце. Од оваа говорница ние нудевме, сигурен сум дека сите за тоа ќе си спомните, неколку пати на сите наши соседи отворен пријателски разговор, спремност на сите нивои да се состанеме, да разговараме за сите отворени прашања со најголема спремност да го разбереме ставот и на другата страна и да бараме она што во овој момент може да биде прифатливо за нас и за соседите. За жал не успеавме да дојде до средба со  Грција. Јас напишав, како што знаете и писмо на претседателот на Грачката Влада господинот Мицотакис, му ја изложив нашата политика, спремноста за најпријателски односи, за средба , за соработка и тан., но одговор досега не добив. Заради тоа дозволете малку да се задржам на случајот со Грција.

Јас можам тоа со полна одговорност  да ви го тврдам дека без нејзините примедби ке бевме призанени на 15 јануари едногласно, без проблем, без било каков проблем. Според тоа, кога се говори за сите активности кои се преземени не само од нас, јас

тоа во најширока смисла на зборот го третирам, ги вклучувам и сите акции што се и од Парламентот, и од партиите без оглед колку биле скромни, но презимани се разни активности.  Да не говорам за непроценливото значење на се она што зрачеше од нашата културна, уметничка и друга свера. Тоа не се видливи зраци, но тие многу значеа за афирмацијата на нашата Република.

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение).

Меѓутоа, кога се говори евентуално за некој пропис или недостаток, а овде беше речено дека нема идеални луѓе, дека направил се, борејќи се за сопствената земја, без оглед колку му е тоа на срце итн., се изнесуваат разни забелешки за кои нешто ќе кажам, а случајот со Грција апсолутно се минимизира. А јас ви кажувам тоа беше главната пречка ние веќе на 15 јануари да бидеме признаени. И ништо немаше да измени таа ситуација да направевме уште 50 посети и се друго, бидејќи и единаесетте беа спремни да ја признаат Македонија. Тогаш беше договорено од пошироки причини, заради претстојното создавање на Европска унија, заради состанокот во Мастрик и тн. дека е нужно да се постигне едногласност. И тука се случи тоа што се случи, така да овој фактор апсолутно не смееме да го потценуваме, не заради тоа дали ќе и се препише на Владата, на мене, на министерот за надворешни работи, повеќе или помалку, заслуги или грешки на другата страна во активноста за признавање на Македонија, туку заради тоа што да знаеме што не чека и со што мораме да се соочиме.

Упорноста и офанзивноста во целиот свет, во Европската економска заедница, во КЕБС, каде што е Грција членка и секаде каде што одев по светот, би одзело многу време да ви кажам со што се сретнав, на било која конференција за печат, колку имаше новинари со спремени нотеси по исти прашања од грчка страна итн.,во центарот за стратешки студии, во меѓународната

асоцијација за меѓународно разбирање итн., на секаде не чекаа спремни приговори, оптужби итн. и на секаде излеговме со определено разбирање од слушателите, а на некои места беше и непријатно да бидеш грк. Но, таа акција продолжува и сега ми дозволите прво да кажам што очекувавме од Грција што се случи. Очекувавме Грција и грчкиот народ да бидат носители и промотори на отворање на границите, како членки на Европската економска заедница, да бидат водител на Балканот, како единствена балканска членка во Европската унија. Водител, мислам на тој процес. На асоцирање на Македонија и другите земји во Европската економска заедница, да ги поддржат демократските процеси во овој дел на Европа, како земја во која никнала демократијата, да ги поздрават и почитуваат нашите одлуки за независност, нашето право за самоопределување изведено на најдемократски начин и да ја прифатат нашата прија-телска рака за најширока взаемна соработка, за да покажеме добра волја, иако тоа никаде во светот не се регулира со устав. На многу места тоа ни беше речено, навистина сте направиле нешто што не е вообичаено.

Дека немаме било какви претензии спрема Грција, се повеќе се ширеше во светот чудењето, што се бара од Македонија, зошто спрема една мала земја треба да се мобилизира сета политичка и дипломатска машинерија, за да се попречи нејзиното признавање, па се до неразумното и за никого неразбирливо барање, да се откаже од името.

Македонија никого никогаш не присвојувала ничија територија, нити култура, а не оптужуваат дека сакаме да присвоиме историјата, културата на некогашниот народ кој живее таму, а тие го сметаат некое свое наследство, а присвојувањето на нашата историја и културни вредности  трае со векови, се до денес.

Откако дипломатските притисоци доведоа до одлагање на нашето признавање, но и до се поупорните гласови дека нема причини за таков акт, откако и за заедницата тоа стана проблем, политички и морален проблем дали се придржува до сопствените одлуки, пропишани услови и до од нејзина страна избрани судии, кои треба да пресудат во тој спор.

Сега отпочнаа уште понеразбирливи акции. Отворање на границите, малтретирање на патниците, типична дискриминаторска политика по однос на транспортот, за нас многу значаен за трговијата и друго. Таков неразумен приод всушност антиевропски, со кршење на основните начела на Европската унија и на КЕБС, за мое големо чудење со начнување на некаква кампања, со митинзи, транспаренти, масовни протести и закани, со присуство на деца од училиштата, на тие собири, внесување на омраза со сите риквизити на така наречената популистичка политика која наместо да ги зближува народите, ги ориентира на меѓусебните конфронтации. Таа политика во Југославија знаеме до што доведе. Имавме и некакви сопствени, мали искуства. Никому таа популистичка политика не му беше на чест, а самите актери сега веќе се откажуваат од неа.

Морам да кажам пред вас, со полна одговорност да жалиме што до тоа дојде. Меѓутоа, значи ли тоа дека ние сега треба да одиме на таканаречените"спомнтани митинзи", бидејќи и ние би можеле да собереме повеќе стотици илјади луѓе, со иста сценографија и каде би водело тоа. Напротив, како што на затворањето на границата од грчка страна ние одговоривме дека секој патник, секој камион и воз, слободно и безбедно можат да минат низ Македонија. Така и сега апелирам или предлагам цврсто да застанеме

зад нашата решеност, да не се оди на митинзи, протести, да се остане достоинствено зад нашите определби, без алтернатива. Сакаме со грчкиот народ и Република Грција меѓусебно разбирање и соработка. Повторно и по кој знае кој пат апелирам за една вистина, ако ја гледаме се разбира, со отворени очи. Нас ништо не не дели од Грција и само заради некои историски трауми, заблуди и политички предрасуди, да не кажам и политички интереси, партиски интереси се создаваат проблеми кои всушност не постојат.

Никој нема да се прослави, ако мисли дека со сила треба да му се наметнат на еден мал народ понижуавчки услови. Грчките маркири тоа никогаш себеси не би си го дозволиле. Во овој случај во прашање е името на Републиката. Тоа е спорот со Грција, ако зад тоа не стои нешто друго. Но, јас не сакам сега во тоа да навлегувам и да нагодувам.

Морам да кажам дека сум загрижен и од обидите да се негира самобитноста на македонскиот народ. Проблемот е врзан со Бугарија, а некои историски трауми и во Бугарија се широко и многу присутни за жал.

Најнапред, пред да кажам нешто повеќе за тој проблем, сакам прво да кажам дека со Бугарија сакаме да имаме пријателски односи и сестрана соработка. Тоа е нешто што е наш долгорочен интерес, тој со ништо не може да се замени, Високо го цениме гестот на признавањето на независноста на Република Македонија. Очекуваме тоа да се потврди со воспоставување на дипломатските односи меѓу двете држави. Ова сега што ќе го кажам, ќе го кажев и да не беше тој актуелен настан, кој впрочем овдека беше веќе спомнуван и не е ова повод за актуелната вест од вчерашната

конференција за печат во Софија. Јас немам обичај да апострофирам личности. Во овој случај не е ни најбитен настанот таму и самата личност, но морам да кажам дека како претседател на Републиката изразувам длабока загриженост секогаш кога се доведува во прашање нашето национално битие,бидејќи тоа за нас е судбинско прашање. За нашата самобитност, историја и култура, за се што стои зад македонското име како нација, не можат да расправаат ни историчари, ни академии на науки и тие на нас да ни кажат што сме и како се викаме. Се има ли предвид дека ако се отиде до тој пат, дека ќе се јават историчари и од Србија и од Грција и којзнае се од каде, за да ни кажат што сме. Може ли да се замисли независна држава, тоа е нашата сега најнепосредна и највисока цел на народ за чије национално име треба да се расправа на научни собири. Го има ли тоа некаде во светот? Кој народ тоа би го дозволил? Јас од оваа трибина исто така говорев дека во меѓународните односи се признаваат државите, а националното чувство е интимно чувство и определба на секој народ и на секој човек. И ние на тоа треба да опстоиме. Не бараме ние од никого признавање. Треба ли некоја нова арбитража, некоја Бадинтерова комисија на историчари за да ни каже што сме. Се враќаме ли во времето на Јован Цвијиќ, дека населението на Македонија е национално, недефинирано, аморфна маса. Тоа знаете сите од историјата беше научната подготовка за поделбата на Македонија, и оправдување пред сопствените народи, не завојуваме друг народ, го ослободуваме, тој не знае што е, тоа е наш народ. И тогаш излезе дека сме и срби, и бугари, и грци и којзнае уште што. Зарем после сите востанија на овој народ, стоилјадната војска  и 24 илјади жртви во минатата

војна, 42 илјади во оваа војна, во која не сакавме да учествуваме Зарем после сите дострели на Македонската литература, јазик, уметност и култура, треба други да судат што сме.

Мислам дека овој Парламент, не може да остане без јасно становиште, заради сопственото достоинство и одговорност пред народот. Само да ви кажам следното: Средбите што ги имав во Канада и Америка со многубројни наши иселеници, на сите средби повикот дека сме биле, сме и ќе бидеме македонци, сите присутни ги дигаше на нозе.

Сега би сакал нешто да кажам за изнесените критики кон кои мораме да се однесуваме највнимателно. Во принцип мислам добродојдена е секоја критика и во такво осетливо време кога треба да бидеме единствени, кога траба да имаме,како што се велеше од многу говорници, национален консензус за издавањето на независноста на Македонија, но за да се потврдиме како демократско општество, а и заради отстранување, или намалување на опасноста, некаде и да згрешиме, ако не сакаме да чуеме критички збор, мислам дека тоа не е ништо лошо. Напротив, дури и кога критиката нема предлози, сама по себе може да упатува на тоа што треба да се поправи и во која насока треба нешто да се преземе. Оној кој критикува не секогаш требада биде задолжен да мора да даде и предлог за да каже, е сега си конструктивен. Се разбира, секогаш тргнуваме од тоа дека таа критика се дава со чиста совест, добри намери итн. Но, ако не се критиките засновани на факти, или се работи за предлози кои не се во рамките на општо прифатената стратегија, од страна на овој Парламент на нашата надворешна политика, некои одговори мора да се дадат.

Еве некои кратки напомени. Не мислам дека тоа е најважното што треба да се каже денес. Имаше во јавноста од одговорни луѓе оценки дека ние водиме катастрофална надворешна по-литика. Вие сами пресудете, јас денес не чув таков збор, чув забелешки, чув разни сугестии, забелешки и поголемо и помало согласување, несогласување, но не чув некој да рече дека нашата политика е катастрофална. Незнам тогаш како можеше оваа Република да влезе во најтесен круг за признавање на независнота, со такви оценки кои беа дадени.

Мислам дека и критиката мора да има мера, за да биде дел од форма, за да произведе ефект. Поаѓам од тоа дека оној кој сака да критикува и сака да ги менува работите, да придонесе да биде подобро, но тоа мора да биде засновано на такви факти, такви проценки кои можат да бидат разбрани.

Второ, имаше приговори дека се давало оптимистички изјави дека ние ќе бидеме први признаени итн. Нема никаква пречка да бидеме признаени, да бидеме признаени во пакет итн. Точно е тоа дека ние се боревме за признавање во пакет, затоа што сметавме ако се донесува таква одлука, сите што ги исполнуваат условите, треба да бидат признати. Еве се покажа, ако така не се постапува, а не се постапи во овој случај така, се наруши и политичкиот принцип, но се наруши и елементарниот морал.

Што се однесува до мене, мислам дека од оваа говорница повеќе пати кажав, да ве потсетам дури за нешто што уште ми е свежо во сеќавањето дека ниеден датум, па ни 15 јануари не е ни библиски,ни фатален и дека не треба да врзуваме за тој датум она што мораме да го постигнеме. Ако не на 15, ќе биде после

месец, после два месеци, после три месеца, но тоа е незапирлив процес. Никогаш не сум внесувал никакви во тој поглед оптимистички изјави, ако не за друго, заради тоа што бев актер во сите тие настани, што добро ги знам сите опасности и сите пречки итн. и што сосема јасно ја согледував опасноста од опонирањето која ќе се појави на 15 јануари од страна на Грција. Тоа не беше непозната работа, впрочем,за било кој од вас. Малку контакти, се разбира можеше да има и повеќе контакти. Но, ајде да видиме сега на примерот на признавањето од страна на Соединетите Американски Држави, не само на нас, но и на Словенија и на Хрватска, дали беа во прашање малку контакти. Просто луѓето се преселија таму. Огромен хрватски лоби работеше, словенците, знаете какви организатори и што се правеа. Според тоа, не е само до контакти. Една голема сила завзела становиште дека дури не се види што ќе стане во Босна и Херцеговина, дали таму ќе се прошири војната, не признаваме никого. Всушност таа ја држи позицијата на притисок да ја спречи војната, да ги натера сите да престанат да војуваат, потоа вели ние ќе ги признаеме сите што исполнуваа услови на демократско општество итн.

КИРО ГЛИГОРОВ: (продолжение)

Според тоа и тука треба да бидеме и коректни и реални и да водиме сметка за сите околности кои делуваат, а не само вака паушално да мислиме дека количината на контактите го решава проблемот. Во тој случај сме во голема заблуда. Имаше со страшно многу контакти, но со многу помали ефекти од она што ние го постигнавме на меѓународна сцена, барем во некои области.

Меѓу другото Хрватска не доби од Бадинтеровата комисија преодна оценка, а мислам дека на Хрватска не може да и се стави ниту една забелешка дека, навистина, не сторила се да контактира се што е можно да се контактира и друго, дека имаше многу силни сојузници за да може да се надева дека ќе успее.

Критики за Министерството и министерот!

Министерството, навистина, ни е такво, какво е. Таму требаат преуредувања, едно комплетно преоуредување, пред се од името, еве и туак беше спомнато, ние немаме Министерство за надворешни работи. Тоа е уште останато како Министрство за односи со странство. Тоа, министерот за надворешни работи незнам колку пати го рекол и го изнел како негова сопствена забелешка и грижа дека такво Министерство не може да одговори на своите задачи. Се разбира, таму треба да дојдат нови луѓе, уште луѓе. Еве, сега се враќаат нашите дипломати и сите тие треба да се искористат, да се искористи се што е способно и може да пружи професионална помош, треба да биде исползувано.

Што се однесува до министерот, јас морам да ви кажам, инаку ова не би го говорел и воопшто избегнувам за личности да говорам, но беше во изглед некаква интерпелација за одговорност итн, нашиот министер за надворешни работи, интелигентен, со една широка политичка и друга култура, многу умно, толерантно ги водеше разговорите

и преговорите. И, кога тоа не би било невкусно, јас би ви ги цитирал изјавите на редица најодговорни луѓе, од Карингтон, Венс итн., за оценките за работата и дејството на министерот д-р Денко Малевски.

А, јас, лично, кога би ми кажале од шесте министри кои таму беа, кого би го избрал, ако не е во прашање националноста, јас пак би го избрал Денко Малевски.

(Аплауз)

Сега едно чувствително прашање за кое морам да кажам неколку зборови, дека ништо не се знае што се разговарало во тие многубројни контакти. Ако ја следите, а јас длабоко сум уверен дека ја следите меѓународната пракса, обичаите, вие ќе констатирате дека на секаде луѓето кои разговарале и кои биле одговорни за некоја работа должни се пред јавноста, пред Парламентот итн., да кажат што е резултат од тие разговори. Барањето да се објавуваат стенограми, иако јас ви тврдам во ниту едне стенограм нема да најдете ништо што би можеле да го забележите на конто на било кого а да не било во полза на Македонија, тоа е невообичаена и невозможна пракса. Ако почнеме да објавуваме стенограми од разговори, со нас никој нема да разговара. Тоа да го знаете, ќе не сметаат за несериозни луѓе. Не случајно заради тоа, да ви напомнам, во секоја држава е донесен некаде закон, некаде акт на Владата ниту еден документ, стенограм итн., дури и депеши од амбасадори итн., да не можат да се објавуваат додека не поминат 30-35 па и 50 години за некој документ. Сакате ли да направиме ние нешто што би личело на "римски форум", или на она кога Словените се собирале под липа? Но, тоа ниту еден одговорен не го ослободува од обврската она што е резултат на тие преговори да го каже, а не кој што рекол. Што е резултат на тие разговори, што се постигнува, што не се постигнува, за тоа јавноста мора да

биде информирана, а особено Паралментот. Јас мислам дека ние тоа го правевме редовно и дека тоа не е слабост. Мислам дека обратното би било голема грешка.

Дури, морам за жал, да констатирам нешто, незнам дали денеска беше спомнато, можеби не забележав, но во јавноста беше, меѓу другото, изразено следното гледање, дека нашата независност во крајна линија е резултат на борбата на Хрватска и Словенија и дека ако ништо друго, Европа сега, од своја страна таа нам, заради незнам што, Европа ништо не прави од каритативни побуди. Се што прави прави од јавно определен интерес да се обезбеди себеси, својот мир, својата иднина и, доколку има такви партнери, сака да ги помага. Ништо друго.

Мислам дека тоа, во најмала рака, не се работи ниту за влада, ниту за министерство, ниту за мене, па дури ниту за овој Парламент. Се работи за достоинството на нашиот народ. Дали навистина останал кај нас духот дека постојано некој друг за нас треба нешто да направи за да биде добро. Зарем ние ништо не сторивме во оваа мегународна јавност, во оваа сета битка што се води повеќе од една година за Македонија да стане назависна и сега треба да благодариме на друг?

Јас, заради тоа испратив достинствена телеграма на сите кои до сега не признале. Прочитајте ги моите телеграми. Во ниту една нема на било кого една непримерена на нашето достоинство благодарност. Тоа не значи дека не цениме. Цениме високо, но тоа е едно а друго е да мислиме дека другите прават повеке отколку што сме способни ние, нашиот ум и нашите раце.

Имаше и други работи, но за тоа не треба да се говори. Имаше и такви работи - кој барал независност; - дали барал правиот човек или неправиот човек; - дали бил потпишан документот или не бил потпишан; но тоа, секој кој малку се разбира во тие работи

му е сосема јасно и нема смисла да се објаснува.

И сега, на крајот. Ова време бара, ако ништо друго, во меѓународната политика и признавањето на независноста, признавањето да биде на сите нас и да не се бараат причини да ги обезвреднуваме сопствените резултати.

Но, кога е веќе така, како што е, овие разногласија, јас сум длабоко убеден, нема да бидат пресудни за да се промени сликата за Македонија во светот и праведноста и исправноста на нашите барања. Но, се разбира, ова не е пледоаје дека немаме заедничка и консензуална политика  по ова судбинско прашање, туку само сакам да кажам како стојат работите. Се разбира, би било многу подобро и тоа нашиот народ го очекува од сите нас овде, од својот Парламент, овие пресудни мигови да бидеме единствени во нашата преокупација, историската цел - независна Македонија да биде што поскоро признаена. Јас верувам, и денешната расправа во крајна линија тоа го покажува.

Нашите луѓе секоја вечер се пред телевизорите. Да не го заборавиме тао. Да не мислиме дека нашиот народ не расудува за сите овие наши пресметки и дека нема свој суд за се што станува во овој Дом, највисок Дом на овој народ. Народот ја поддржуваше и ја поддржува оваа наша надворешна политика. Да беше поинаку, не би успеале во борбата за независност на Македонија. Затоа, се друго треба да ставиме на страна,да продолжиме консеквентно со основните правци во оваа наша стратегија во надворешната политика, да ја оплеменуваме, да ја доградуваме, да продолжиме со уште поголема активност по сите линии. Резултатот ќе биде Македонија да биде признаена. Во то сум јас сигурен. И, ќе биде се надевам до крајот на оваа година и членка на Обединетите нации, ако не направиме некоја крупна грешка.

(Аплауз)

Тоа е неминовно од проста причина што никој не може да го натера Македонскиот народ на било што друго од она што е негова дефинитивна определба да има независна, суверена држава.

Сега, кога последните ешалони на војска одат од Македонија и кога во понеделник или некој друг понеделник ќе бидеме меѓународно признаени бидејќи самостојни сме веќе и сега, потребно е да се демонстрира поголема смисла за сопствената држава, за почитување на нашите сопствени институции. Ние го немаме уште тоа чувство и однос на државност што се создало кај другите народи со векови. Ако отидете во Англија, во САД, Германија, чувствувате еден друг однос кон институциите. Тоа не е причина да не се критикуваат тие институции, работата на тие влади итн. Но, се знае што е закон, се знае што е устав, што се определени политички државни и други институции, но се знае и односот кон тоа. Без тоа ние ќе добиеме независна држава, но прашање е како ќе ја управуваме таа држава? Мислам дека таа смисла за сопствена држава и одговорност за овој историски чин е нешто што нашиот народ бара од нас.

Ние сме овде денес. Утре ќе бидат многу други луѓе. Но, нам ни падна честа и обврската да дојдеме до меѓународно призната сопствена држава. Не треба да го помрачиме тој чин и тој миг. Треба да го сочуваме достоинството. Тоа ќе значи и прекин со некои лоши спомени од нашата историја.

Благодарам.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и предлагам предложените заклучоци што се содржани во Извештајот на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство да ги усвоиме.

Предлогот на заклучоците ги ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (83)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека Предлогот на заклучоците се усвоени.

Сакам да кажам неколку зборови пред да завршиме со ова и да се договроиме понатаму.

Мислам дека денешната расправа беше многу богата, исто така и вчерашната. Мислам дека разликите што беа во најголем дел беа во рамките на една вообичаена демократска атмосфера, а некои искажувања, понесени повеќе од нпосредните партиски интереси, малициозности и злоби да ги што поскоро заборавиме. Бидејќи ние денес се наоѓаме пред едно извонредно предизвикувачко време и пред многу големи задачи, па ако понатаму паѓаме на испитот многу повеќе да водиме сметка за најтесните партиски интереси, за некое првоборство или овој или оној акт или незнам што или оваа или онаа реченица, ние, навистина не ќе бидеме на висината на задачата.

Треба уште еднаш, ако ми дозволите, да дадеме една заедничка оценка дека, усвојуваќи ги заклучоците на Комисијата даваме сестрана поддршка и на излагањето на министерот за односи со странство господинот Денко Малевски и на излагањето на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров.

(Аплауз)

Со тоа е дадена права квалификација на сите онеи напади што имаат за цел навистина да попречат во текот на меѓународното признаваше на Републиката и сите имаат добиено своја вистинска оценка што тие навистина значат.

Предлагам денеска да прекинеме со работа со констатацијата дека оваа точка ја завршивме со усвојување на Заклучоците.

Предлагам да продолжиме во вторник на 18 февруари 1992 година во 10 часот.

(Седницата прекина во 19,10 часот).